**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 декември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,38 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата, а пратениците кои сеуште не влегле во салата, ги повикувам да влезат во залата, зошто треба да почнеме со седницата.

Ги молам службите уште еднаш да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

Дами и господа пратеници ја отворам Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Љубчо Георгиевски, Владанка Авировиќ, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Флора Кадрију, Али Ахмети, Садула Дураку, Теута Арифи, Благој Зашов, Мирјана Секуловска, Борис Кондарко, Никола Ќуркчиев, Лазар Китановски, Неждет Мустафа, Иван Стоиљковиќ, Александар Николовски, Абдулади Вејсели, Данаел Дончев и Весна Јаневска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам службите уште еднаш да проверат точен број на присутни пратеници во салата, бидејки голема е разликата гледам само 55 пратеници.

На седницата присуствуваат 63 пратеници.

Констатирм дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од 67-та, 71-та, 74-та, 75-та и 77-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците. (Нема)

Констатирам дека записниците од 67-та, 71-та, 74-та, 75-та и 77-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Ве известувам дека господин Иван Анастасовски поднесе оставка на функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија и дека нема усно да ја образложи поднесената оставка.

Констатирам дека на господин Иван Анастасовску му престанува функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставм на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 . Сите 56 пратеници гласале за.

Воздржани и против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

**- Интерпелација за работа на министерот за економија, госпоѓа Вера Рафајловска.**

Предложениот денвен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, сите 59 гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Повелете господин Оливер Спасовски, процедурално.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, согласно договорот кој што е постигнат на координација, согласно одредбите од Деловникот, барам поддршка од 10 пратеници и предлагам денес да работиме до 21 часот за денешната седница. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Да ја видам поддршката. Благодарам.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 42 гласале за, воздржано гласале 3, против гласале 12 пратеници.

Според тоа констатирам дека предлогот на господин Спасовски е прифатен и вечерва работиме максимум, се разбира, до 21,00 часот, односно до 10 минути до 21,00 часот за да имаме време за гласање.

Правилата кои што се договорени на координација се следните. Пропорцијата на говорниците е два спрема еден во полза на опозицијата. Времето на говорниците е за сите еднакво максимум 20 минути.

Репликите се три реплики фиксирани. Нормално репликите, евентуалните реплики на министерот се бројат и зборовите што ќе ги побара се бројат како учество на позицијата.

Ве повикувам на остра и фер дискусија. Ви благодарам на вниманието.

Договорено е исто така по предлагачот на Интерпелацијата да земе збор министерот за економија во траење од 20 минути.

Исто така е договорено претпоследен да земе збор пратеник од позицијата, а последен пратеник од опозиција. И тоа е се.

Отворма претрес.

Процедурално госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам господин претседателе, мојата интервенција е во врска со член 42 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија и тоа поточно став 2, каде што вели, Интерпелацијата се поднесува во

писмена форма и ја потпишуваат сите пратеници штоја поднесуваат и треба да биде образложена.

Оваа е таа Интерпелација. (Ја покажува) која што содржи две страници. Меѓутоа, што се однесува до забелешките за работата на министерката за економија се однесуваат два става и јас ќе ви ги прочитам.

Министерката за економија, наместо да образложи кои беа критериумите наведени во тендерот за продажба на ТЕЦ-Неготино.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ова веќе е дел на расправата.

**Благородна Дулиќ:** Тврдам дека нема образложен предлог. Може ли да завршам. Еднаш сум излегла, постојано сте овде.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, нема потреба да се дига тон. Ве молам.

**Благородна Дулиќ:** Значи цело време во овој образложен предлог што се нарекува пишува за продажбата на ТЕЦ-Неготино и постапката во врска со тендерот. А во однос на дејствијата на министерката, воопшто нема ништо. И не знам за што ќе дискутираме денеска и зошто ќе дискутираме за Интерпелација, кога немаме ништо што и се става на товар да може да се расправа по ова прашање.

Според тоа, ако ви е намерата да зборуваме само за ТЕЦ -Неготино и што било и како било, а мислам дека вие ќе се придржувате и вие претседателе на Деловникот да не го дозволите тоа, туку да дискутираме само за работата на министерката.

Според тоа мислам дека навистина треба веќе еднаш да почнеме да работиме вака како што навистина доликува на едно Собрание. Благодарам.

Во одговор на оваа ваша процедурална интервенција, ќе ви кажам дека ние сметавме дека интерпелацијата е доволно образложена и затоа ја ставивме на дневен ред. Необразложени или некоректно напишани барања не ставаме на дневен ред. Тоа е барем рутина во овој Парламент. Според тоа, што се однесува до тематските ограничувања се знае Интерпелацијата е на министерот за економија. Тие тематски ограничувања не можеме да ги направиме во рамките на правилата на играта. Ние самопроцедурални ограничувања направивме во рамките колку ќе трае зборот, кој има право на збор, кога и така натаму. Ограничувањата никогаш ниту биле ниту ќе бидат предмет на координација, затоа што се нелегитимни. Освен ако не се шират во правци.

Ве молам, јас сакам уште еднаш да повторам.Не бил мој обичај, ниту обичај во Парламентот претседавачот да повика на сериозна и фер дискусија. Ова го правам само заради една причина. После вчерашниот имиџ што го оставивме, да не го расипеме сега. Да го држиме тој имиџ, на сите се обраќам рамноправно, тоа е барем јасно.

Отворм претрес.

Има збор еден од предлагачите.

Значи, по договор има збор прв Јани Макрадули 20 минути, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници, почитувана министерке за економија,

Интерпелацијата се поднесува за работата на одреден министер во делокругот што го врши и сега ако тргнеме за министерката за економија, ие секој ден треба да имаме интерпелација и за синот стечаен управник и за енергетската ситуација и за ТЕЦ-Неготино, така да, да не го карикираме Деловникот, тој се однесува на работата на министерот за економија.

За жал, иако помина релативно долго време од одлуката на Владата за поништување на сопствената одлука, сеуште нема никаква одговорност кон ни еден член на Владата на Никола Груевски за скандалозната приватизација на ТЕЦ-Неготино.

Затоа верувам дека денес конечно, некој ќе понесе политичка одговорност за настанот, кој во дневниот печат беше насоловен како, од инвестициски бум, до трагикомедија.

Иако јавноста прстот на одговорноста го имаше вперено и кон господинот Зоран Ставрески, сепак, политичката одговорност можеме и мораме да ја бараме за фактичкиот, а не фиктивниот министер за економија во Владата на Груевски, без разлика што двајцата се многу блиски.

Имено, господинот Ставрески во своето интервју во “Вест” истакна: не, многу се сакаме со Рафајловска. Видовте колку спонтано се изгушкавме со министерката на приемот за моето назначување за претседавач на Годишното Собрание на ММФ и Светската банка. А одигравме и едно танго. Затоа, зошто Вера, а не Зоран Ставрески. Министерството за економија се грижи, поточно треба да се грижи за енергетската политика во државата. Министерството за економија го распиша новиот тендер. Министерството за економија, согласно одлуката на Владата од 31 јули 2007 година е одговорно за инструкции при продажбата на акциите на ТЕЦ-Неготино. Министерството за економија преговараше со ХАЧ. Ова е тендер кој што беше наменет за строго одредена компанија, поточно бугарска фамилија во која министерот за економија и Владата донесоа низа скандалозни одлуки. И тоа: при оценување на комплетноста на понудите, при евалуација на понудите, при изјавите во јавноста, односно лажењето во јавноста, зачинето со меѓусебно обвинување на клучните луѓе во Владата.

Како врв на трагикомедијата е погрешната, да не кажам лажната информација што Министерството за економија ја достави до Брисел за приватизацијата на ТЕЦ-Неготино и ги стави европските дипломати во позиција да се потпишат на нешто што не е вистина и да стои тоа во Извештајот на Европската комисија за Република Македонија.

Моето образложение, или образложението на пратеничката група ќе го дадеме како хронологија на настаните.

Целиот циркус со оваа понуда, со овој тендер, започна со изјавата на министерката за тендерот за ТЕЦ-Неготино, цитирам, при поништувањето, не можам сега да ви кажам, ќе чуете вечер вести. Само министерката не кажа на кои вести ќе бидат соопштени причините, а кои никогаш не ги чувме.

Прво, пролонгирање на рокот. Министерството за економија реши да им даде на инвеститорите уште едно пролонгирање на еднаш веќе поместениот рок, 15 јуни и прифати новиот краен термин да биде 20 јули.

Од листата на 15 компании, кандидати за купување на ТЕЦ-Неготино, меѓу кои имаше и екстремно добри звучни имиња од областа на енергетиката, само 4 за жал, доставија понуда, бидејќи целокупната тендерска постапка беше крајно несериозно спроведена.

Од четирите компании кои доставија понуди, единствено победникот е целосно непознат.

Второ, што беше во предвечерјето на отворањето на понудите. Смени во МЕПСО, ТЕЦ-Неготино, тендерската Комисија. Атанаско Туневски, директор на Државната компанија МЕПСО е разрешен по предлог на Владата.

Имаше предлог да се разреши уште еден член на Комисијата, директорот на ТЕЦ Неготино, Митко Јовановски, но тој од непознати причини сеуште е актуелен директор. Симеон Узунов, овластеното лице на Минситерството за економија за комуникации во врска со тендерот на ТЕЦ Неготино, еден ден по официјалното отворање на 20 јули поднесува оставка. Потоа, второстепената комисија го менува својот претседател, на местото на Љубомир Павловски, адвокат кој бил разрешен на негово барање е поставен адвокат од Охрид господинот Владо Дудан. Потоа, се најавува победникот, критериумите согласно изјавата на Зоран Ставрески, критериумите, условите на тендерот се познати, само има критериум единствен 70% цената. 31 јули во вечерните часови Владата носи одлука. Зачи, Владата на Република Македонија на 31 јули носи одлука за продажба или приватизација на ТЕЦ Неготино на седница на која што биле присутни сите, иако се одвивала во вечерните часови. Одлуката се обидува во тој момент да се прикрие со обидот за одредување мерка притвор на еден пратеник и со најава за зголемување на пензии и плати. На 6-ти август Владата тоа го демантира со изјава на портпаролот Ивица Боцевски дека Владата не сака да дефокусира со обидот за притвор, туку цитирам:"многу остро сака да го фокусира вниманието на продажбата на ТЕЦ Неготино". На 1 август прес на Владата, сликани тенденрската комисија, зборува Зоран Ставрески, на прашањата одговараат и други. Конзорциоумот составен од четири компании цитирам: "дава најдобар бизнис план и најдобра перспектива за изградба на ТЕЦ Неготино и за придонес на енергетскиот систем во Македонија. На прашањето дали Владата ќе учествува во ова. Одговорот на прес конференција од страна на Владата е, ние не можеме да учествуваме финансиски во еден ваков објект. Така зборуваше Владата на 1 август кога ја продаде компанијата на бугарскава фамилија. Ние не можеме да учествуваме финансиски во еден ваков објект, а од друга страна ни е потребна енергијата и затоа ја продаваме ТЕЦ и го обврзуваме тој што ќе го купи нам да ни ја продава електричната енергија во првите четири години по цени утврдени од Комисијата. Денеска сите сме сведоци дека тоа на 1 август што го мислеше Владата денеска мисли поинаку. Зошто требало да се прикрие одлуката и зошто тогаш настанаа најавите за зголемени плати и пензии, се одредуваше мерката притвор. Покрај немањето на потребните документи во договор со оние што требаше да ја добијат термоелектраната Неготино беше направено бодирање на понудите надвор од пропишаните услови на тендерот. Имено, како клучен критериум се зема зголемувањето на моќноста, на постоечката снага на термоелектраната Неготино иако тоа не е услов за оценување. И сосема е јасно дека единствено владиниот понудувач навел дека ќе го зголеми капацитетот на постоечката централа од 219 на 350 мега вати, а останатите учесници не дале понуда, бидејќи тоа во тендерските правила не се барало. Во тендерот никаде не пишува дека еден од критериумите ке претставува и промената на инсталираната моќност на постоечката централа. И затоа од кога виделе дека за цената компанијата Сенкап ќе добие 70 бода, а компанијата Хач што требала да победи на тендерот само 63, 61 бод, а по моќноста на новиот објект биле изедначени, морало да се премине на трик,а тоа е да се бодува нешто што не било услов на тендерот. И тоа го прават под наводно бизнис планот. Но, сите знаеме дека е тоа нешто што не се барало да се бодува, а тоа е зголемената моќност на постоечкиот објект, иако и тоа што е наведено е погрешно дека може толку многу да се зголеми. Да биде светлината поголема на матните зделки, понудувачите знаеле дека Владата преговара, само не знаеле дека таа неуспешно преговара за враќање на дел од клириншкиот долг преку крак кој ќе оди од Ранковце кон ТЕЦ Неготино. Зошто Владата преговара со Русија за враќање на клириншкиот долг за крак кон приватна компанија. Иако знаеме дека господинот Ставрески ке одеше во март, па ке одеше во јуни, па на почетокот на ноември ке одеше, ама никако да се случи тоа потпишување на клириншкиот долг. На 5 август СДСМ излезе на прес конференција со аргументи и праша, кој е победник, кој стои зад ова, каква е улогата на поранешниот министер за енергетика Мирослав Севлиевски, сега по познат по аферата со местењето на фудбалските резултати во купот на УЕФА, меѓу еден македонски клуб и неговиот клуб од Бугарија и ги повикавме државната комисија за спречување на корупција и јавното обвинителство да преземат мерки. Од тој ден 15-

тина дена имаме масовни обвинувања од страна на Владата, од тоа дека мириса на конструкција на очајниот Социјалдемократски сојуз, дека светот функционира поинаку и дека во светот функционираат документи итн. И од еднаш се појавува сопственикот на Хач, односно преку маркетинг директорот Том Рид и кажува дека канадски Хач нема никакви инвестиции, не знае што се случува во Македонија. И тогаш, започнуваат и одговорите и од страна на министерката. На 1 август цитирам: "Штом изминат роковите за жалба, веднаш ќе биде потпишан договорот за преземање на ТЕЦ". На 18 септември изјава на министерката: "нема никакви пречки да се потпише купопродажниот договор за ТЕЦ". "Доцнењето на потпишувањето е поради годишните одмори", изјава на министерката. Тендерот бил спроведен правилно и дека Сенкап била прво рангирана по цената Хач според останатите барања на тендерот, изјава на министерката. Но, тогаш, се јавуваат Европската банка за обнова и развој, прашања поставува Стеј Департментот и медиумите за што уште еднаш да изразам голема благодарност се приклучуваат на прашањата што ги поставува СДСМ. И потоа следуваат контрадикторните изјави на владините преставници. Рафајловска вели цитирам:"има претседател на тендерската комисија, сите прашања до централата треба да бидат упатени кај него. Надвор од тндерот, надвор од условите на тендерот почнува да се преговара со компанијата, да се бараат дополнителни аргументи кои што морале да ги имаат. Во тендерските услови стои дека мора да има краток опис на коорпоративната структура на надавачот и неговите бизнис активности, во случаи надавачот да е конзорциум треб да се достави информација за секој член на конзорциумот и да ја дефинира улогата на секој член на конзорциумот. А во точка 14 да постојат документи при понудата со договор на конзорциумот, или друг конститутивен акт потпишан од авторизирани потпишувачи и статутарен документ за секој член на конзорциумот. Зошто министерката ги побара овие информации во јавноста на 20 септември, ден после влијанието на Стеј Департментот и на Европската банка за обнова и развој, документи што морала да ги има пред 20 јули за да понудата биде евалуирана, или понудувачот биде ставен воопшто во игра. Затоа понудувачот требал да биде елиминиран, а не да биде победник. Покрај тоа во тендерот кој го распишува Владата пишува дека инветиторот има просечен обрт на средства за последните три години 400 милиони евра годишно, или кумулативен профит за 200 милиони евра годишно. Ова се податоците на компанијата Фајненс инжењеринг со потпис на Генади Табаков. Во 2004 година компанијата покажува 14 милиони лева, или околу седум милиони евра. Како стигнавте до 200 милиони евра да му ги побудате на компанијата дека има таков капитал, или таков обрт? Одлуката за поништување следува по тоа и нормално премиерот тогаш се обидува да ја смири ситуацијата како и секогаш дека тој не знае што се случува, но ќе ја испита Владата што се случува иако на 31 јули, во октомври прашавме дали министерката била на седницата, дали премиерот бил на седницата кога се донела одлука за приватизацијата на ТЕЦ Неготино. Она што е факт, а тоа е дека компанијата Хач која е тесно поврзана со целиот овој тендер не дава жалба на тендер што го добила, не дава жалба на тендер што ја чини помеѓу 230 и 335 илјади евра. Даде жалба во минатата година. Но, сега не дава жалба на тендер што го добила и што ги започната инвестициските активности и нарачала планови за преработка на термоелектрната, односно за трансформација на котелот. Затоа тоа е уште еден факт, потврда дека Хач е во тесна врска со Владата. Нема политичка одговорност, нема кривична одговорност. Не дознавме, кој како гласал на седницата на Владата. Единствениот коментар од министерката беше дека ќе поднесе кривична пријава дека не била член на тендерската комисија. На 1 август само се сликаше со тендерската комисија. На 31.10 министерке ве повикувам на изјавата на Ивица Боцевки портпарол на Владата за да не мора да го носиме дечкото на суд како сведок. Одговарајќи на прашањата Боцевски подвлече цитирам:"Тендерските услови биле исти како и за секој друг владин тендер". Според него тендерската комисија во која членува министерката за економија Вера Рафајловска со која претседава вицепремиерот Зоран Ставревски, при донесувањето на препораката до Владата ги имала предвид, како што рече настанатите околности и енергетската стабилност на државата.

Иако, клучниот повод за интерпелација, претходно наведената енергетска стабилност е посебна тема, за која министерката треба да сноси одговорност, никогаш до сега во Република Македонија немало ваков аматеризам, импровизации и неизвесност со енергетската политика и стабилност. Афери, незадоволни компании, било странски, било домашни, посебно неизвесност кај граѓаните што ќе се случува од 1 јануари 2008 година.

Министерката Рафајловска покажа дека нема никаква контрола врз случувањата во енергетскиот сектор. А сеуште, од некои свои лични причини се решава да остане минситер за економија, кој го покрива тој ресор.

Затоа на 15 јуни 2007 година ќе изјави: "на Македонија не и се заканува енергетска криза, за што есенва трите блока на РЕК Битола ќе работат со максимален капацитет". Да ве потсетам, РЕК Битола испаѓа оваа година колку сите 30 години наназад,што не испаѓал тој систем. Или пак, тендерот за мали хидроцентрали. Во јуни 2007 година беа избрани компаниите кои по објавениот тендер се стекнаа со право за користење на водените ресурси. Денес е 4 декември, а победниците на тендерот, сеуште го немаат добиено за потпишување договорот за концесија на вода.

За период од 6 месеци, неуспеавте да изработите договор за концесија на вода. За вас, побидно беше да поставите партиски кадар за директор на Агенцијата за енергетика, за кое место со ВМРО-ДПМНЕ, се каравте повеќе од една година. Да не зборувам за ТЕЦ-Осломеј, работење кое го крарактеризира партизација, аматеризам, неспособност и криминал. Био горивата, дали е исполнета динамиката со која најавивте дека еко дизелот ќе ги супституира обичните горива до 2,5% докрајот на годината.

Денес е 4 декември, еко дизелот ги супституира обичните горива во износ од 0%. Или пак, случајот со непотизам и со одлуката за стечајниот управник. Или најновиот, предлагате закон за кој што не се согласувате. Едно типично однесување на вашата партија, или лидерот на вашата партија. Не се согласувате со закон, тоа го кажувате во јавноста и гопредлагате на Собранието. Кои се тоа интереси што ве држат на фотељата за да предложите закон со кој што не се согласувате.

И на крајот, Европскиот Извештај. Не само заради ТЕЦ-Неготино штопишува. Ако го погледнете Извештајот на Европската Комисија за Република Македонија во делот на енергетиката, првото поглавие завршува со: во оваа област земјата не е доволно подготвена. Четвртото поглавје завршува, во оваа област земјата не е доволно подготвена. Петтото поглавје, подготовките во оваа област се во тек. Шестото поглавје завршува, во оваа област земјата не е подготвена. И сумарниот заклучок, се на се, земјата не е доволно подготвена.

Зарем не чувствувате дека не само заради ТЕЦ - Неготино, заради најкритичниот дел, делот на енергетиката штопостои во Извештајот на Европската комисија каде што серија на критики има за работењето на Министерството за економија, не само што треба да се подржи оваа интерпелација, туку вие треба да чувствувате личен чин на одговорност, после ваков Извештај од Европската комисија, да се повлечете. Не ја префрлувајте вината дека се други одговорни, вие сте фактички, минситер за економија. Ако ја префрлувате вината на други, тогаш значи вашиот личен интерес и интересот на вашата компанија се над интересите на граѓаните и затоа, во енергетскиот сектор во Македонија имаме колапс и хаос.

Затоа апелирам до парламентарното мнозинство со аргументи да разговараме. И очекувам интерпелацијата да биде поддржана.

Вие треба да чувствувате личен чин на одговорност и после ваков Извештај од Европската комисија да се повлечете. Не ја префрлувајте вината дека се други одговорни. Вие сте фактички министер за економија. Ако ја префрлувате вината на други, тогаш значи вашиот личен интерес и интересот на вашата компанија се над интересите на граѓаните и затоа, во енергетскиот сектор во Македонија имаме колапс и хаос.

Затоа апелирам до парламентарното мнозинство со аргументи да разговараме и очекувам интерпелацијата да биде подржана. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурални интервенции имаат Андреј Жерновски, Горан Мисовски и Ружди Матоши.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, се повикувам на член 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, нешто што до сега не сме го користеле. Меѓутоа, сметаме како ЛДП дека ова е повеќе од потребно. Имено, нема никакви дилеми дека ова е една мега корупциска афера и дека информацијата за оваа афера всушност прво дојде до Вашингтон, знаете дека Стеј Департментот официјално изјави преку својот портпарол, понатаму и до Брисел. Бидејќи имаме партија која што е дел од мнозинството парламентарно во Собранито на Република Македонија која што најави, мислам на Демократската партија на Албанците дека ќе ја поддржи оваа интерпелација, имаме информација дека и поединци членови на Парламентарното мнозинство сакаат да гласаат за смена на министерката која што длабоко, длабоко е инволвирана во оваа афера. Би сакал да побарам поддршка од 10 пратеници, меѓутоа прво да го прочитам членот 4.

Собранието за сите прашања одлучува со јавно гласање. Собранието со тајно гласање може да одлучува за избор, именување или разрешување на носители на јавни и други функции по предлог на претседателот на Собранието или на еден пратеник чие барање го поддржуваат 10 пратеници.

Од име на ЛДП барам поддршка од 10 пратеници и за ова разрешување да одлучиме со тајно гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Имате ли подршка од 10 пратеници?

Пред да го ставам предлогот на гласање, еве имам сигнализација од заменикот секретар дека ова е интерпелација, а не е разрешување. Во членот 4 пишува: разрешување. Значи, “Собранието со тајно гласање може да одлучува само за избор, именување, или разрешување на носители на јавни и други функции по предлог итн.”. Значи, овде се работи за интерпелација, за друга квалификација и затоа не можеме да гласаме.

Процедурално има господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседател.

Реално предлогот што го даде господинот Жерновски беше многу добар предлог и нашата парламентарна група го поддржува тој предлог, значи, да има тајно гласање доколку се разбира Деловникот тоа го дозволи. Значи, тоа е демократска постапка. Меѓутоа, откако внимателно го ислушавме господинот Макрадули кој што имаше долг говор, ние како парламентарна група сме заинтересирани да го анализираме неговиот говор и бараме еден час

пауза, а потоа да продолжиме откако ќе ги добиеме стенографските белешки.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам пауза од еден час.

(Пауза од 12,20 часот)

(По паузата)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците кои сеуште не ги зазеле своите места, да влезат во салата и да си ги заземат своите места, затоа што продолжуваме со седницата.

Продолжуваме со седницата.

Збор има госпоѓата министер, повелете.

Госпоѓо министер, да ве потсетам имате 20 минути за збор.

**Вера Рафајловска:** Почитуван претседателе на Собранието на Република Македоња, почитувани пратеници, дами и господа.

Иако повеќе ценам од оваа говорница да образложувам кои се бенефитите од донесување на закони со кои придонесуваме кон јакнење на правната држава или се приближуваме кон европското семејство, интерпелацијата како најдемократски чин ќе ја искористам најтранспарентно да ја информирам, поточно да ја потсетам јавноста за дел од она што како министер кој раководи со ресорот економија и како член на Тендерската комисија, одговорно го сработив.

Но, едно ми остана нејасно, како може најдомаќинската одлука што ја донела оваа Влада да биде повод за моја интерпелација. Како може мојот цврст став да не се продолжи долгата традиција на бескомпромисно раскрчмување на нашиот македонски имот, кој никој не си го донел од дома, па не е сам за себе и стопан и купувач. Тоа да биде за него причина и да ја доведе во прашање мојата досегашна работа, која ја извршувам со целосен интегритет, со цврсти принципи и неможност за дејствување по линија на мал отпор.

И, конечно, како може интерпелацијата да стигне од истата адреса од каде минатата година требаше истиот овој стратешки енергетски објект ТЕЦ Неготино да биде оттуѓен за смешна сума од 4 милиони евра и од никого да не се бара одговорност.

И понатаму, оваа интерпелација да биде упатена кај само еден член од Тендерската комисија за одлука која ја донела Владата на Република Македонија.

Почитувани пратеници, јас навистина не знам и не можам да сфатам зошто поединци одбиваат да ја слушнат вистината, која неколку пати ја презентирав во јавноста. И уште полошо, еден дел од нив бесрамно ја извртуваат. ТЕЦ Неготино е капитален објект, неговата приватизација не трпи грешки, бидејќи Република Македонија веќе нема време за грешки и онака до сега доста ги направи.

Една од нив во последен момент беше прекината да се реализира претходниот меѓународен тендер за продажба на ТЕЦ Неготино на кој беше понудена сума од само 4 милиони евра, сума која купувачите, дури и двојно би ја вратиле за само една година, а притоа беше изготвен и поразителен договор за Република Македонија, според кој државата ќе преземеше огромни обврски и ќе трпеше невидени последици од типот на оние што ги плаќаме за договорот за ОКТА, за кој според пресудата на Арбитражниот суд во Париз, Република Македонија треба да плати оштета од 53,4 милиони евра, долари плус камата.

Да потсетам само на уште една не толку дамнешна грешка, која Република Македонија ја чини само 22,5 милиони евра. Овој пат за купопродажба на ЕСМ. ПовеЌе од 22 милиони евра во корист на купувачот, а на штета на Република Македонија. Купувачот, се разбира, не е виновен, продавачот прифатил таква одредба, таквите купопродажби се третираа како деловна тајна, недопирливи за граѓаните на Република Македонија, како небаре да го продаваат личниот имот, а не објекти од огромно значење за државата и нејзината иднина. Притоа, во истите тие договори барани се само корпаративни наместо банкарски гаранции, а евентуалните судски разрешници би ги воделе странски и меѓународни судови. Токму таков беше и договорот, според кој сакавте вие што ја поднесовте интерпелацијата да го продадете ТЕЦ Неготино.

Почитувани пратеници, ова се бројки, пресуди, факти, од нив никој не може да избегаме. Во најмала рака е иронично она што се случува денес, бидејќи последниот меѓународен тендер за ТЕЦ Неготивно е чиста спротивност, на вашите купопродажни постапки, со кои ја распродадовте државата на штета на народот.

Прво, да ги расчистиме работите околу тендерската постапка и т.н. замајување на јавноста. Продажбата на ТЕЦ Неготино ја водеше Тендерска комисија избрана од Владата, составена од осум членови, а јас бев само еден нејзин член. Согласно тендерската динамика до рокот за доставување на понуди 20 јули до 16,00 часот понуди доставија четири квалификувани понудувачи и тоа СЕНКАП од Грција, ЕВН од Австрија, ВЕРБУНД од Австрија и Конзорциумот составен од Хач Ејкрс од Канада, Мот Мекдоналд од Велика Британија, Фајненс Инжинеринг од Бугарија и Јунит Инвестмент од Холандија.

Понудите беа отворени од Тендерската комисија во присуство на овластени претставници на понудувачите, а постапката беше следена и од овластен нотар, како и од претставници од медиумите. Содржината на сите понуди беше проверена според критериумите одредени со тендерските правила, усвоени од Владата на Република Македонија на 32-та седница на 21 март 2007 година.

Оценувањето на понудите се изврши од страна на Тендерската комисија на 30 јули 2007 година. За време на целата постапка Министерството за

економија ги реализираше заклучоците и одлуките на Владата на Република Македонија, поточно беше задолжена за техничкиот дел, а постапката е водена од Тендерската комисија избрана од Валдата.

На ред дојдоа понудите. Како што веќе знаете, ппонудата на ЕВН беше одбиена и не беше предмет на рангирање од страна на Комисијата, бидејќи не го исполнуваше условот од јавниот повик за минимална цена за 100% од акциите на АД ТЕЦ Неготино.

Во понудата на ВЕРБУНД се наоѓаше само писмо за намера и бизнис план, а нивниот претставник се произнесе дека ВЕРБУНД не е во состојба да достави понуда.

Значи, рангирањето ги опфати понудите на компанијата СЕНКАП и на Конзорциумот Хач Ејкрс, Мот Мекдоналд, Фајненс Инженеринг и Јунит Инвестмен.

Попчитувани пратеници,

Почитувани македонски граѓани,

Сакам да потенцирам дека во согласност со тендерските правила, понудите беа евалуирани според следните критериуми.

Цена понудена за акциите на АД ТЕЦ Неготино - максимум 70 поени.

Инсталирана моќност понудена за новиот производствен погон, изразена во мегавати - максимум 20 поени.

Деловен десетгодишен план за деловните активности на понудувачот во врска со АД ТЕЦ Неготино - максимум 10 поени.

При евалуацијата на деловниот план Тендерската комисија се осврна на сите аспекти, значајни за комплетниот енергетски сектор во државата, во моментот и во перспектива. Станува збор за чувствително прашање, кое не трпи претпоставки, туку стручна и одговорна работа, барање одговор на многу прашања, внимание на навидум ситни детали, кои можат да предизвикаат планини недоразбирања.

Секако, како член на Тендерската комисија инсистирав да се земат предвид и аспектите неопходни за приватизацијата за еден ваков значаен обид каков што е ТЕЦ Неготино. Ќе набројам само дел од нив, затоа што сметамд ека македонската јавност, а и вие почитувани пратеници како нејзини претставници, треба да ги знаете, за да не дозволите некој да се обиде да манипулира со вас.

Понуденото решение беше разгледано во услови на целокупниот електроенергетски систем, поврзаноста со останатите капацитети во Република Македонија, потрошувачката на електрична енергија, зиме, лете, дење, ноќе, како и условите за ремонти, испади во електроенергетскиот систем во Републиката, флексибилноста на решението и усогласеноста со потребите на електроенергетскиот систем во Република Македонија.

Од аспект на изводливост на бизнис планот, сериозноста во пристапот на приготвување на бизнис планот од повеќе аспекти, избор на гориво, можност за транспорт, квалитет на гориво со познати перформанси, складирање на нус продукти, депонија на јаглен, пепел, термодинамички план на работа, количини на произведена енергија, коефициент на искористеност на објектот, максимално искористување на расположивата инфраструктура.

Социоекономски придобивки, глобални придобивки од реализацијата на понуденото решение, вклучување на работната сила во работата на постојниот и работата на новиот објект, ангажирање на домашна градежна оператива, ангажирање на останати државни инфраструктурни објекти, железница, гасификација и сл.

Понудата беше разгледана и од аспект на задоволување на еколошките барања, имајќи ја предвид локацијата на термоцентралата. Од големо значење е заштитата на животната средина, како и третманот на количините на штетни честички, азотни оксиди, јаглероден двооксид и на други гасовити и цврсти штетни материи, третман на пепелта, рециклажа на истата, како и можноста за користење на природниот гас, како еколошко најприфатливо гориво.

Го земавме предвид и третманот на постојната инфраструктура по изградбата на новиот објект, максимална искористеност на постојната инфраструктура во функција на новиот објект, просторот за депонија, како и околниот простор, оптимално користење на водите на река Вардар за ладење на објектот, како и надградба, модернизација и искористување на постојниот објект после периодот на градба на новиот објект.

И последно, но многу важно, особено инсистирав да се прецизира прашањето за ладна резерва неопходна за Република Македонија која претставува обврска според меѓународните стандарди за сигурна и стабилна работа на енергетскиот систем на Република Македонија.

Ова е стратешко прашање, кое во договорот на претходната Влада остана да лебди во воздух како да е работа на некој друг, како да е нешто што дозволува поправен испит, а не елемент кој означува енергетска сигурност на македонскиот граѓанин. Но, за разлика од оние други министри, од некои други влади кои беа загрижени за лични бизнис зделки, да ги протураат под тепих важните прашања за некој друг утре да ги решава, додека се тие иљадници километри далеку од земјата, од која бесрамно профитирале, јас со полна одговорност, пред целата македонска јавност тврдам дека како министер нема да дозволам никакви профитерски игри на сметка на Македонија. Целиот мој работен век и животен сум во неа, немам резервна татковина и верувам дека само одговорен и домаќински однос кон неа

може да си создадема поубаво место за живеење за сите нас.

Од сите овие аспекти се раководам и како министер, се раководев и како член на Тендерската комисија. А, Тендерската комисија едногласно одлучи дека токму понудата на Конзорциумот Хач е најдобро изготвена понуда со 93,61 поен.

Иако финансиската понуда беше за 6,3 милиони евра помала од онаа на второрангираниот СЕНКАП 92,82 поени, станувааше збор за финансиски добро разработена понуда, со реална пазарна цена и добро осмислена и понудена инвестиција.

Ова решение од аспект на реализацијата беше најреално и беше без поголеми техничко технолошки, економско финансиски и еколошки проблеми. Предложената конфигурација на Конзорциумот беше врз основа на нова темроелектрана со капацитет од 500 мегавати на увозен високоенергетски јаглен. Новата термоцентрала ќе се состои од најмалку два блока секој со по 250 мегавати.

Исто така, во понудата на Конзорциумот е дадена опциај на ТЕЦ на гас, опремена со комбиниран циклус со една или две турбини на гас и систем за повторно користење на топлината од парните генератори што ја напојуваат постојната парна турбина на ТЕЦ Неготино, со моќност од 350 мегавати.

Реализацијата на проектот беше темелно разработена и поддржана со обемна документација, која е приложена кон понудата.

За разлика од прворангираната понуда, предлогот на компанијата СЕНКАП се состоеше во изградба на нов производен погон за производство со капацитет од 600 мегавати. Овој капацитет, според аналзите на енергетските експерти од Тендерската комисија и пошироко, е невозможен да се реализира во постојниот енергетски систем на Македонија.

Да беа барем малку заинтересирани за енергетската иднина на Македонија, поднесувачите на оваа интерпелација ќе се потрудеа да консултираат енергетски експерти во Македонија, а немаше да робуваат на својот политички вокабулар и ситнопартиски интереси.

За разлика од нив, јас како член на Тендерската кломисија, со месеци имав постојани консултациии со енергетските експерти, споредував мислења и целосно се посветив на оваа, комплицирана и чувствителна компанија, наполно свесна дека одговорноста секогаш има своја цена! Затоа што, импровицзации за Република Македонија и за македонските граѓани веe не се дозволени!

Но, да продолжам со хронологијата на настаните.

Само еден ден по оценувањето на понудите од страна на Тендерската комсија, на 30 јули 2007 година до Владата беше доставен извештај за резултатите од оценувањето на понудите на квалификуваните компании и Ранг листата за избор на најповолен понудувач. Владата го задолжи Министерството за економија да ги извести учесниците на тендерот.

Следниот ден, 1 август 2007 година беше испратено известување до квалификуваните понудувачи за резултатите од вреднувањето и од усвоената Ранг лист.

По периодот на одмор на Владата на Република Македонија, а на барање на СЕНКАП, Тендерската комисија на 29 август одржа состанок, на кој не се појавија претставниците на СЕНКАП.

Бидејќи договорот за купопродажба на акциите во државна сопственост на АД ТЕЦ Неготино беше финализиран и усвоен од Владата месец ипол порано, односно на 10 јули 2007 година. Владата, потенцирам Владата на 62-та седница одржана на 15 септември донесе заклучок, со кој го задолжи Министерството за економија да побара од Конзорциумот последни податоци врзани за компаниите, а во насока на винализирање на тендерската процедура.

Овој допис до компаниите што го сочинуваат Конзорциумот Хач Ејкрс Фајненс Инженеринг, Мот Мекдоналд и Јунит Инвестмент, беше доставен на 17 септември 2007 година од страна на Министерството за економија.

Значи, да појаснам уште еднаш, не станува збор за дополнителни документи или документи кои не биле прецизно пропишани во тендерските правила, ниту за документи ои понудувачите не ги доставиле на време, па не биле земени предвид при рангирањето.

Напротив! Станувааше збор за  последни податоци од типот на изводи, најнови состојби, од трговските регистри, изјава со колкав процент ќе учествуваат во акциите и изјава дека до колку термоцентралата не работи, ќе биде чувана како ладна резерва, според утврдениот режим на договорот.

Документи што ќе ја покажат актуелната состојба на Конзорциумот, пред потпишувањето на Договорот, што од ден на ден може да биде променета, односно станува збор за динамички менливи елементи. И да ја разрешам заблудата кај поднесувачите на интерпелацијата, најновите податоци ќе беа побарани и од СЕНКАП или од која било која друга компанија ако беше избрана како најповолен понудувач на тендерот.

Иако првичниот рок за доставување на бараните документи од Конзорциумот беше четири дена, Владата на 21 септември 2007 година ...

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам госпоѓо министер, привршувајте, завршете ја реченицата.

**Вера Рафајловска:** Владата, на 21 септември одржа седница со која што се пролонгира рокот.

Добро, после ќе одговорам на прашањата, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам госпоѓо министер.

Има збор господин Манасијевски Јован претпоставувам реплика, повелете вашите три минути за реплика.

**Јован Манасијевски:** Ние не сме дел од договорот.

**Љубиша Георгиевски:** Да, не се дел од договорот и Манасијевски е во право господине Макрадули, така е.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Сакам да го изразам своето длабоко разочарување од образложението на госпоѓата министер, затоа што од ова образложение се гледа дека вие, госпоѓо министер, не ја разбирате вашата функција.

Вашата одбрана е - зошто јас сум на тапет, кога јас сум само еден од осумте членови на Тендерската комисија.

Госпоѓо министер, вие сте министер за економија во Владата на Република Македонија. Според Уставот и според законите имате сопствени автономни надлежности што никој не може да ви ги узурпира. Ниту премиерот, ниту заменик премиерот.

За жал, што се случува во вашиот ресор во континуитет, госпоѓо министер?

Во континуитет, вашите надлежности се узурпираат од заменик претседателот на Владата, господинот Ставрески. И вие, во континуитет се занимавате со трошките од работата на Министерството за економија. А клучните одлуки, клучните процеси ги води заменик претседателот на Владата.

И, токму затоа, вие сте зрела за интерпелација и токму затоа јас и мојата пратеничка група ЛДП ќе гласа за вашата интерпелација. Затоа што вие сте само формален министер за економија.

Инаку, за конкретниот случај, за нас од ЛДП, сосема е јасно дека целата одговорност е на заменик претседателот на Владата господинот Ставрески, кој имаше задача технички да спроведе една активност на промоција на бугарско-руски интереси, од кои што беше финансирана кампањата од ВМРО-ДПМНЕ.

За жал, вие како министер за економија не ги извршувавте своите уставни и законски надлежности и не го спречивте тоа, госпоѓо министер. И сега, кога ни објаснувате - зошто јас, кога осум члена има во Владата, тоа за мене не е ништо друго освен најдобар показ дека вие не разбирате кое е вашето место во Владата.

Госпоѓо министер,

И на овој пример и на претходните 16 месеци од вашето работење, како што кажав, сосема е јасно дека вие сте формален министер за економија. Дали е тоа поради вашите лични капацитети или поради позицијата на вашата партија во Владата, меѓутоа вие не ги извршувате своите надлежности во согласност со Уставот и законите. Јас сфаќам дека можеби ви е тешко во Владата, во една Влада што е водена на авторитарен начин од премиерот, каде што гледаме од телевизиските преноси ве постројува премиерот да му реферирате, меѓутоа вие, како министер имате задача да се борите против тој начин на функционирање на Владата.

Да бидеш министер во Владата е нешто сосема друго. Покажете автономија госпоѓо министер. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика на госпоѓа Рафајловска, 60 секунди, повелете.

**Вера Рафајловска:** Жалам што не можев до крај да го изложам моето образложение, а ќе одговорам на сите прашања, подготвена сум.

Јас сум министер за економија и ако јас не застанев на ставот, вие знаете дека договорот не се потпиша. Значи, апсолутно не е точно тоа што вие го кажувате. Секој мој став јас јавно го кажувам и апсолутно не се согласувам со вашите тврдења. Тоа е едно.

Втора работа, сите објекти, енергетски и се што е во државна сопственост, тоа е сопственост на Владата на Република Македонија. Не е сопственост на Министерството за економија за да може да располага така како што сака. Токму затоа се формираат комисии од страна на Владата што треба да биде спроведено и тоа согласно на закони.

А, вашите размислувања, се ваши.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега на ред за збор е господин Никола Поповски.

Господине Никола Поповски ќе се сообразите со времето или ќе продолжите после паузата.

**Никола Поповски:** Имам само десетина минути, ако продолжите малку после 14,00 часот, ќе зборувам сега. Не би сакал да прекинувам.

**Љубиша Георгиевски:** Ајде, ќе одиме во едно, за 3-4 минути не е страшно. Да завршите оддеднаш, но не повеќе од 10 минути. Ќе ја продолжиме паузата за 5 минути.

**Никола Поповски:** Да, ќе одземам пет минути. Благодарам.

Почитувана госпоѓа Рафајловска, би сакал да ви дадам еден совет, всушност два совети.

Најлошото за еден политичар е кога ќе биде политички обвинет дека лошо ја води работата, да почне да објаснува како од 1990 година до неговото доаѓање сите ја воделе лошо работата и дека тој е дел од таа работа, а да не зборува за себе. Тоа не пали. Мислам дека вие интуитивно, немајќи доволна одбрана, се потпревте токму на тоа. Дури, колку што забележав, го обвинивте и сопствениот премиер за ОКТА, дека е криминализиран договор, во својот говор.

Второто, ќе ве замолам, вечерва да преспиете и утре сабајле, без тензија и нервоза да ја видите снимката на која ја додавте својата одбрана. Ако сте малку непристрасна ќе кажете оваа личност треба да си оди од Министерството за економија. Токму од вашиот говор.

Сакам да го посочам она што господинот Манасијевски сега го кажа. Во Законот за органите на државната управа во членот 20 пишува: “Министерството за економија ги врши работите што се однесуваат на ... помеѓу другото ... енергетиката”.

Јас, како пратеник во овој Парламент и другите сме ве избрале вас, согласно законите да се грижите за состојбите што се однесуваат на енергетиката. Тоа што вас, од нас избраниот министер без портфељ, преку одлуки на Влада ви се наметнал како претпоставен потпретседател и ви ги диктира одлуките во енергетиката, не ја изклучува вашата одговосност за состојбите во енергетиката. Како што гледате денеска и предлагачите не доставиле интерпелација за господинот Зоран Ставрески. На господинот Ставрески во животот му се довери една работа да ја заврши конкретно. Тој само ве координира. Една работа беше на чело, да го продаде ТЕ “Неготино”. И не успеа. Не само што не успеа, туку прво реши да ја продаде, па корумптивно не успеа да ја продаде, па ја поништи и на крај донесе одлука дека ТЕ “Неготино” не се продава. Толку за господинот Ставрески. Не се повикувајте повеќе на него. Првата работа што ја доби, ја заврши неуспешно. Сето друго се приказни за деца.

Проблемот е што вашите уставни надлежности сте му ги препуштиле нему, а вие имате одговорност и тоа во Собранието не поминува. Вие треба да ја сносите одговорноста за тоа што се случува во енергетскиот сектор.

Дозволете да кажам само неколку зборови што вам практично ви се случува во енергетскиот сектор.

Прво, да ве потсетам дека сме сега декември 2007 година. Дека во март 2010 година, до кога претстојат уште две години и четири месеци, ќе се распишат избори, ако одиме редовно, ќе се распишат некаде во јуни 2010 година. Вие сте на две години и четири месеци пред мандатот да ви истече, пресметајте колку сте во Владата и вие ништо не направивте за енергетиката во Република Македонија. Најгорливиот проблем што го имаме тука е недостиг на електрична енергија. Сите знаеме дека трошиме девет и нешто, а произведуваме шест милијарди киловат часови, па место вие да се заангажирате од почеток на мандатот производството во енергетиката да се покачи, вие направивте се да ја уништите таа шанса. Го поништивте еднаш тендерот за ТЕ “Неготино”, што ќе овозможеше сопствено производство во Македонија уште 3-4 милијарди и ќе ги решеше делумно проблемите во Македонија. После тоа решивте уште еднаш да го продавате. Заглавивте во корумптивни зделки. Се смееше целиот свет со нас. Целиот свет, од Канада, од Америка. Доживеавте Стејт Департментот нешто што никој не го доживеал да ви прати директна порака - поништете ја таа тендерска процедура што ја водите, затоа што ние сметаме таму работите не се добри и ви го кажа на прес конференција Стејт Департментот. Што очекувате повеќе?

И, ја поништивте. И, донесовте одлука сега уште посмешна. Со оглед дека не можат бугариве да ја добијат, нема да ја продаваме ТЕ “Неготино”. За двете наредни години вие нема да успеете да приватизирате ништо од ТЕ “Неготино”, а колку што гледам ниту почнавте да градите некој нов капацитет сериозен. Тоа што овде го кажувавте е потпишан од Владо Бучковски, тој Договор што го кажувавте во енергетиката.

Значи вие ја испуштивте вашата шанса во енергетиката. Идниве две години и три месеци ќе се бавите со ова што ни го зборувавте овде и ќе оставите Македонија без нов енергетски концепт, без нов енергетски капацитет. Тоа е проблемот. А не тука да ни кажувате, прво јас и не ве разбрав што зборувате. Го поништувате тендерот а 15 минути ни објаснувате дека бил во ред. Што не го продадовте ТЕ “Неготино” ако е во ред? Тоа е една таква конфузна политика во сферата на енергетиката што ја водите вие во Владата, на чело со господинот Груевски и Ставрески, што вас во клешти ве притиснаа тоа да го правите, што е тоа невидено.

Македонија сега е во енергетски безизлез. Наместо од почеток, како што направивте, сега ова сакам да ви го прочитам, ова е ваше, Инфорамација од Министерството за економија, септември 2006 година сте го доставиле до Владата, заклучок што сте го предложиле е - се потврдува ранг листата на понудувачите за продажба на ТЕ “Неготино” усвоена од Владата на 14 јуни 2006 година. Вие сте потврдиле. И после велите - Министерството за економија да ги заврши преговорите со ЕВН за условите во Договорот за купопродажба итн. После ве премислија од причини што ги кажа Манасијевски. Тука покажавте дека веќе немате сопствен концепт. Мислам дека покажувате многу често дека и како партија и како министер сте зависни од поголемиот брат во коалицијата. Тој си има свои интереси. Тука, вашиот капацитет и чесност да го работите за енергетиката тоа што треба, на некој начин завршува.

Искажавте лага во вашиот говор. Извинете што морам така да соопштам. Дека Македонија ја чини 22 милиони Договорот со ЕВН. Го објавивте на интернет. Не скаравте со ЕВН. Ваш проблем е. Вие мислите дека е сеедно. До сега, вие приватизиравте тие што ги поддржувате на грците Стопанска банка, на маџарите Телеком, меѓутоа некој приватизира на една од сериозните европски држави. Приватизирана ЕВН, австријците. Вие, со нив влегувате во војна.

И вас ве слушам овде, во војна. Македонија не ја чинеше 22 милиони евра Договорот со ЕВН. Ја чинеше 200 милиони што ги прокнижи во Буџетот од продажбата на еден мал дел од ЕСМ, а тоа е само дистрибуцијата.

Да ве потсетам, дека вие држевте прес конференции за премиерот кога се фалевте каде ви одат тие пари. И, немојте да изразувате овде

дезинформации дека ние сме платиле 20 милиони.

Не. Наместо да се продаде 225, билансите утврдиле дека се 200 милиони. Тоа е многу различно отколку дека Македонија вратила 25 од свои средства. Не се од свои средства. Тие се на ЕСКРОУ сметката во Народна банка. Вам ви е тоа добро познато. Добро е што го имате Договорот на веб сајт, да го видат сите. Меѓутоа, вие продолжувате.

И второ, од овде соопштивте дека сме давале привилегија на странски инвеститори како ЕВН. Па, госпоѓо министерке, пред една година вие ни предложивте Закон за слободни царински зони, економски зони за кои, со буџетски пари ги помагате странските инвеститори. Тоа вие го предложивте. И, пишувате дека секој кој ќе гради фабрика во Македонија, Владата бесплатно, половина милион евра хала ќе му изгради. Ќе му изгради хала. Тоа не се привилегии? Тоа е прашање кога ќе заврши оваа Влада, како ќе го толкуваме ние другите. Дали се привилегии или е нешто можеби во сферата на нешто организирано, на некој странски инвеститор да му се гради со наши пари бесплатна хала. Значи, не е толку лесно овде да изразувате сомнеж од една страна.

Има и други сомнежи. Токму вие, во закони ни ги вградивте привилегиите на странските инвеститори, со пари од Буџетот и сега ни соопштувате тука дека некој друг ги давал тие привилегии. И, тоа Законот го браневте повторно вие. Тоа што е идејата на ВМРО-ДПМНЕ, тоа што Ставарески ве притиснал, ниту се појавува да ги брани законите во Собраниево, ниту се појавува Буџетот да го брани, ниту пак дава извештај за тоа. Ниту пак не интересира оној кој сме го изгласале како без портфељ. Во Законот сте задолжени вие за тоа. Законот помина во Собрание со ваш потпис.

Можам да заклучам дека еден од сериозните проблеми со управување со ресорот е што вашата самостојност е загрозена, па дури и многу информации, извинете што ќе кажам, говорат дека не ви е загрозена самостојноста во раководењето само од повисоките луѓе во Владата, од коалициониот партнер, туку и од некои во многу поблиското опкружување, што не е само политичко.

Сакам да ви кажам дека деловната клима што ја гради вашето Министерство е проблематична, дека заради тоа не карате со сите странски инвеститори во Македонија и токму заради тоа, завршувам претседателе, токму заради тоа ви се случи во август, прв пат во историјата на независна Македонија, да имаме одлив на инвестиции во Македонија.

Не само што не можете да привлечете, овде се кара Ставрески со Шекеринска - не биле 120, биле 170. Прашањето е дали се 170 или милијарда. Вие дојдовте ветувајќи големи странски инвестиции, а не 120 или 170. Прашањето е за милијарда. Го одбивте ЕВН со 980 да го купите ТЕ “Неготино”. Овде ни соопштувате 4 милиони долари дека бил купопродажниот Договор. Тоа беше инвестициски договор. ЕВН вети дека 980 милиони долари ќе инвестира во ТЕ “Неготино” ако го добие за четири милиони. Вие ги одбивте.

Значи, вие, со деловната клима имате проблем и затоа домашните инвеститори од Македонија во август инвестираа во странство 15 милиони евра, во држава што има 17% БДП инвестиции.

Треба да се запрашате зошто нашите инвеститори, во вашата деловна клима, како министер за економија, почнаа да се плашат со инвестиции во Република Македонија и бегаат во странство. Во Албанија, на Косово, во Бугарија. Се плашам набрзо да не почнат и во Германија, во Франција итн.

Завршувам уште само со, нема да повторувам, нашиот координатор тоа одлично го образложи овде со аргументација, со читање. Ако го прочитате Извештајот за напредувањето на Македонија кон Европската унија, што е негативен, вашиот дел е понегативен од вкупниот извештај на Европската унија. Вие можете до утре да ни држите лекции колку добро работите, јас ја гледам иднината како пратеник. Не гледам дека вашиот ресор мрднал на патот кон Европската унија.

Затоа мислам дека, не само што интерпелацијата е нужна, туку еве, за прв пат откако постои овој Парламент во овој состав, ќе се согласам и со ДПА, мислам дека вие заслужувате да ви се изгласа интерпелацијата и особено со настапот што го имавте овде, зборувајќи за минатото, наместо за иднината. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Прекинуваме со работа за ручек, а ќе продолжиме со работа во 15,07 часот.

Следниот говорник ќе биде Слободан Најдовски.

(Пратениците отидоа на пауза во 14,07 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,17 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

Следен за збор е господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседател.

Почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана госпоѓо министер за економија.

Дозволете ми да го изнесам и мојот став и ставот на пратеничката група на ЛДП во однос на интерпелацијата за госпоѓа Рафајловска, министер за економија.

Искрен да бидам, на почетокот кога беше поднесена интерпелацијата за госпоѓа Рафајловска, се двоумев и се прашував дали е само госпоѓа Рафајловска виновна и дали само таа треба да ја поднесе одговорноста за криминално коруптивниот тендер при продажбата на ТЕЦ Неготино. Се прашував зошто главните креатори на тој тендер, господинот Ставрески и

господинот Груевски, успеаа целокупната одговорност преку успешниот ПР и менаџирање во јавноста да ја свртат одговорноста кон министерката госпоѓа Рафајловска, иако се тие, убеден сум, главните креатори на тој тендер за продажба на ТЕЦ Неготино на фирмата ХАЧ.

Денес после образложението кое што го даде госпоѓа Рафајловска не како своја одбрана, туку како свое мислење во однос на интерпелацијата, дефинитивно е јасно дека таа е само еден дел од синџирот на одговорни за тој мегакорупциски скандал и дека со неа треба да започне разрешувањето на овој случај. Ако се потсетиме само на она што пред еден час го говореше министерката, таа во ни еден момент не рече дека нема пропусти во тендерот, дека тендерот не е скандал, туку цело време кажуваше дека таа е само една од осумте одговорни членови на Тендерската комисија и само еден од минситрите во Владата на господинот Груевски, која ја донесе таа одлука, а после тоа ја поништи.

Со самото тоа, почитувани колеги, точно лицира самата минситерка дека овој случај мора до крај да се расчисти и дека има одговорни за случајот на ХАЧ. Иако министерката се обиде дел од својата одговорност да ја пренасочи дека така било и во минатото и многу министри од минатите состави на владите имале проблеми при тендери, госпоѓо министер тоа не ви е аргумент и немате поткрепа. Само Ќе ве потсетам, кажете ми еден тендер при продажба на фирма кој во периодот 2002-2006 година имаше таков скандал. Беа продадени сите рудници кои ги затвори Владата од 1998 до 2002 година, ни една жалба немаше за тие продажби. Го знаете случајот за “Бучим”, од пропаднатата фирма на нов тендер, како денес одите и се сликате сите вие дека успешно сте ги отвориле рудниците, така што тој аргумент не ви држи.

Но да се вратам на она што е предмет на расправата. Според мене во дава дела може да се лоцира одговорноста на министерката госпоѓа Рафајловска за изгласување на оваа интерпелација.

Првиот дел е учеството и една од одговорните во случајот ХАЧ и вториот дел е неснаоѓање или незнаење во извршување на функцијата министер за економија. Дозволете ми за двата дела да се осврнам.

Прво околу ХАЧ. Министерката во своето образложение ќе рече: “не сакав да склучам договор како ОКТА, па да плаќаме штета”. Госпоѓо министерке, знаете ли кога беше склучен договорот за ОКТА? Од истите луѓе со кои денес вие седите во Влада, од ВМРО-ДПМНЕ. Знаете ли кој беше министер за економија, тогаш за трговија? Сегашниот премиер Никола Груевски. Па кога ја донесувавте одлуката за ХАЧ, не се сетивте дека на ист начин сега сака повторно да најде кој ќе склучи таков корупциски договор, или сега ви текна?!

И ќе ви порачам, како најодговорна, расчистете го до крај случајот ОКТА. Тоа е во ваша надлежност. Ние како пратеници овде, иако пратениците од опозицијата покренаа за тоа да расправаме, но до ден денес парламентарното мнозинство што вас ве подржува, за тоа не сака да расправа.

Второ, рековте дека тендерот е неуспешен и не го потпишавте договорот, заради тоа што ќе имало штети по Република Македонија и како министерка сте инсистирале на ладна резерва, сте биле против профитерски интереси и ред други документи кои отпосле сте ги побарале. А ни кажувате дека Комисијата едногласно одлучувала, еден од тие 8 члена сте и вие. После тоа вие сте се консултирале со експерти. Каде бевте госпоѓо министер вие да се консултирате со експерти пред да ја донесете одлуката, или тогаш моравте да ја спроведете наредбата на наредбодавателот за доделување на ТЕЦ Неготино на фирма ХАЧ, која бог знае дали постои.

Се прашувате ли зошто Комисијата наместо вие да ја водите беше составена од највидните членови на ВМРО-ДПМНЕ, господин Ставрески, директорот на ЕЛЕМ, директорот на МЕПСО и не знам кои се по ред од тоа. Сите тие ги прикажуваат како експерти во јавноста и сите тие едногласно одлучуваат да ја донесат одлуката за ХАЧ, а после тоа кажуваат дека ќе било штетно потпишувањето на договорот.

Врз основа на сите тие консултации кои сте ги имале со експертите, Владата одлучила да го поништи тендерот - не госпоѓо министер, не дами и господа заради тоа. Тендерот беше поништен заради тоа што беше фатена Владата во мегакорупциски скандал и госпоѓо министер зошто не излезете во јавност аи да кажете дека тоа го направивте под притисок на меѓународната јавност. Од кого тоа го криете? Инаку, вие, готово, ќе го потпишете договорот.

Овде на оваа говорница при едно пратеничко прашање на господин Бучковски, господин Ставрески рече: тоа е најдобрата одлука што Владата на Република Македонија до сега ја донела. Наеднаш Владата ја поништува најдобрата одлука и наеднаш Владата носи одлука дека ТЕЦ не треба да се продава и ја убедува македонската јавност дека со тоа ги штити интересите на граѓаните на Република Македонија. За да штитите нечии интереси, тие интереси треба од некого да бидат загрозени.

Ве прашувам: кој ги загрози интересите на Република Македонија при продажбата на ТЕЦ Неготино? Ни еден од овие 120 пратеници. Ама вие и вашите 7 члена на Комисијата, и премиерот на Владата на Република Македонија ги загрозивте интересите на Република Македонија со продажбата на ХАЧ и сега ги штите интересите на граѓаните на Република Македонија од самите себе.

И стратешката одлука, од продажба за да остане натаму во државна сопственост, ХАЧ се менува наеднаш не заради нешто друго, туку заради тоа што не успеавте до крај да му ја дадете ТЕЦ Неготино на фирмата која што однапред ја имавте

договорено, дека тие треба да победат на тендерот.

Затоа господо министер немате странски инвестиции, затоа ни бегаат странските инвеститори. Колку рековте, 16-17 фирми вложија пари за да направат анализи, за да конкурираат на тендерот. Сега се прашувам, до колку тие тужат кој ќе ги плати тие штети. Повторно ќе кажете дека некој друг е виновен и дека вие не сте биле, односно се извинувам, премиерот не бил на седница на Влада ког асе донела таа одлука.

Затоа, во било која држава што има демократија, после еден таков мега корупциски скандал, не требаше да дочекате интерпелација, не требаше господинот Груевски да дочека некој да кажува дкеа министерката и господинот Ставрески се виновни за тоа. Господинот премиер требаше и двајцата да ве предложи за разрешување, да ги смени сите останати членови кои беа во Комисијата за тендерот. Во спротивно, се покажа дека штом не ве менува вас и сите членови, тој е на чело на таа скандалозна одлука за продажбата на ХАЧ.

Што се однесува околу вториот дел, за неснаоѓањето или незнаење во извршување на функцијата министер за економија, сметам дека сте директно одговорни од следниве причини: или не знаете да ја вршите таа функција или пак вие ги криете сите неуспешни економски потези на Ставрески и на Груевски. Ако вие сте се нафатиле на таква улога да бидете нечие покритие, тоа можете дома да си го правите. Како министер за економија тоа не може.

Од тие причини, вие треба да си заминете од функцијата министер. Но интересно е, ако е пак тоа внатре коалициски договор и за тоа треба да се испазари НСДП со премиерот за нешто друго со поголеми политички тежини, тоа е уште поопасно.

На госпоѓа Рафајловска треба денес да и изгласаме интерпелација заради тоа што целосно, во изминатиот период, отсуствува од спроведувањето на економската политика во Република Македонија. Ќе наедам само неколку примери. Примерот со ОКТА беше еден. Не може и не смее минстерот за економија да нема став по ОКТА во јавноста. Кажа дека ќе формирале некоја експерска екипа еднаш и на сето тоа се заврши. Се работи за повеќе од 50 милиони евра кои треба да ги платат граѓаните на Република Македонија. И вие не може за тоа да немате став до сега и не слушнеме  ништо од вас. Не може до сега да не го слушнеме вашиот став за новиот закон за енергетика. Во Република Македонија за тоа е надлежен господин Чингоски и тука ВМРО-ДПМНЕ мошне успешно си ја игра таа игра. Ние како ЛДП покренавме и има точка на дневен ред за формирање на Анкетна комисија за испитување на одговорностите на господинот Чингоски , но таа точка на дневен ред нема да дојде, тој ќе ги спроведува сите работи во енергетиката, а министерката Рафајловска ќе молчи. Не може госпоѓа Рафајловска да немате став зошто со новиот Закон за јавни набавки само струјата, нашински речено, ќе се увезува со непосредна спогодба, а се работи за 200 милиони евра годишно, повторно пари од граѓаните на Република Македонија, и за тоа госпоѓата министерка нема став, упорно се молчи во Министерството. Не може да немате став околу новиот закон за енергетика, ќе повторам, ког ауште во април овде на оваа говорница зборував, бевте присутна и вие, кога парламентарна делегација од Собранието на Република Македонија беше во Брисел и кога од господин Деблин, еден од најодговорните за енергетика во Европската комисија, беше укажано дека во Република Македонија се подготвува донесување на закон кој ќе ја врати Република Македонија назад во енергетиката. И вие упорно за тоа молчите, ставот на Владата беше дека нема такво нешто. Министерката за економија на која тоа и е во директна надлежност и за тоа прашање нема став.

Не може госпоѓа Рафајловска да немате став за испадите на енергетскиот систем и да не се искажете во јавноста, дали тоа има или нема врска со укажувањата дека некој заработува воприватен џеб од увозот на струјата и затоа се честите испади на енергетскито систем. Од вас до ден денес за тоа збор немаме слушната.

Ова се само дел од работите за кои што ви кажувам дека не сте ги презеле, не сте го изнеле своето мислење, немате став, а штом немате став, значи не работите на таа проблематика.

Има две работи кои што ги направивте: Првата е Законот за трговија и фискализацијата на пазарите, кој што сега не се спроведува, а за кој што овде упорно ви укажував дека не е добар закон. И уште една работа направивте, која е надвор од овој Парламент, а тоа е што донесовте Правилник за хомологација на возилата, дека објектот треба да биде 10 км. надвор од населено место. Такви во Македонија има две, Криволак и Маријово, таму ќе се врши според тој ваш Правилник хомологацијата на возилата. Во тие две работи се завршува целокупниот ваш успех. Затоа, несекогаш треба да гласаме интерпелација за некој минситер заради тоа што само погрешил, туку заради тоа што не направил ништо во својата област за која што е надлежен.

И на крајот, госпоѓата министер Рафајловска треба да си оди заради тоа што беше учесник во скандалозен тендер, заради тоа што не раководи со ресорот економија во Република Македонија, заради тоа што не се снајде на функцијата и служи само за покривање на лошите потези на Ставрески.

Очекувам дека пратениците во Собранието на Република Македонија ќе гласаат за интерпелацијата и ЛДП ќе ја подржи интерпелацијата за госпоѓа Рафајловска, ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарма господине Најдовски.

За реплика се јави министерот за економија, повелете.

**Вера Рафајловска:** Благодарам.

Господине Најдовски, тоа е ваше уедување. Јас само сакам да напомнам дека вие погрешно протолкувавте, можете да ги видите стенографските белешки или било што дека јас не ги делам договорите дали е за ОКТА или е некој друг договор и во кое време е склучен. Јас зборувам за оние договори за кои Република Македонија трпи штета. Својот став за договорот со ОКТА го имам, но едно сакам да кажам: треба да се внимава кога се договараме. Тоа значи дека при договарањето треба да отвориме, што вели народот, четири очи. Откако ќе се договориме тоа значи тоа е облигаторен однос, ние мораме да ги почитуваме тие одредби. Токму заради тоа и ни приговараат странците и сите. Значи она што е, и она што е прекинат договорот, за што е покрената постапка пред арбитражата во Париз, тоа е затоа што не се почитувал договорот и не именувам веќе од која Влада, тоа ваше ќе биде.

Втора работа, дека не се снаоѓа на фукцијата, тоа е ваше мислење, јас тука не можам да коментирам.

Што се однесува до ладната резерва, јас мислам дека ви кажав не од после, туку точно за целото време на договарање и целото време на разгледување на постапката, се разгледуваше прашањето за ладната резерва. Многу сериозно прашање, а не отпосле. Значи тоа не ви е точно.

Второ, што се однесува до ТЕЦ Неготино не се згреши бидејки не се потпиша договорот.

И трето, не е точно дека тоа е направенопод притисок на меѓународната јавност. Ако ме следевте и низ средствата за јавно информирање, упорно од почетокот го кажував својот став и тука не сакам да кажам дека имало притисок на меѓународната јавност, туку согледување на фактите кои не држеа.

Понатаму, она што го кажувате дека со новиот Закон за енергетика - јас исто така го кажав својот став за делови со кои не се согласувам. Тој Закон, или Предлог или Нацрт е даден и до Европската комисија, даден е до УСАИД, даден е и до Светската банка, тие ќе дадат свое мислење и тие нивни мислења ќе бидат добредојдени за нас, а мислам дека ќе го подржат мојот став.

Што се однесува до Законот за јавни набавки не е надлежно Министерството за економија, тој го носи Министерството за финансии. Меѓутоа, тој се работеше заедно со консултанти или експерти од Европската комисија Сигма групата.

Значи, она што се работи во испадите на енергетскиот систем сакам да ви кажам следно дека 30 години ништо не работевте во делот на енергетскиот систем. Дека Република Македонија нема стратегија за енергетскиот систем и сега не е коректно да се зборува за тоа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Рафајловска.

Една минута за контра реплика има господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо министерке зошто ми велите 30 години не работевте, па вие и вашиот претседател на партијата сте 30 години на власт во оваа држава, јас не сум. Јас не можам да бидам 30 години.

Второ прашање, велите милење за законот чекате и тоа ќе се види откако ќе дојде мислењето. Госпоѓо министерке, законот е во собраниска процедура влезен. Ние ќе го донесеме за да добиете мислење.

Трета работа, велите за цело време на договарањето за продажбата на ТЕЦ сте аплицирале на ладната резерва. Благодарам.

Признавте дека сте се договарале цело време, а кој ви дозволува за време додека трае постапка на тендер да се договарате. Тоа е најстрого забрането по сите меѓународни правила и узанси госпоѓо министерке. Ако веќе сте се договарале толку зошто тогаш ја донесовте одлуката кога во самиот договор не сте го постигнале тоа ваше барање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Реплика од три минути за господинот Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Господине Најдовски, во вашата дискусија рековте неколку пати дека се работи за еден мегакорупциски скандал кога кажате за ТЕЦ Неготино. За мене не е така затоа што таква продажба не се изврши.

Владата имаше сериозни намери да го продаде ТЕЦ Неготино, се знае од кои познати причини, меѓутоа, во текот на постапката се виде дека некои работи не се добри и не се во интерес на државата Република Македонија. Затоа по првичната намера да се продаде ТЕЦ Неготино се откажа од таа намера.

Инаку, идеите беа да се продаде за една солидна цена која знаете дека цената изнесуваше што беше дадена на Хач околу 64 милиони евра, за таа цена вие велите дека е голем корупциски скандал, а не е скандал тоа што вашата Влада пред изборите ја продаде ТЕЦ Неготино за 4 милиони евра. Значи, 16 пати поголема цена доби оваа Влада на тендерот и тоа е за вас скандал, а не е скандал тоа што сакавте вие да ја продадете за 4 милиони евра. Каде е овде логиката? Меѓутоа реков дека Владата во текот на постапката оцени дека некои работи не се добри, не се во интерес на државата и затоа донесе една таква државничка одлука да го стопира тендерот и да остане ТЕЦ Неготино во сопственост на државата. Тоа е за поздравување. Тоа не е причина да се бара интерпелација на еден таков министер.

Понатаму, дали според вас не е мегакорупциски скандал продажбата на Електростопанство на Македонија за 225 милиони евра кога знаеме дека имаме еден штетен договор, кога државата мора да враќа 22 милиони евра, односно 10% од цената на продажбата на Електростопанство на Македонија. Дали ова, според вас, не е

мегакорупциски скандал? Според мене и според граѓаните на државата тоа е сепак голем скандал и е штетен за државата Република Македонија.

Ние пред неколку дена зборувавме овде за Извештајот на Европската унија и знаете дека имаме добри оцени и негативни критики. Добрите оцени беа пред се во поглед на економијата, дека овде имаме еден значителен напредок, а имавме исто така негативни или приближно негативни оцени во поглед на нашиот политички напредок. За среќа пред еден ден ние ги изгласавме оние закони по кои не оценуваат дека сме негативни и сега Република Македонија е на добар пат да влезе во НАТО.

Меѓутоа, според економските критериуми, вие знаете дека за оваа година се претпоставува дека ќе добиеме прв пат еден бруто домашен производ кој ќе биде некаде околу 6%. Тоа ќе биде прв пат во изминатите 16 -17 години. Тоа значи дека државата оди во праведна насока во поглед на економијата. Ова Министерство за економија и госпоѓата Рафајловска, не се одговорни само за областа енергетика, туку и за многу други кои ги реализираат и кои даваат позитивни резултати. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Една минута за контра реплика има господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** За многу работи за кои зборуваше колегата Пачемски ќе зборуваме кога ќе биде за буџетот и ќе види дека не е така како што тој зборува.

Второ, во извештајот на Европската комисија не пофалија за економијата за истите работи три години наназад не фалат. И за тоа ќе зборуваме кога ќе дојде време. Сега зборуваме за конкретен случај. Велите дека Владата донесе одлука со која ја прекина постапката.

Господине Пачемски, прилично ве ценам, една постапка завршува со донесување на одлука. Одлката е донесена за продажба на Хач. Тогаш Владата ги прекршила правилата. За Електростопанство на Македонија немаше ни една жалба при продажбата. Но, и за Електростопанство на Македонија ако е некој одговорен оваа Влада е сега и нека испита и нека најде одговорен и за тоа да се одговара. Никогаш нема да штитам било кој дали од моја партија, дали од коалициска партија, нема да штитам ако навлегол во корутивни дела.

**Бесим Догани:** Реплика има господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Би сакал да му реплицирам на почитуваниот господин Најдовски кој, користејќи го своето огромно политичко искуство, што сметам дека се обиде на интересен начин да ја изгради својата теза при денешната дискусија по повод интерпелацијата на минстерката за економија. Се обиде да вметне 6, 7 моменти на крив начин, значи ги претстави работите искривоколчено и врз основа на тоа го изгрди целиот случај за што тој смета дека министерката Рафајловска треба да заврши со обавувањето на својата функција.

Прво, да потсетам по ред. Случајот ОКТА. И министерката ви потенцираше, Македонија ги плаќа пеналите не заради договорот, туку заради непочитување на договорот. На крајот на краиштата еден од потписниците на тој договор е со вашата партија во коалиција, вие го носите на кампањи да зборува, да дискутира итн.

Второ, продажбата на Електростопанство на Македонија. Очигледно е посебно во последните неколку дена откако го видовме договорот, откако дознавме колку малку инвестира Електростопанство на Македонија и какви обврски односно ЕВН, какви обврски државата наследи со тој договор кој го водеа водачите на вашата и на вашата коалициона партија СДСМ и ЛДП. Видовме каков штетен договор, меѓутоа, разликата во што е господине Најдовски? Разликата е во тоа што оваа Влада немала намера да прави корупција.За тоа ја прекина постапката и за тоа не го продаде ТЕЦ, а вашата Влада отиде до крај иако граѓани протестираа, иако имаше и од експерти и од се, вашата Влада отиде до крај и го продаде Електростопанство на Македонија. Колку ја чини тоа државата секојдневно гледаме и секојдневно слушаме и од експерти и од граѓани на Република Македонија.

Исто така не ве слушнав да прокоментирате по однос на одлуката на претходната Влада да се продаде истиот капацитет за 4 милиони евра. Среќа што се случија изборите брзо и среќа што оваа Влада која сега е на власт ја поништи таа постапка. Инаку, до сега една година ќе беше ТЕЦ Неготино во сопственост исто така на ЕВН, меѓутоа, за 4 милиони евра. Коментар нема. И да се продадеше 61 милион во споредба со 4 милини како што кажа колегата Пачемски е многу голема разлика. Меѓутоа, оваа Влада немаше намера да прави корупција. За тоа ја прекина целокупната постапка.

Исто така, стратешката одлука дали да се продаде или не, господине Најдовски вие подобро ги познавате работите. Не зависи од тоа. Зависи од промената на цената на светскиот пазар на енергијата. Една цена имаше електричната енергија пред една година, друга цена имаше пред две години, трета цена сега, вие знаете зошто е донсена одлуката да не се продава ТЕЦ Неготино, да остане во државна сопственост.

Последно нешто, аргументот кој го користите во врска со изјавата на Стејт Департментот, значи не постоеше никаква изјава на Стејт Департментот, постоеше прашање од страна на грчки новинар. Јас вас лично не ве по знавам како човек кој носи симпатии спрема грците, некои посебни, иако можеби некој друг има. Меѓутоа, ако тоа се случи. . .

(исклучен му е микрофонот заради тоа што ги пречекори трите минути)

**Бесим Догани:** Една минута контра реплика за господинот Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Добро господине Димоски, со последната реченица ќе ми импутирате дека сум еден од надворешниот, а богами и внатрешниот непријател. Јас имам симпатии спрема секого кој е добронамерен.

Две работи сега ќе ви кажам. Велите дека со договорот за ОКТА е одлуката заради непочитување. Ќе ви кажам искрено добро што не се почитувала, штетата е сега помала. И оваа Влада сега не го почитува договорот со ОКТА за набавка на мазут, што значи дека исто постапува како претходната.

Второ, велите колку ги чинеше граѓаните на Република Македонија продажбата на Електростопанство на Македонија. Многу едноставно ќе ви одговорам. Толку за да се слика Груевски, Ставрески и од тие пари да ги враќаат тие долговир во државни резерви. Претходната Влада не ги потроши.

Третата работа што велите ако таа Влада сакаше да ја продаде ТЕЦ Неготино, таа донесе одлука, имаше време ако сакаше да ја продаде. Но, остави на наредната Влада. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Има збор господионот Веле Митаноски, повелете.

**Веле Митаноски:** Почитуван потпретседател, министер Рафајловска, почитувани колеги.

Денеска ќе се обидам, без да споменувам многу имиња, да објаснам една ситуација не поради онаа латинската (номина. . . ) што би кажал почитуваниот претседател Георгиевски да беше тука, туку поради намерата да ги убедам, ако можам, предлагачите на интерпелацијата дека овој чин го напрвиле во погрешно време и за погрешен субјект или адреса. Освен, се разбира, ако намерата не била да и се кажува на керката за да се сети снаата што во политиката и не е недозволиво. Меѓутоа, не би било по ферски, што би рекол мојот тригодишен внук Виктор, особено не ако некој сакал да тргне според онаа шаховската, па да жртвува една дама. Или што би рекол почитуваниот Макрадули зошто да играме танго кога можеме да играма ламбада.

Зборот ми е сепак не е по ферски нежните плеќи на една дама да се користат како алатка за пресметка со некои други. Вака измешано или измешани што би рекол Његош најдобро се пијат само пијалоците.

Ќе ми дозволите сега малку да го коментирам текстот. Што, испишан на една страница би требало или се нарекува интерпелација. Се разбира со сета почит кон предлагачите, ама тоа мене ми личи на еден анкетен лист кој поставува прашања ама не имплицира одговори. Бидејќи новинарството ми е професија овој текст ми е некако многу близок, но само од аспект ако го искористам како основа за некој коментар или на некого да му испратам прашања како соговорник, па тој да ни испрати одговори. Ајде сега да видиме што од овој текст може да се дефинира како аргумент. Тука има две претпоставки за Владата. Цитирам: Сите информации говорат дека Комисијата не се придржувала кон тендерските правила, што можеби е така односно дека цитирам: постојат сериозни индикации дека се работи за нетранспарентна и коруптивна продажба, што ете можеби пак е така, ама овде не гледам одговорност за ќерката. Ако алудираме на снаата, тогаш ништо од бизнисот. Барем не за овој повод.

Е, сега кои се аргументите “притив керката”. Ќе цитирам: почна да ја замајува јавноста со прашања кои морале да бидат дадени и познати во фазата на одлучување. Ако е ова аргумент, тогаш не знам за што зборуваме. Фазата на одлучување е процес кој завршува со потпишување на договорот. Министрката тоа не го направи, напротив, покажа став, се изложи себе си на ризик и кажа: се додека не сум убедена дека со договорот не се загрозуваат државние интереси, јас нема да го потпишам договорот. За што сега ние говориме? За аргумент во прилог на политичкиот дигнитет и суверенитет на министерката или пак во прилог на нејзината штета. Јас навистина не се разбирам во тендери, но се разбирам во јавноста. По овој случај целата јавност застана зад министерката. Се што подоцна се случуваше и одеше во прилог. Или што би рекла една колешка од една телевизија се само бели бумбари. Ние денеска наместо да ја ставиме на тапет треба да и кажеме едно, како што вели еден мој сограѓанин од Охрид фала благодарам.

За вториот аргумент во наводници дека продажбата ја споредвала со купување зеленчук и цитирам: ја насочувала одговорноста кон друг од министрите во Владата не треба да се трошат зборови. Еве и вие денеска на тој начин ја насочувате одговорноста. Затоа уште на почетокот кажав дека намерата може да се разбере само ако се сака преку ќерката да се расправаме со снаата, ништо повеќе.

За прашањата што на крајот ги поставувате нема да трошам време затоа што се тие прво застарени, бидејаќи времето и случувањата ги имаат прегазено.

Сега ќе ми дозволите да објаснам зошто интерпелацијата е надвор од времето и далеку од вистинската адреса.

Ние пред неколку дена овде говоревме за нашата евро и НАТО посветеност низ призмата на последниот извештај на Европската комисија од 6 ноември. Сите ние што објективно гледаме на работите го истакнавме постигнатиот напредок во делот на економијата, борбата со корупцијата, особено во делот на армиското одржливо управување и македонската партиципација во глобалната безбедност. Постои напредок во реформите на одбраната како дел од подготовките за членство во НАТО и оценката на Европската комисија како што имаме позитивна оценка и за почетните резултати во економијата.

Почитувани, НСДП преку двајцата министри во економијата и одбраната во овој момент ја носи

непосредната одговорност во земјата токму во секторите кои се најдобро оценети во последиот извештај на Европската комисија што секако ми годи и ми дозволува тоа нескриено, помалку нескромно да го апострофирам. Сакам колегите, посебно од Битола, да ги потсетам на еден Мате навивачот со ракометната екипа кој знаеше точно кога е моментот да им извика на ракометарите “сега му е мајката”. Значи, сега му е мајката и јас малку да се порадувам на резултатите од моите министри, значи и на министерката Рафајлоска.

Секако, почитувани колеги, јас сум сосема свесен дека сме само на почетокот од процесот кој треба да ни донесе одржлива пазарна економија. Но, почетокот радува, тоа треба сите да го поздрават кога е во прашање на пример реалниот пораст на бруто домашниот производ за цели 5,5%, на индустриското производство за 2,8%, порастот на девизните резерви до ниво од 1,5 милијарди потоа контролираната инфлација итн.или се заедно, го цитирам извештајот, стабилноста се одржува.

Затоа почитувани колеги во финишот од маратонот дајте сега сета политичка енергија да ја насочиме кон главните државни приоритети, политички и потенцирам, поради моментот, економски набележани во придружниот документ на извештајот озаглавен како партнерство за членство. Ќе ги наведам по ред. Не дека не се познати, туку за да ги нагласам и афирмирам посебно економските критериуми.

Прво, реализација на задачите што произлегуваат од Договорот за стабилизација и асоцијација.

Второ, оживување и унапредување на еден вистински конструктивен, продуктивен политички дијалог за кој верувам од вчера дека е на сцена.

Влегување во процес на примена на законот за полицијата, што мислам дека ќе го почнеме: напредок во правосудството и спроведувањето на реформите, што исто така мислам дека вчера почнавме, реформа на казненото право и, потенцирам, борба со корупција, реформа на јавните служби, деполитизација на системот, посебно во јавната администрација и, уште еднаш цитирам, борба против невработеноста, нагласена грижа за младата популација и подобрување на условите во бизнисот и правната држава, за што ние мислиме дека нашиот министер прави напори и има резултати.

Почитувани колеги, еве токму тоа се приоритетите на кои ние треба да ја трошиме политичката енергија. Свесно, можеби не директно, но секако блиску до темата, јас ги наведов овие приоритети затоа што ние односно некој во наше име се договори така да работиме и вчера така работевме, волно или неволно, што би рекол почитуваниот колега Најдовски.

Сакам да ви свртам внимание на уште една приоритетна потреба, повторно не директно, но индиректно, врзно со темата, мислам на темата економија, а помалку на министерката за економија.

Она што во моментот од нас се бара е да продуцираме сигнали дека работиме на зголемување на довербата во билатералните односи со Грција, а никако кон неа и кон светот да упатуваме пораки со кои ги збунуваме пријателите. Нам навистина ни треба иницијативност што пријателите ќе ја препознаат и нотираат, но не со навраќање во историјата, туку со оглед напред. Одамна е кажано дека на Балканот се произведува многу повеќе историја отколкук што балканците можат да ја консумираат. Нам ни требаат пријатели што Атина повеќе самата не сфаќа, ќе и кажат дека само стабилна Македонија, па и Македонија во НАТО е грчки стратешки интерес, од една односно секаква дестабилизација на Македонија и Балканот, светот ќе ја запише на нејзиното конто од друга страна. Таква меѓународна поддршка ќе добиваме само ако сме внатрешно стабилни и единствени, ако врз успешните реформи во одбраната да изградиме и политички процеси во економијата, во функција на трајна стабилност и одржлива економија.

Почуитувани колеги, не дека бегам од темата, се разбира дека за ова што сега го кажувам, не сакам да ја вртам водата на воденицата на министерката. Не е само таа заслужна за тоа, но во овој момент на тоа место е токму Вера Рафајловска. Имено, кога говорам за иницијативноста, не мислам само на политиката. По дефиниција политиката е најтешко применлива категорија. Треба да ги афирмираме живите човечки контакти.

Сакам да ја пофалам одлуката за влез само со лични карти. Живнаа Битола, Прилеп, Охрид, Струга од туризмот, од размената, Струмица, Битола, Гевгелија во стопанската размена, Стопанската банка во банкарскиот систем и инвестициите. Македонските студенти на колеџот во Солун се најдобри и како студенти, но и како амбасадори на нашите вредности.

Еднаш говорев дека никој не му пошло од рака да ги собере на едно место грчките авторитети, како што тоа го направи Унковски во еден од атинските театри, или деновиве Игор Ивановски Изи на филмскиот фестивал во Солун, чекор по чекор во довербата. Белким ќе сфатат нашите јужни соседи дека споделуваме исти демократски вредности, дека нема никаква основа за една параноичност кон нас.

Јас сега не сакам да кажам дека Рафајловска им дели лични карти на Грците, ама е факт дека со тој чин заживеаа некои стопански активности, луѓето почнаа да се движат, да се сретнуваат, а кога се сретнуваат повеќе се разбираат и полесно ги заборааат своите фрустрации.

Почитувани колеги, на крајот ќе завршам, очигледно ние сме во моментот исправени пред силни, да не кажам историски предизвици. Посебно е нагласена уставната позиција на овој Парламент. Овде ќе се прекршуваат многу значајни судбоносни одлуки, дали сме ние дораснати на висината на задачите, на

одговорноста ако политичката енергија ја трошиме за споредни работи.

Сега ќе завршам со следното.

За овој вовед мојот завршен коментар, се е добро кога добро ќе заврши, па дури и во смисла на она што не очекува со Косово, на енергетски план и во смисла на она што е тема на денешната расправа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Митановски.

На ред за збор е господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Почитувани колеги,

Денес имаме седница за интерпелација на министерката за економија госпоѓа Вера Рафајловска.

Би и укажал на госпоѓата министер дека нејзиното излагање на оваа пленарна седница, давајќи и свои одговори, би било добро да не биде толку нервозна бидејќи нервозата не не води на добар пат. Треба да земе и пример од својата парламентарна група, од НСДП.

Темата за расправа е позиционирањето на Министерството за економија кое е составен дел на една владина структура. Како и секоја влада во светот, нормално секој вршител на должноста, министер во тоа министерство во секоја Влада, треба да има и своја политичка одговорност и стручна одговорност.

Често пати се расправаше и дебатираше и во јавноста има разни коментари околу членовите на кабинетот на Груевски, какви позиции тие имаат, каков стручен профил и како можат тие да им придат на проблемите со кои се соочуваат. Без оглед на возраста, често пати треба да одиме и од позиција на стручност на секој министер, без оглед за која влада се говори.

Мислам дека госпоѓо Рафајловска како министер по економија, без оглед како ги врши своите должности во областа на своето Министерство, нормално за падови и подеми во политиката треба секој да сноси своја политичка и стручна одговорност. Кога велам политичка одговорност, не значи дека само негативна, туку и позитивна политичка одговорност.

За овој период од година ипол од постоењето на оваа Влада на Република Македонија, нормално се направија неколку поместувања кои во јавноста се пишуваа на разни начини и се коментираа со разни коментари, посебно во насока на приватизацијата на тоа што останало како општествено или државно.

Ние како опозиција вршејки некои анализи и констатации забележавме дека има разни приватизации и сомнителни приватизации, елементи од тесно политички, партиски и приватни интереси. Често пати опозицијата во овој Парламент го подигнала својот глас во правец на приватизацијата на тоа што останало неприватизирано. Посебно се говори за тоа дека вие како министер многу малку сме ве виделе пред телевизиските екрани кога Груевски со својот кабинет знае да ги сече црвените траки, наводно се инвестирало на некое место или се отворил некој капацитет на друго место. Вас ретко ве гледаме. Посебно во медиумите и на телевизиските екрани присутен е Зоран Ставрески кој како заменик премиер задолжен за економски прашања. Од тука ќе отпочне тоа што е спорно прашање околу вашата позиција во актуелната Влада и вашата позиција како лице која сноси политичка одговорност во актуелната Влада, односно во Министерството за економија. Посебно дојде до израз, да ја употребам терминологијата, циркузијада на приватизацијата односно не приватизацијата на ТЕЦ Неготино, со што се дигна голема прашина, што почнаа и обичните граѓани да коментираат и да даваат разни проценки, дали ќе се направи или нема да се направи односно да се случи приватизацијата на овој голем пкапацитет во Репулика Македонија. Врз основа на тоа, врз основа на информациите кои ги имавме од нашите медиуми, излегуваат разно разни шпекулации со кои ниту вие, а можеби најмаку од Владата не знаеја да ги сдементираа тие шпекулации кажани во медиумите, посебно одколу вашата позиција како министер за економија и односот кој го имате внатре во Владата, Ставрески - Рафајловска. По се изгледа, свесно или несвено од ваша страна, дирекно или непосредно, надлежностите се намалени. Вие сигурно ќе излезете и ќе го негирате тоа, но како и да е, во пракса, во функционирањето на оваа Влада, во политичкиот врв на оваа Влада е Зоран Ставрески, а не вие. Вие сте можеби, да не го употребам овој збор или појот “проформа”, како министер во Владата на Груевски.

Се дигна голема праШина. Дојдовме во состојба 99% да заврши приватизацијата на овој комплекс, без разлика кој ќе го прифатизира, која фирма ќе го добие на тендер. Но во последен момент овој 1% стана 100% и не дојде до приватизација на овој комеплекс. Сега имаме разни образложенија дека не беше добро да се направи приватизацијата на ТЕЦ Неготино, дека воопшто не се исполнуваат условите и предусловите за приватизацијата на ТЕЦ Неготино.

До вас госпоѓа Рафајловска и до Владата се поставува прашањето зошто не направивте некоја физибилити студија со која ќе се дадеше стручна економска проценка, дали треба да се отпочне со приватизација на ТЕЦ Неготино или не. Зошто се почна со приватизацијата и повторно се вративме назад на појдовната точка. Сите овие чекори на неодлучност, велам најнапред ваша неодлучност, бидејќи вие сте задолжени со тоа како министер за економија, зото не направивте една ваква анализа пред да отпочне процесот на приватизацијата односно сега на неприватизација на ТЕЦ Неготино.Се тоа се елементи со кои сега за сега, вие сте задолжени со еден голем багаж.

Се поставува следното прашање. Добро би било да ја запознаете јавноста и пратениците во ова Собрание во однос на тоа што го имате со Зоран

Ставревски од стручен аспект во насока на поделбата на надлежностите во облста на стопанството. Често пати ни се предлагаат закони за имени и дополнувања на закони, а предлагач е заменикот на премиерот Зоран Ставрески, а не сте вие.

Мислам дека би било добро и од ваша страна, една личност за да го сочува своето достоинство и својата гордост, доблест, кога некому му се негира, должност и обврската што ја има преземено посебно политичките односим, би било добро да дадете и оставка, бидејќи не можете да се согласите со една политика со која ви се намалуваат вашите надлежности и компетенции во таа влада.

Се поставува и следното прашање во однос на вашето Министерство, за детската игра која ја прави Никола Груевски и кој се потсмева со една корпорација која има европски и меѓународен рејтинг, како што е ЕВН, со тоа дека ќе излезе и ЕВН ќе го купи ЕСМ. И најмалото дете знае дека се говори за еден политички блеф, за да го издигне својот политички рејтинг за едно прашање кое во надлежност на Министерството за економија, а вие како министер не излеговте со никаков политички став, дури и не кажавте дали се согласувате или не се согласувате со политиката која се реализира. Претставниците на ЕВН јавно изјавија дека не им е на дневен ред едно такво прашање за продажбата на ЕВН, додека Владата се игра со самата себе си, се игра со државата и праќа пораки на странски инвеститори, до колку некој нешто купи во Република Македонија, откако ќе дојде идната Влада ќе им го оспори. Така се подразбира тоа, не само ние како граѓани на Република Македонија, туку тоа така го подразбираат и тие кои се надвор. Тоа е еден од елементите кој не само што е пречка за Република Македонија, за сите понатамошни процеси, туку навистина тоа е една нестручна игра без политичка одговорност и други одговорности.

Според Извештајот на Европската комисија што е едно високо работно тело на Европската унија, во кој Извештај се вели меѓу другото, функцинирањето на пазарната економија е сосема ниско. Што направи вашето Министерство во оваа насока, за подобрување на оваа состојба, бидејќи овој Извештај, тоа не го велам јас туку Извештајот е таков, сигурно сте го прочитале и сте го анализирале.

Друга сугестија или забелешка е имањето на пречки во странски инвестиции. Знаете кои се тие пречки. Значи не може еден елемент, политичкиот елемент со кој Владата на Груевски и вие кои партиципирате во таа Влада, со вашите политички блефови е и купопродажбата на ЕВН. И сега се јавува една несигурност кај странските инвеститорим, што ќе се случи ако ние сега купиме нешто, што ќе направи идната влада. Сигурно ќе го негира тоа, како што тоа го направи вашата Влада.

Третата забелешка и сугестија е партизирањето на администрацијата и нормално и на економијата, што е еден значаен предуслов за пречките од надвор за злабото функцинирање на пазарната економија и тн.

Мене ме мотивираше за моето излагање тоа дека со вашата неспремност како министер на Министерството за економија, вршите деградирање на голем број стручни кадри кои биле врботени во вашето Министерство. Имаме информации дека советници, директори и тн. кои биле во ваша надлежност, или сте ги оддалечиле од работното место или сте ги деградирале. Сите овие луѓе кои биле именувани и вработени во минатиот мандат, имаше и луѓе кои стручно ја вршеа својата работа, кои лица 20 години работеле стручно и професионално, без политички бои, во вашето Министерство биле деградирани.

Го поставувам прашањето, дали го ознавате Рамковниот охридски договор. Дали знаете што предвидува Охридскиот договор, дали ви е јасно колку претставници на етничките заедници треба да бидат присутни во вашето Министерство и какви мерки презњемавте во оваа насока. Зошто ги попречувате албанските кадри.

Имаме албански универзитети во Република Македонија како што се ЈУЕ, ДУТ и други универзитети во Република Македонија кои создаваат кадри, а со вашата досегашна работа и информациите кои се лиферуваат кај нас, доаѓа дека тие луѓе се отпуштаат од тие места, или се деградираат од местата на кои работеле 20 години, да ги напуштат тие места. Ние настојуваме да градиме кадар, да и помогнат на оваа држава, кои стручно се трудат и настојуваат да ја вршат својата должност, а вие одите во насока на деградирање на тој дел со кој вие менаџирате, значи, за Министерството за економија. Чекорите кои сте ги презеле се погрешни чекори. И доколку ја поминете оваа интерпелација имате обврска и должност на тоа што е уставно и што е законско решение, значи, албанските кадри во Министерството за економија да не ги напуштате од работа, или да ги деградирате, бидејќи ова е нестручно, нечовечки и нехумано. Добро е овој совет да го имате предвид. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Незири.

Реплика има министерот за економија, повелете.

**Вера Рафајловска:** Благодарам за препораката. Во однос на нервозата, топло ви благодарам. Во однос на она дали мене ме гледате на телевизија или не, јас сум човек што не правам многу пијари, меѓутоа многу работам посветено и со целосна одговорност и можам да поднесам целосен извештај за се што е сработено во економијата.

Што се однесува до странските инвестиции јас не поделив никого. Ниту ЕВН, ниту било која странска инвестиција. Само кажав дека ние во Република Македонија кога ќе ги потпишеме договорите, тие мораме да ги почитуваме. И се разбира, и продавачот и купувачот. Што значи,

апсолутно го сметам ова прашање што го поставивте дека не е апсолутно на моја адреса. Мојот став е секогаш јасен кога треба нешто да се каже, јас јавно го кажувам. Ретко, но јасно и гласно.

Она што се однесува до партизирање на администрацијата. Господине Незири сакам да ви укажам дека во рамките на Министерството за економија според Рамковен договор, постои застапеност од 25,4%. Во однос на одредени изместувања што се направени, тие се направени и за вработените од македонска националност и од албанска. Имаме луѓе и од албанска националност, кои се унапредени. Меѓутоа, имаме луѓе кои што се дојдени од Генералниот секретаријат. Пренесени се од Владата тие луѓе. Тие луѓе зазеле места што не ги исполнуваат квалификациите според систематизација. За тоа можам аргументирано да ви докажам. Сите жалби од Агенцијата за државни службеници, еве ги сите жалби одбиени. Значи, апсолутно ве демантирам во сето тоа. За мене не постои разлика дали некој е од албанска или од македонска, или влашка или не знам каква националност. За мене постои човек што работи. Јас доаѓам од стопанството и тоа високо го ценам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо министер.

Контра реплика има господинот Сафет Незири. Повелете.

**Сафет Незири:** Внимателно ја сослушав госпоѓата министер, со тоа што се потруди да ме демантира, но, во практиката е сосема поинаку или го коментирате во таа насока колку во вашето Министерство во процентуалниот дел имате на раководни места кои можат да ги вршат своите обврски во вашето Министерство. Врз основа на тоа, тие што сте ги примиле и кои сте ги разрешиле, или се деградирани на пониски позиции, врз основа на кои аргументи сте го направиле сето тоа врз партиски или на друг начин. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Госпоѓо министер сега немате право. Редот е на опозицијата после господинот Тале Герамитчиоски ќе може да земете збор.

Сега има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитувана госпоѓо министер, јас сум еден од потписниците за покренување на интерпелација за вашата работа. Со длабоко убедување дека покажавте во изминатиот период голема неспособност да одговорите на предизвикот наречен министер за економија со надлежности и обврски кои што се дефинираат во Законот за органи на управата, каде што се дефинирани сите надлежности на кои што министерот треба да одговори. Дозволете во три блока да ги образложам моите оценки и се надевам дека ќе бидат корисни за вашите размислувања и за вашата идна работа, доколку оваа интерпелација се покаже неуспешна, значи ја добиете довербата од мнозинството на колегите.

Првито блок на огромна неспособност да се одговори на предизвиците ќе ја лоцирам во енергетскиот сектор. Република Македонија е една од државите кои што во наредниот период ќе се соочи со енергетска криза и тоа не е ништо ново и за тоа и стручњаците предупредуваат и сите оние афери или стравувања кои што постојано се полнат во весниците изминатиот период од последниот месец дена се концентрирани на тоа прашање, на енергетскиот сектор. Голем дел од колегите зборуваа и верувам дека ќе зборуваат за аферата ТЕЦ “Неготино” и вашата улога во тоа. Јас ќе се обидам да бидам пократок, не мислев да зборувам во тој дел, но ме провоцираше вашето размислување кое што го лоциравте во вашето обраќање.

Значи, да одговорам, вие дадовте коментар за договорот за продажбата на ТЕЦ “Неготино” од страна на СДСМ, или намерата на Владата на СДСМ да го продаде ТЕЦ “Неготино” и во некои реплики од страна на колегите од мнозинството беше потенциран фактот дека сме имале намера да го продадеме за 4 милиони евра. Да бидете искрени према јавноста и да ја кажете вистината целосно, или уште подобро транспарентно објавете го договорот или понудите кои што во тој момент беа пристигнати на тој тендер. Јасноста и експертите нека проценат. Јас ќе ви прочитам само делови кои што тогаш беа објавени од страна на медиумите. Значи, со четири милиони евра за акциите на ТЕЦ “Неготино” и 750 милиони евра за инвестиции ЕВН беше подобро рангирана од канадски Хач, која за акциите нудеше 13,5 милиони евра и 325 милиони за инвестиции. Вие во вашиот говор потенциравте дека сте разговарале или сте се консултирале со голем дел на експерти, но кога ве прашаа новинарите при поништување на првичниот овој договор и понуда за нов тендер на прашањето зошто го продавате ТЕЦ “Неготино”, вие цитирам, не знаевте да одговорите. Вели, главните причини заради кои што се продава ТЕЦ “Неготино” тој веќе беше предмет на продажба, вели Вера Рафајловска, така барем ве цитираа весниците. И, и помогна вице премиерот Ставрески. Вели, се работи за потребни инвестиции, додаде Ставрески.

Ако се работи за потребни инвестиции, тогаш значи ќе се вреднуваат сите инвестиции кои што се предмет на понуда од страна на понудувачот. А во тој момент ЕВН имаше поголем обем на потребни инвестиции кои што ќе ги вложува. Јас да ви помогнам, еве заради вашите илузии зошто се пристапи кон продажба на ТЕЦ “Неготино”. Голем дел на експертите се контрадикторни во своите оценки. Едни велат дека треба да стои како ладна резерва во сопственост на државата, другите велат дека е непрофитибилна ТЕЦ “Неготино” која работи на мазут и произведува скапа струја и е потребно да се гасифицира. Значи, при мотивите на продажба на Република Македонија на ТЕЦ “Неготино” е да се најде понудувач кој што ќе ја гасифицира

термоелектраната. ЕВН тогаш понуди комбиниран метод на термоелектрана и гасна турбина, при што, повторно ќе ве повикам да ги објавите условите кои што тогаш беа понудени дека ќе се изгради дополнителна моќност во висина од 771 мегават часови.

Само за илустрација, трите блока на РЕК имаат моќност од 675 мега вати, а Осломеј од 125 мега вати. И во услови за кои што ќе зборувам понатаму, на претпоставена енергетска криза, тоа е добар мотив да се пристапи кон разговори за продажба на ТЕЦ "Неготино" за да се зголеми енергетската моќност или капацитет на Република Македонија во услови кога другите постоечки енергетски ресурси се гасат. И тоа е вистинскиот одговор за кој што вреди да се дебатира и да се дискутира. Она што го кажавте за ЕВН дека сме го продале ЕВН, мислам дека колегата Поповски возврати. Вие го дадовте транспарентно договорот и видовте дека 200 милиони се онаа позитивна бројка која што Република Македонија ја добила без тие 25 милиони кои што се преценет капитал. Денеска во весниците имате објавено ревизорски извештај и ќе видите ако сега го продадовте ЕСМ на ЕВН ќе имавте 60 милиони евра помалку, согласно тој ревизорски извештај. И стручњаците недвосмислено укажуваат дека мудра била одлуката на Владата на СДСМ дека е потребно во тој момент да се пристапи на продажба на ЕСМ на ЕВН, бидејќи немало никогаш да се постигне подобра цена од таа која се доби. Значи, немојте да зборувате за податоци за кои што стручњаците недвосмислено покажуваат и денес дека е така.

Кажувате за тендерската постапка и тоа е моето најголемо разочарување. Ако имав некои дилеми дека не сте успеале да се наметнете како министер за економија со свое мислење и со свој став во Владата со својот кредибилитет и своја визија како на тоа да се реагира, кажавте со тоа дека сте биле само еден член од осуммината што одлучувала по тендерот. Вицепремиерот Ставрески ве користи во секоја прилика и кога треба и кога не треба вие на крајот треба да одговорите на обврските кои што законот ви ги дал како надлежност во овој сектор и само вие можете да потпишете за енергетскиот сектор и ве туркаат кон таков чин, да го потпишете тоа. Јас верувам дека тоа ви е јасно и затоа ретериравте и молчевте и се консултиравте конечно со стручњаците дека во Владата ве местат. И фала Богу дека утврдивте дека тоа е така. Започнува нова игра. Успеавте, односно успеа Владата преку вашиот грб да започнува кавга со ЕВН, со еден од најважните инвеститори во Република Македонија. Зборувате за Законот за енергетика, кој што е веќе во владина процедура. Ако тој профункционира, значи фрлате ракавица ЕВН, повторно да ја продаде ЕСМ на државата. Притоа, вашите заложби за нови инвестиции со бркање на најзначајниот инвеститор во изминативе години, Австријците како држава имаат покрај ЕВН уште 10 милиони евра со купување на Светскиот трговски центар. Значи, страшни стратешки инвеститори се докажаа. Но вие упорно отворате кавга и секогаш Владата ќе се затскрие зад вас. Во тоа да бидете убедени, бидејќи ваш е овој ресор. Вие сте единствена одговорна за постапките кои што се спроведуваат во овој енергетски ресор. Притоа, тие упорно кажуваат дека со новиот Закон за енергетика, повластиците кои ги уживаат заради загубите од 24% вие им ги намалувате, значи им ги признавате само во висина од 11%. Значте ли која е реалноста. Само на територијата на град Скопје. Знаете ли колку во периферијата се заобиколуваат струјомерите заради огромната сиромаштија која што владее. Еве ви предизвик. Ако имате искреност, тогаш усвоете го, застанете зад нашиот закон за енергетска сиромаштија, кој што како пратеничка група го поднесовме да се помогне од страна на државата за помош на социјално загрозените слоеви, што не се малку во општеството, а не го скратувајте ЕВН, или скратете го за 11%, но помогнете ги овие сиромашни слоеви во општеството со државни пари. Секако ги трошите за намени. Мојот колега спомна, 20 милиони евра му дадовте на ТЕЦ "Неготино" за мазут само за да се одржува енергетската стабилност, од друга страна цената која што ја плаќаат граѓаните остана иста. Каде заминаа тие пари на даночните обврзници треба да дадете одговор. Постојано и упорно прашуваме, но вие од ваша страна немате одговор. Значи, сметам дека со законот за енергетика, кој што е во собраниска процедура ќе дискутираме. Отворате уште нов простор за дебаланс во енергетскиот сектор. Каде е одговорот на министерот за економија на предизвикот наречен одржлив енергетски ресурс кој што е даден во вашите ингеренции. Дали имате предложено проекти за алтернативни извори на енергија. Значи, што е со хидроцентралите. Слушаме преку информативните гласила дека имате намера, значи едно е што Чинговски зборува, друго е што мисли Министерството за економија, дали имате намера хидроцентралите да ги продавате и повторно да завлезете во нова грешка во сферата на енергетиката. Значи, не слушнавме одговор од ваша страна како министер за економија. Се сомневаме дека имате став. Што станува збор со гасификацијата на Република Македонија дали во тој дел имате некој динамички план со кој што ќе настапите пред јавноста како министер за економија или топката ќе им ја пуштите повторно на други. Нашиот впечаток е досега и го кажаа колегите дека вашиот сектор го води вицепремиерот Ставрески. Дека вие стоите само како фигура, а дека тој одлучува постојано и дека ве користи согласно со законските обврски и надлежности кои што ги имате, само за потпишување. Докажете дека не е тоа така, не нас, на јавноста. Излезете во јавноста кажете ваши ставови и оценки пред тој воопшто да излезе во јавност и го каже тоа. Јас знам дека вие треба да се сообразите со политиката на Владата, но вие ја сносите главната одговорност во делот на економијата. Ајде да зборуваме за

други обврски. Реализација на капиталните инвестиции кои што ви се дадени во Буџетот. Ние имаме добиено еден мајски Извештај за 2007 година за Министерството за економија во кој што реализацијата на буџетските средства кои што ви се дадени е катастрофална. Во делот на либерализација на пазарот и енергетика имате дадено околу 163 илјади евра, значи подготвување на проекти, вклучувајќи и дизајн во кој што немате реализирано ниту едно евро. Развој на енергетиката, она за што зборував, подготовка на проекти, вклучувајќи и дизајн. Значи имате 82 илјади евра во кои што имате реализација нула. Енергетска ефикасност и одржлив развој. Значи, подготвување проекти 65 илјади евра, нула реализација. Во делот на концесионерството и геолошките истражувања исто така. Дајте ни некои ставови што мислите за досегашниот модел на концесионерство. Цели локални самоуправи каде што има природни богатства безмилосно се експлоатираат од страна на домашни и странски инвеститори, во кои што според сегашниот модел на окнцесионерство не останува ни скршен денар во општинските каси за развој на општините.

Ако досегашниот модел не бил добар, дајте вие нов модел.

Еве ви предизвик во тој сектор каде што имаме потполно промашување како држава, бидејќи не се гледа никаков бенефит од тоа, ниту постои некој ред во хаосот кој добива концесија, како ја користи таа концесија, се продава ли таа концесија, дали има некоја стратешка анализа за миграциони движења во тој дел, особено за ненаселени подрачја. Што станува со вашите надлежности во делот на туризмот, дали сте излегле со нова стратегија. Ние како пратеници овде добивме неколку верзии на законите кои што се однесуваат на туризмот, но не беа првично предложени од ваша страна, беа предложени од страна на колешката Лилјана Поповска, па потоа со притисок беа повлекувани. И ние не видовме, значи ваша желба, да, беа поставени на собраниска седница 25-та, 26-та, 27-ма точка и не видовме некоја посеопфатна анализа, ниту пак агресивен настап како тој туризам да се развива во Република Македонија, имајќи предвид дека другите соседни земји веќе зборуваат и за развој на селски туризам и т.н. Каде е вашиот настап на европската, или балканската берза на туризам каде што дневните гласила читаме дека се катастрофални понудите, или организацијата во рамките на самото Министерство за економија. Што станува во делот на слободните економски зони, освен Бунарџик каде што ниту 10% од најавите не се реализирани. Сите оние дефинирани слободни економски зони не започнале да заживуваат, или тоа ќе остане на хартија. Каде е вашата одговорност како министер за економија кој што нема поттикнато ниту еден конкретен исчекор. Зошто постои субјективизам во изборот на слободните економски зони? “Металец” од Прилеп, значи една приватна фирма која што од петни жили со години наназад настојува да се пробива преку проект на слободна економска зона во Прилеп и која што вложи свои огромни средства е постојано спречувана од Министерството за економија, од Агенцијата за развој во која што значи е забрането воопшто и да се рекламира, или да започне некој конкретен исчекор. Зошто, објаснете во јавноста зошто не може да има и приватно партнерство во тој дел. Можеби сте во право што преземате такви чекори. Но, ние во јавноста не го слушаме тоа и е предмет на разни шпекулации, дека тоа се приватни бизнис интереси кои што се распределуваат по партиски терк. Дајте аргументи дека тоа не е така.

Конечно, жал ми е што морам да го потенцирам и третиот блок, личната корист. Јас се оградувам дека е ова точно, но еве ви можност да одговорите на информациите кои што јавните медиуми ги пренесоа, дека вие сте ја искористиле службената функција и сте дале на вашата фирма, поранешна фирма, или фирмата која што ја води вашето семејство “Рафајловски консалтинг”, значи идната обука на стечајни управници ќе се врши во вашата фирма и дека сте дале лиценца за стечаен управник на вашиот син. Еве ви прилика јавно да одговорите на тие повици, ви ја давам таа можност преку поставување на исто такво прашање, дали постои користење на службата во такви цели? Значи, имате можност да одговорите и за тоа. Сметам дека во иднина треба да ги искористите сите овие укажувања што ќе ги дадеме по повод вашата интерпелација, да извлечете поука дека по секоја цена не се станува министер за економија, ако не успеете вашиот авторитет да го наметнете во работењето на Владата. Ако се користите од страна на вице премиерот Ставрески преку вас да се управува со економскиот дел, тоа е прашање на ваш личен избор. Јас сметам дека тоа не е во ред.

**Бесим Догани:** Реплика има министерот за економија, Вера Рафајловска, повелете.

**Вера Рафајловска:** Прво, благодарам на прашањата. Јас најодговорно тврдам дека целата одговорност во Министерството за економија ја сносам како министер за економија и ја работам таа работа. Она како дуализам што вие го размислувате, сфаќате, тоа нека остане на вас. Меѓутоа, јас ве уверувам дека тоа не е така.

Второ, што се однесува до Законот за енергетика, тој ќе биде во Собрание, ќе дискутираме и ќе кажеме што мислиме за него.

Што се однесува до Законот за енергетската сиромаштија, ние заедно со Европската банка за обнова и развој имаме направено проект и ќе дојде и тој закон на ред. Инаку, за ваше информирање во делот на енергетиката се работи на стратегија за долгорочен развој на енергетиката. Се работи на студија за искористување за обновливи извори на енергија, студија за искористување на потенцијалите на ветерот, за гасификацијата, субвенции се дадени на 500 купувачи за термални и соларни колектори.

На тендер се малите хидроцентрали, 41 локација е дадена, уште 28 одат, уште 48 ќе одат на тендер. Значи, Чебрен и Галиште до 9 јануари треба да се поднесат понудите од страна на квалификуваните понудувачи. ХЕЦ Бошков Мост исто така. Покренат е проектот Вардарска Долина. Значи, многу се работи во делот на енергетика што до сега жалам, навистина не се работело толку.

Што се однесува до она што рековте ладна резерва. Морам да ви кажам, ладната резерва е обврска по меѓународните стандарди, или поточно да ви кажам, тоа е како еден агрегат. Вие можете да имате најдобра болница, најдобар хотел, се што сакате да имате, ако имате проблем со струјата, џабе ќе ви биде тоа. Значи, ладната резерва е обврска според меѓународни стандарди и таа мора да ја имаме апсолутно. И затоа е проблематично тоа кога зборуваме за продажба за ладна резерва за која што треба да се плаќаат пари бидејќи таа ладна резерва треба да се одржува. И да не зборуваме за износите.

Што се однесува до тирзовите и за капиталните расходи, тоа што не е потрошено делот е најголем во економијата за технолошко индустриските развојни зони кои до крајот на годината заради инфра структура, електрификација, гасификација и т.н. ќе се потрошат.

Трета работа, за јавното приватно партнерство на тирзовите, веќе е објавен тендер за овие технолошко индустриски развојни зони во кои што ќе се даде шанса и на приватниот сектор.

Што се однесува за концесиите, тие веќе можам да ви кажам дека 8 години не се почитувал Законот за минерални суровини. Се одело со дискреционо право. Сега се оди на тендер. 40% добива локалната самоуправа.

**Бесим Догани:** Една минута контра реплика има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Госпоѓо министер, дали сеуште имате уверување дека го избравте ХАЧ како најповолен понудувач? Дали сеуште го имате тоа мислење и покрај сите оние активности и недоставување на дополнителната документација која што ви беше дадена. И сеуште имате уверување дека сте направиле правилен избор како комисија. Зошто сметаме дека вие сте продолжена рака на Ставрески, или сте во подредена положба во однос на него. Кога новинарите ќе ве прашаат за ТЕЦ Неготино, вие велите: одговорите за ТЕЦ Неготино да ги барате кај вице премиерот Ставрески. Тоа се ваши изјави за новинари. Како ние да помислуваме воопшто поинаку, освен со овие констатации.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Реплика има господинот Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе. Јас ќе реплицирам на господинот Герамитчиоски. Господине Герамитчиоски, ќе ве караат во партијата, чепкате таму каде што не треба. Економската криза господине Герамитчиоски е присутна на Балканот, присутна во Европа и во светот. Она што господинот Јани Макрадули зборува, зошто Владата и господинот Ставрески ќе преговара со Русија. Значи она што е гасификацијата на ТЕЦ Неготино со самата работа на Оломеј и на РЕК Битола, Македонија ќе ја нема оваа енергетска криза, поточно ќе има струја и енергија од сопствено производство и ќе има енергија која што ќе може да ја извезува. Дали ЕСМ и ЕВН ја чепнавте? Се дел на договорите од кои што кажувате за некоја физибилити студија тука. Дали вие направивте физибилити студија за продажбата на ЕСМ? Ја продадовте за 240 милиони евра без да размислите дека 180 милиони евра има побарувања. Која е вистинската цена за продажбата на ЕСМ? Дали под точка 2 стоеше дека вашите кадри кои што и ден денеска се нестручни, несоодветни, сеуште не се променети од раководните места и се оставени. Дали е тоа една од тие точки на договорот во кои што ги оставивте. Зошто не се осврнете на тоа? На крајот на краиштата немојте да ја пикате главата каде што не ви ја собира. Слободните економски зони Бунарџик, господине Герамитчиоски ќе слушнете во деновите кои што доаѓаат,прочитајте таму и прашате колку бунари за вода има. Која е Штипската фирма господине Герамитчиоски која што ги изведувала без тендер, туку по ситуација. Дали има и ден денеска вода, техничка вода, или нормална вода за пиење во Бунарџик? И вие ли ќе зборувате за нешто што се нарекува тендер и нешто што се нарекува дека имате транспарентност во работењето. Се работи за 20 милиони евра, се работи за директна спогодба, за ситуација по ситуација, 7 бунари се правени ситуација по ситуација. Тоа ќе го каже допрва и МВР , тоа ќе го каже и јавното обвинителство. Затоа ви реков, ќе ве караат во партијата, немојте многу да зборувате и немојте многу да ја ширите топката, затоа што не е местото тука, затоа што, ако зборуваме за ТЕЦ Неготино ќе кажеме дека 4 милиони евра со она што се 64 милиони евра. И тогаш не била продадена и сега не е продадена. За што зборувам, за што пред време осудуваме? Дали е нештото продадено, па сега ќе зборуваме дека нештото сме го продале и сме направиле криминал. Ако е ова криминал, не знам што е ваш?

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Грозданов.

Контра реплика има господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Господине Грозданов, немате ниту елементарно познавање од оваа област. Немојте да се срамите и немојте да зборувате работи кои што не ги познавате. Мешате и баби и жаби. Ниту беше донесена одлука, ниту пак Република Македонија во блиска иднина, за жал ќе успее да создаде капацитети за производство на електрична енергија за свои потреби, освен по некое чудо, ако не направиме

нуклеарна централа. Немојте да зборувате работи кои што не ги познавате. Значи, вашата желба за препукување е огромна. Ама за тоа треба да имате аргументи и кога ќе излезете на некого да му реплицирате, треба да имате елементарни познавања за тоа, инаку ќе се срамите.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, согласноУставот и Деловникот на Собранието на Република Македонија парламентарната опозиција има право да поднесе интерпелација за работата на секој министер. И еве на денешната седница ќе расправаме по интерпелацијата за работата на министерот за економија госпоѓата Вера Рафајловска. И оваа интерпелација како и интерпелацијата за претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски, за мене лично е безпредметна. За содржината на интерпелацијата говореше мојот колега Веле Митановски и јас понатаму во моето излагање ќе се задржам исто така на содржината.

Инаку, најголема забелешка во излагањето на господинот Јани Макрадули кој ја образложуваше интерпелацијата, замислете госпоѓо министерке е тоа што сте играле танго со Ставрески. Замислете, да игравте рокен рол, што ќе се случеше тогаш? Но, сепак како политичка партија сакаме да покажеме спремност за дебата и сметаме дека тоа е најдобриот начин да докажеме дека НСДП и Вера Рафајловска во таканаречениот од страна на опозицијата случај ТЕЦ Неготино ги бранеше принципите и заложбите на НСДП за градење на нов политички морал онака како што го напишавме во програмата на НСДП.

Ќе почнам со образложението од интерпелацијата која што е поднесена од страна на опозицијата и ќе се задржам на неколку забелешки од истата. И веднаш на почетокот се наведува дека Владата на Република Македонија по поништувањето на меѓународниот тендер за продажба на ТЕЦ Неготино распишана од претходната Влада, значи од Владата што претходно ја раководеше СДСМ, објави втор тендер за продажба на ТЕЦ Неготино, или поточно од Владата на СДСМ која што сакаше да го продаде ТЕЦ Неготино замислете за фантастични 4 милиони евра. Среќа што оваа Влада се посомнева во чесноста и искреноста на претходниот продавач т.е. Владата на СДСМ, па го поништи тендерот и распиша нов.

Па во образложението од интерпелацијата се констатира дека, замислете сега на повторниот тендер некој понудил 61 милион, некој понудил 68 милиони евра, или само 15, 16 пати повеќе од транспарентната и некоруптивна намера на Владата на СДСМ да го продаде ТЕЦ Неготино за само 4 милиони евра. За жал, господинот Герамитчиоски не е овде. Меѓутоа мислам дека е коректно кога ја спомнуваше понудата од ЕВН и обидот на минатата Влада на СДСМ да го продаде ТЕЦ Неготино, требаше да спомене дека купувачот инсистираше на измени во основниот анекс на договор под а, б, в, г, д и е, измени на договорот кои што ќе донесат до непринципиелни обврски на државата кон понудувачот. Претходниот понудувач не сакаше да достави банкарска гаранција, туку понуди само корпоративна гаранција.

И на крајот третото и она најважното, минатиот, т.е. претходниот купувач воопшто ја немаше дефинирано ладната резерва. Се наведува понатаму во интерпелацијата дека изборот предизвикал жестоки реакции на домашната и меѓународната јавност. Па еве јас, почитувани пратеници себе си како пратеник се гледам во домашната јавност, за странската не знам. Но, навистина кај мене предизвика жестока реакција, можноста и обидот некој да продаде нешто што е толку значајно за Република Македонија за 4 милиони евра. Се наведува дека Комисијата не се придржувала на тендерските правила. Па сега ме интересира, дали СДСМ поднесе интерпелација за тендерската Комисија, или за министерот за економија Вера Рафајловска? Но, сепак, еве ќе дадам свое видување за тоа што сметам дека Комисиајта професионално и транспарентно си ја завршила својата работа и ќе потенцирам она што се обиде и министерката да образложи, дека плановите беа отворени од тендерската Комисија во присуство на овластени понудувачи, претставници на понудувачите, а постапката беше следена и од овластен нотар, како и од претставници од медиумите. Содржината на сите понуди била проверена според критериумите одредени со тендерските правила, усвоени од Владата на Република Македонија на 32-та седница на 21 март 2007 година. Се работи, наведувате во интерпелацијата за транспарентна и коруптивна продажба на капитален енергетски објект. За транспарентноста споменав погоре, а за коруптивната продажба воопшто не може да стане збор, затоа што до продажба воопшто и не дојде. Министерката точно објасни зоштонити таа, ниту Владата на Република Македонија не ја реализира купопродажбата на ТЕЦ Неготино. Но, еве само накратко сакам да ве потсетам за неколку детали. Евалуацијата на понудите ја направи тендерската Комисија, цена 70 поени, инсталирана моќност 20 поени и деловен план 10 поени. Точно е дека понудата на СЕНКАП била за 6, 3 милиони евра поголема во однос на ХАЧ.

Меѓутоа, предложената конфигурација на конзорциумот била по прифатлива. Нова термоелектрана со капацитет од 500 мегавати, т.е. термоелектрани кои што ќе бидат најмалку два блока, секој максимум од по 250 мегавати. За разлика од нив Сенкап понудил 600 мегаватен блок, кој што капацитет, според анализите на енергетските експерти е невозможен да се реализира во електро енергетскиот систем на Република Македонија.

Бидејќи договорот за купопродажба на акции во државна сопственост на АД ТЕЦ Неготино беше финализиран и усвоен од Владата на 10 јули 2007

година, Владата на 62 седница одржана на 15 септември донесе заклучок, потенцирам донесе заклучок, со кој го задолжи Министерството за економија да побара од конзорциумот последни податоци врзани за компаниите, а во насока на финализирање на тендерската процедура. Значи, не станува збор за дополнителни документи, туку станува збор за последни податоци од типот на изводи на најновите состојби од трговскиот регистер. Пред мене е писмото кое што го упатила министерката до компанијата Хач, во кое што се вели дека во една од двете барања, секоја членка од конзорциумот поединечно да достави изјава заверена кај нотар од матичната земја, на македонски јазик заверена на нотар на Република Македонија дека се согласни да го почитуваат договорот за чување на ладната резерва, согласно член 28 од Договорот за купопродажба на акции на Република Македонија во АД ТЕЦ Неготино и истиот нема да се менува во времетраење од 54 месеци. И, тука е клучот. Бидејќи, е даден рок на компанијата Хач, не го испочитувала рокот, на 25 октомври претседателот на тендерската комисија ја свикува Комисијата, која прави увид во содржината на предложената документација, при што се констатира дека конзорциумот не постапил по барањата од страна на заклучокот на Владата. Од тие причини на 30 октомври на предлог на тендерската комисија а согласно членот 19 од тендерските правила, според кои Владата го задржува правото да го поништи тендерот во било кое време до датумот на потпишувањето, но по сопствена одлука без притоа да има обврски да изврши било каква надокнада на штета побарана од учесниците во тендерот.

Воопшто не е точно дека американскиот Стејт Департмент побарал некакви информации од Министерството за економија. Тоа воопшто не е точно. Исто така, Европската банка за обнова и развој не побара никаква информација од Министерството за економија.

Почитувани пратеници, НСДП на парламентрните избори настапи со слоганот Силно и чесно и нашите функционери во Владата на Република Македонија ја бранат таа наша изборна определба, извршувајќи ги своите функции на чесен и одговорен начин. Министерот за економија Вера Рафајловска е пример за оправданоста на тие заложби. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Мисовски.

Реплика има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Сакам да реплицирам во однос на три невистини што беа кажани.

Прво, со изјава на господинот Ставрески се вели дека Владата ќе одговори на писмото од Стејт Департменот каква била процедурата и дека сите прописи се во ред. Се повикувам на А1 телевизија од вестите - прилог.

Втора работа и време и место е Рафајловска да биде на тапет за оваа продажба, затоа што како член на тендерската комисија морала да ги прочита условите што ги пишува во тендерот, а тоа е дека мора да се знае структурата на конзорциумот. Мора да се знае профитот на компаниите и распределбата на средствата внатре во компаниите. Морала да го знае статутот, што значи точка 12.1 и точка 14 морала да ги знае кога ја носела одлуката. Зошто отпосле ги бараме тие податоци.

И, он а што е најважно, господине Мисовски, ова е одлука на Владата од септември 2006 година што има подготвена министерката Вера Рафајловска. Сега ќе ви прочитам што напишала Вера Рафајловска во септември 2006 година. За претходната Влада се зборува:"имајќи го предвид ова и поради предизборната кампања и Парламентарните избори во јуни 2006 година, процесот на преговори на ЕВН се прекина, Владата заклучи, со оглед дека престои избор на нова влада, постапката по извешајот на Тендерската комисија да ја продолжи наредната Влада". И, што друго напишала Вера Рафајловска до Владата. Не само што потврдува дека претходната Влада ја стопирала продажбата, туку напишала. Заклучок, се усвојува информацијата. Три "се потврдува ранг листата на подобните понудувачи" изработени на 14 јуни, министерката Рафајловска го потврди бодувањето од 14 јуни. Точка 4 "Министерството за економија да ги заврши преговорите со ЕВН за условите во договорот за купопродажба на акции, доколку истите бидат успешни министерот за економија да го потпише договорот". Значи, бодувањето дека ЕВН е прв и дека се цени инвестиција од 850 милиони, вие тука не може да го карикирате, ова е септември 2006. Владата и министерката влегоа во преговори со ЕВН, ама кога ЕВН ќе прозбори што побарала Владата од нив, тогаш ќе се смееме и ќе идиме кој е чесен и кој е поштен. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Реплика има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Господине Мисовски, вие не можете да ги имате деталите од претходната тендерска постапка за да давате такви паушални оценки. Но, еве, за ваша информација, бидејќи ме прозвавте да ви кажам дека поинаква беше методологијата на тогашната комисија за оценување на неопходните параметри. Оваа Комисија или оваа Влада одела на варијанта цена понудени акции на АД ТЕЦ Неготино максимум 70 поени, а инсталираната моќност на новиот објект максимум 20 поени деловен десетгодишен план максимум 10 поени. Понатаму, министерката сама кажува за тие десетогодишни планови кои што ги ценеле колку се суптилни, колку треба стручност и рафинирано за да се направи точна проценка. Значи, треба да се процени аспектот на изводливост на бизнис планот, серозност во пристапот на подготвување на бизнис планот од

повеќе аспекти и избор на гориво, можност за транспорт, квалитет на гориво со познати перформанси, складирање на нус продукти, депонии на јаглен, пепел, термодинамички план на работа, количини на произведена енергија, максимално искористување на расположивата инфраструктура, бенефит за нагажирања на домашната градежна оператива, ангажирање на железницата итн. Тогаш, погледнете ги тие перформанси кои што ги понудија тогашните понудувачи, ќе видите дека најдобри понуди на инвестициониот план, значи инвестициони вложувања повторувам од 750 милиони евра, а не само 4 милиони евра кеш, туку 750 милиони евра во наредните пет години, со директно ангажирање и на железницата, значи заживување на тој сектор. И, само за крај, бидејќи е кратко времето, што мислите. Ако ние имавме нечесни намери како тогашна Влада имавме можност да го продадеме ТЕЦ Неготино, бидејќи се изврши рангирањето, но ние не пристапивме, иако постоеше можност да се даде на тогашниот најповолен понудувач, оставивме можност новата влада да проценува дали рангирањето е правилно извршено или не. Значи, не ја завршиме постапката, не го продадовме објектот, иако процесот беше завршен. Постоеше можност временски од еден ипол месец, во кој што законот дозволува да се направи продажба. Но, тоа не го направивме и заради тоа имаме морално право да дискутираме по однос на оваа проблематика, а не мојте да префрлате дека се продало ТЕЦ Неготино за 4 милиони. Ако се продадеше, немаше да ја имаме оваа дискусија денес.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Контра реплика има господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам потпретседатле.

Јас би сакал господинот Герамитчиоски да се сврти на кај мене, сакам да му ги покажам дел од измените во основниот текст на договорот, бидејќи, се работи за многу страни, немам намер сега да ви ги читам сите, само ќе прочитам еден дел околу банкарската гаранција каде што вели: “Банкарска гаранција, па дополна. Дополнет е ставот кој одговара дека по период од 12 месеци од потпишување на договорот издадената банкарска гаранција ќе се замени со гаранција издадена од купувачот”. Со ова мислам дека господине Герамитчиоски ви кажав се.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Мисовски.

Реплика има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Малку е чудно што во обидите по секоја цена да се оправда нешто што реално не може да се оправда, а тоа е еден од мега корупциските скандали, кои што во оваа една ипол година од практицирањето на власта на ВМРО ДПМНЕ и НСДП во Република Македонија се случи, е упорно настојувањето да се враќате назад и да гледате назад, како и да се обидете да ја менувате сликата за нешто што реално не се случило. Факт е, господине Мисовски, дека оваа влада го потврди рангирањето од тендерот кој што го спроведе претходната Влада и заради тоа вие молчевте и немавте контра реплика на господинот Макрадули, заради тоа што не можете тоа да го демантирате. Меѓутоа, исто така, е фак тоа што вие не можете да го измените е дека министерката јавно кажа дека не знае зошто се продава ТЕЦ Неготино, а е министер за економија надлежна за состојбите во енергетиката. Факт е дека како член на Тендерската комисија воопшто не реагирала дека една од компаниите учесници на тендерот која подоцна го доби тендерот, немала комплетна документација, нешто заради што тендерската комисија по секоја логика на нештата требала да ја исфрли од конкуренција. За сметка на тоа Тендерската комисија едногласно застанала зад Хач и покрај тоа што не бил најдобар понудувач и покрај тоа што му недостигале документи. Факт е дека после реакцијата на СДСМ објавување во јавноста на ваквиот корупциски скандал од огромни размери, наеднаш почнуваат превирањата во Владата помеѓу минстерката за економија и вицепремиерот Зоран Ставрески. Тогаш, почнува рашомонијадата на различни изјави, на некоординирани изјави, на префрлање на топката и на одговорноста, заради тоа што и господинот Ставрески и госпоѓата Рафајловска знаеле дека заради таквата одлука некој ќе одговара и дека оној што ќе го стави потписот на тој договор, утре ќе оди во затвор, заради тоа што ќе ја сноси одговорноста дека дал во рацете на компанија која што не ги исполнувала условите на тендерот и која што дала многу полоша понуда од останатите, во раце еден енергетски комплекс, како што е ТЕЦ Неготино. Е, тоа се аргументи кои што вие не можете да ги измените. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

Контра реплика има господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Госпоѓица Гркоска, ќе ви прочитам една забелешка од интерпелацијата. Велите вака:”покрај тоа, наместо одговори на конкретни прашања, министерката за економија најпрво се обиде да ја спречи продажбата како малку посериозна активност од купување зеленчук”. Па, ви се молам, овде се работи за продажба, не за купување. Секој пат кога се работи за продажба на стратешки објекти, многу е нормално да се побара извод од последниот трговски регистер. Тоа е многу нормално да се побараат такви документи. Не се работи овде за продажба на зеленчук, ви се молам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Мисовски.

Реплика има господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе мојата реплика се состои во

следново. Цел ден некој сака да не убеди и министерката и претставниците од НСДП дека тендерот кој што бил спроведен и постапката биле многу во ред. Тоа на најголем лаик му е сосема јасно. Ако нешто било во ред, секој тендер завршува со одлука. Донесувањето на одлука е врз база на тоа дали некој исполнува или неисполнува критериуми. Тендерската комисија едногласно, каде што била и министерката Рафајловска, а која што е најодговорна, затоа што е во ресорот за економија, едногласно одлучиле да исполнуваат критериуми сите учесници. На секој граѓанин во Република Македонија му е јасно нешто дека тендерот го добила чанта фирма. А за да ви кажам што значи чанта фирма, на времето кога почна процесот на приватизација во Република Македонија се формираа толку фирми, кои што цела фирма се состоеше во тоа што имаа печат во чантата со име на фирма и удираа печат на сите договори. Е, на таква фирма вие му го дадовте ТЕЦ Неготино за 62 милиони евра. Ако тие тогаш исполнувале услови, ве молам, зошто тогаш баравте дополнителни услови. Дополнителни услови после донесувањето на одлуката, знаете дека не може да има. Туку, во што е основното прашање. Основното прашање е заради тоа што е донесена одлуката без исполнување на критериумите по тендерот. И, кога тоа опозицијата и медиумите го открија, вие тогаш моравте да барате отстапка. Но, не ја баравте отстапката заради министерката, отстапката се бараше за да се покрие Ставрески и останатите налогодавачи. И, она што сега би сакал повторно да го кажам, достате за тоа што правела претходната Влада. Претходната Влада за тоа што направи изгуби из бори и со тоа е завршено. Ние не можеме да бидеме свртени на назад. Јас повторно ќе кажам секој што направил криминал, гонете го, затворајте го. Но, по оној скеч на К-15 - Операција на магарешки стап, само по самарот мавате, а знаете зошто, затоа што ако мавнете подлабоко, треба да мавнете по Ставрески, по Груевски, по Рафајловска во врска со случајот Хач. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господоине Најдовски.

Бидејќи имаше некои реакции од страна на пратенците, мора да укажам дека пратеничката група на ЛДП не учествува во координациите, така што за нив договорот не важи, па секогаш кога ќе побараат збор, ќе сум принуден да им дадам.

Господине Макрадули, можеби ви пречи, ама тоа е вистината.

Следна за збор е госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги, почитувана госпоѓа минситер.

Јас ќе започнам со една синтагма која е токму од оваа говорница која ја проговори еден ваш партиски колега, обидувајќи се да го брани она што не се брани. Тој ве нарече кога се обраќаше кон вас “нежните плеќи на една дама”. Но, јас би додала “нежните плеќи на дамата Рафајловска”, која на 26 август 2006 година прифати да биде министер за економија во Владата предводена од Никола Груевски. Се разбира, како кадровско решение на новите социјалдемократи. Јас тогаш токму од оваа говорница говорев дека за прв пат во Република Македонија направен е невозможен спој, спој на една партија со крајна лева ориентација, со една конзервативна десничарска партија. И, токму заради тоа прорамата под која настапија новите социјалдемократи и како што рече колегата пред мене силно и чесно, не сум ни ја прочитала, токму заради тоа што токму вие кога влеговте во коалицијата, се откажа вте од неа. Е, заради тоа, госпоѓо Рафајловска, јас ќе се обидам, бидејќи алфа и омега, програма за работа на Владата предводена од Груевски е преродбата во 100 чекори, ќе ви објаснам што вие требаше да сторите, а не го сторивте како министер за економија.

Во делот за енергетика, вие требаше да застанете зад следниве наводи - енергијата е база за развој на целокупното стопанство на една земја и втор фактор по работна сила што ја определува конкуретноста на економијата на глобално ниво.

Без долгорочна и одржлива енергетска политика, велат вашите колеги, коалициони партнери од ВМРО-ДПМНЕ не можеме да очекуваме дека ќе почне нов инвестициски циклус и отворање нови работни места. ВМРО-ДОПНЕ вети дека Република Македонија ќе мора да изгради стабилна, долгорочна и ефикасна енергетска политика, што ќе овозможи енергетскиот сектор да биде основна движачка сила на македонската економија и столб на суверенитетот на државата.

Па, во истата оваа Програма, ветивте дека ќе направите енергетска стратегија, енергетска политика и како прв почетен чекор, ветивте дека како основа на санацијата и реструктуирањето на електроенергетскиот сектор, ќе се залагате за подготовка на програма за консолидација на ЕЛЕМ и МЕПСО во сите сегменти на работењето. Тоа не го направивте.

Исто така, во оваа Програма, со оваа Програма бевте обврзани дека активно ќе се залагате за отворање на нови економско-оправдани рударски капацитети и рационално користење на јагленот како суровинска база. И тоа не го напрвивте.

Ветивте дека ќе го воведете риродниот гас како енергенс за производство на електрична енергија. Но, сето тоа остана само на збор.

Дури, ветивте дека во делот на законската регулатива ќе инсистирате на утврдување јасна, транспарентна и лесно применлива законска процедура за издавање на концесии за изградба на хидроелектрани. Само празни зборови.

Интерпелацијата ја поднесовме кога последната капка ја прелеа чашата, а тоа беше скандалозниот тендер околу продажбата на ТЕ Неготино. Нема да ризикувам да се повторувам со моите колеги. Ќе зборувам за факти.

Фактите велат дека вомесечниот извештај за месе октомври 2007 година Транспарентност Македонија го заклучи следново:

Под Главата тендери и јавни набавки, трошење на буџетски средства, госпоѓо Рафајновска, Транспарентност Македонија укажа дека скандалот со неуспешната продажба на ТЕ Неготино, по одлуката на Владата на Република Македонија да не го потпишува договорот за продажба со Конзорциумот Хач иако Тендерската комисија, во која лично учествувавте, предводена од потпретседателот на Владата господинот Ставрески, веќе го избра тој Конзорциум како најповолен понудувач. Не смее деа се забошотува, не смее да нема виновник.

Станува збор, велат од Транспарентност Македонија за најкрупниот скандал во низата нерегуларни постапки и процедури во јавните набавки, спроведени од Владата, во која вие членувате. Во Владата во која вие сте министер.

Транспарентност Македонија во повеќе случаи укажуваше на нетранспаретноста и непочитувањето на членовите 47 и 50 од Законот за јавни набавки при изборот на Конзорциумот Хач за најповолен понудувач. Односно, велат дека Тендерската комисија, пред да донесе одлука за најповолен понудувач, пред да ја донесе одлуката, морала да ја провери комплетноста и валидноста на документацијата за финансиската, економската и техничката неспособност на понудувачот. Од ова излез и бегање нема, госпоѓо Рафајловска.

Не ви помага ни ароганцијата, не ви помага ни навредувањето кон пратениците од опозицијата. Немате аргументи за одбрана.

Транспарентност Македонија, понатаму наведува дека по вака неславниот исход, Тендерската комисија има обврска да ја извести јавноста за вистинските мотиви за изборот на Хач како најповолен понудувач иако Бугарскиот конзорциум, пишуваат, не ги исполнувал основните законски критериуми и дал многу полоша понуда од второрангираниот СЕНКАП. Поради постоење на сериозни индиции за корупција, тврдат во Транспарентност Македонија, тие бараат од надлежните државни органи, особено од Државната комисија за спречување на корупцијата, да преземат мерки за расчистување на овој скандал и го повикуваат јавното обвинителство да преземе активности за утврдување на одговорност. Ова е црно на бело, добиено од страна на Транспарентност Македонија.

И, со ова ќе завршам. За мене не е само ова грев на вашите нежни плеќи, госпоѓо Рафајловска. Вие, како министер, согласно Законот за државна управа, во описот и пописот на вашите работни задачи ја имате најодговорната, го имате делот на енергетиката. Токму за тоа ќе говорам.

Вие дозволивте, госпоѓо Рафајловска, Македонија, во последните 16 месеци драстично да го намали својот производствен капацитет на електрична енергија. Ќе говорам токму и ќе го лоцирам местото онаму каде што се произведува 75% електрична енергија. Тоа е РЕК Битола.

Во октомври, кога стапнавте како власт во оваа држава, прво што направивте на сите нивоа во државата, направивте кадровски смени. На 4 октомври, со овие критериуми го презедовте ракувањето со РЕК Битола. Ќе бидам кратка, но ќе кажам дека во моментите кога нашето раководство го презеде управувањето во 2002 година, го презеде со крупни обврски од милијарда и 300 милиони денари. Ви го остави вам со 420 милиони. 876 милиони, бившото раководство на РЕК успеа да ја пополни финансиската дупка од прочуеното “раководење” од страна на вашиот кадар од вашиот коалициски партнер, господинот Сугаревски. Тоа е сериозен показател.

Економските показатели покажуваат дека вкупните трошоци во годината драстично биле намалени кога раководело минатото раководство во РЕК Битола. За тоа постојат податоци. Станува збор за документи со кои се примопредаде раководењето во РЕК Битола.

Во поглед на производството на електрична енерија, на мрежа, од 1999 година се до 30 септември 2006 година се покажува стабилно производство во просек околу 4,5 милиони гигават часови електрична енергија. Господинот Зоран Коњановски на 18 ноември, на Сител телевизија изјави дека моментално, во РЕК цветаат рози. Вети дека веќе нема да има дефекти и дека ќе успееме да произведат, внимавајте, 3,8 милиони гигават часови електрична енергија. Тоа е драстично помалку и од 2005 и од 2004 и од 2003 година. И тоа е на товар на вашите нежни плеќи, госпоѓо министер.

Во поглед на потрошувачката на мазут, знаете ли колку е намалена стапката на потрошувачка на мазут во време на раководењето на бившото раководство? Еве ги показателите.

Од легендарните 9000 тони во 2000 година, кога на власт беше коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и кога министер за трговија прво, за економија и за финансии беше токму сега вашиот претпоставен, претседателот на Владата Груевски, од тие 9000 тони во 2005 година беше намалена потрошувачката на 1315 тони мазут. Тоа се економски параметри. Ви оставивме на раководење навистина стабилен производствен капацитет на електрична енергија.

И, што беше најважно? Цената на чинење на произведен киловат час се намалуваше од 2002 до 2006 година на рекордни 0,74 денари. Само за споредба во 2000, цената на чинење беше 1,4 денари. Двојно ја намаливме цената на чинење на произведен киловат час. Ете, ваков рударско енергетски комбинат презедовме во октомври минатата година.

Знаете што се случува сега, вие бевте најповикани од оваа говорница пред јавноста да соопштите што сериозно се случува во РЕК Битола. Бидејќи јавноста е веќе известена дека во 2007 година освен три плански исклучувања на

блоковите, заради ремонтите уште седум испади, тоа е неславен рекорд од целокупното постоење на РЕК Битола. Ајде, да видиме на што се должи тоа.

Прво, мора да ви ги посочам фактите дека во 2007 година иако господино Коњановски во стил и манир на неговиот партиски лидер и поранешен шеф на Влада, господинот Груевски, милува секогаш да лоцира одговорност на друга страна. Па дури и се обидуваше да ја оправда својата нестручност, својата некомпетентност за тоа работно место, бидејќи директорската фотеља во РЕК Битола не заслужува да биде амнестиона фотеља за секој партски војник кого ќе лишите од функција пред време, како што беше случајот со господинот Зоран Коњановски. Иако, како Битолчанец, навистина со полн респект како кон човек ќе се однесувам кон него и говорев дека не заслужува предвремено да биде сменет од функцијата министер за локална самоуправа, најмалку што очекував од еден дипломиран градежен инженер е да го преземе раководењето со РЕК Битола. Затоа се случуваат вакви работи.

Кои се причините са зачестените исправи во РЕК Битола? А, се случуваат после извршените ремонти на трите блокови оваа година. Барањето на одговорот лежи во следните моменти.

Прво, од самото стапнување на власт, новото раководство предводено од ВМРО-ДПМНЕ, прво што направи успеа да испартизира од раководен кадар па се надолу. На ситенивоа. Значи, покрај 30-годишното искуство на стручни и компетентни луѓе во РЕК Битола, денеска се манифестира и практицира класичен аматеризам во поставувањето, подготовката и организацијата на постапките за преземање и започнување и водење на ремонтните активности.

Ремонтите беа извршени нестручно и некомпетентно, па заради тоа се случија пет со ред испади. Во август месец испади на првиот блок, заради неисправен регулационен вентил. Истиот месец и третиот блок испадна заради пукната цевка во котелот. На 3 септември третиот блок, откажа вентилот за напојување на котелот со вода. На 30 септември, на првиот блок пукна цевка . Дефектот беше саниран, но при обидот да се стави во погон блокот, повторно пукна цевката, па застојот се пролонгира. За да на 27 ноември повторно беше исклучен првиот блок заради пукната цевка во котелот и беше предвидено да се пушти за неколку денови.

Во РЕК Битола непримерно е нарушена, како што реков, работната дисциплина, со непостоење на одговорност кај вработените кои, поттикнати од повластиците и бенефициите што ги уживаат партиски ангажираните членови, чија бројка во овој момент изнесува рекордни 550 нови вработувања, кои добиваат исти лични доходи, независно од нивното искуство и знаење, на сметка на резултатите и изработката на сите вработени во РЕК Битола и ЕЛЕМ во целина.

Придонес кон овие случување е и непланската, некоординирана и ненавремената обезбеденост со резервни делови, бидејќи упорно се води битка кој да ја води тендерската постапка. Дали службите на РЕК Битола или службите на ЕЛЕМ во Скопје.

Со намера да се комплетира амбиентот за работењето во РЕК Битола, треба да се напомене и нелегитимното и насилно сменување на претходното легално избрано синдикално раководство. Сето тоа резултира во непрофесионалност, сето тоа резултира во намален капацитет за производство на електрична енергија.

Знаете ли госпоѓа Рафајловска дека на 17 ноември се случи одрон во рудникот Суводол? Знаете која беше причината што ја наведе господинот Коњановски? Не постоело проектна документација за ископ на јаглен и јаловина во РЕК. Ноторна глупост или непознавање.

Уште во 1980 година се почна со редовна експлоатација на јаловина, за да во април 1982 година започне експлоатацијата на јаглен. Главниот рударски инспектор во техничката инспекција во Министерството за економија, каде сте вие госпоѓо Рафајловска, ја следи работата на рудникот. Ништо не смее да се направи без негово знаење. Инаку, главниот рударски проект за рудникот Суводол е изработен во далечната 1977-1979 година од страна на Рударскиот институт Земун со учество на Рударскиот институт Скопје.

И во текот на март поставив прашање до премиерот, а не добив одговор - дали знаете за можната опасност за одрони во рудникот Суводол? Премолча и вториот пат кога на писмено го поставив прашањето, а се однесуваше дали е извршена техничка инспекција од Министерството за економија од рудникот Суводол? Имам информации дека сте извршиле, а јавноста не знае. Зошто премолчувате вака сериозни теми госпоѓо Рафајловска? И за на крај, времето ми одминува, сакам да кажам дека она што е најсериозно, 16 месеци оваа Влада наместо да направи обид, да направи енергетска стратегија за да се зголеми производствениот капацитет на капацитетите во Република Македонија, прави обид да се занимава, а тоа и во закн да го одреди, исклучиво со промет на електрична енергија. Јас чисто се сомневам дека е можно да се врши саботажа во работењето на РЕК, само за да ви се даде можност да набавувате екстремно скапа увозна струја.

На тој начин, госпоѓо Рафајловска, во време кога сте вие министер, за жал, заради вашата индолентност, ја претворивте Република Македонија во енергетски вазал. А, македонските граѓани ќе плаќаат енормно висока цена на електричната енергија.

Госпоѓо Рафајловска, вашето време измина. Вие молчевте и кога Надзорниот одбор укажа дека 500 илјади евра Чингоски незаконски потроши. Молчевте кога беше заменет Надзорниот одбор наместо Чингоски. Молчевте кога господинот

Тулевски падна заради несогласувањето со продажбата на ТЕ Неготино и кога на негово место дојде Здравев. Молчевте и кога се случуваше тендерот за ТЕ Неготино и со хавариите во РЕК. Затоа сега заминете и тоа во молк. И онака немате буквално ниту еден аргумент во своја одбрана. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Реплика има министерот за економија, повелете.

**Вера Рафајловска:** Благодарам.

Прво, ниту сум "нежни плеќи" ниту сум арогантна. Не сакам да се служам со вокабуларот на госпоѓа Бендевска.

Тоа што го искажа тука како коментари,можам да кажам следно дека ниту сме се откажале НСДП од програмата што ја имаме ниту сме се откажале од слоганот што го имаме.

Што се однесува до консолидацијата на трите енергетски компании, ЕЛЕМ, МЕПСО и ЕВН, една цела година разговарамем, преговараме и овие работи ги вршиме. Ако не сте информирани, ќе ве информирам.

За кадровските промени што се во овие енергетски компании, таму има одговорни лица што секако подлежат на контроли, инспекции и тн., ревизорски извештаи и ќе одговараат за своите постапки.

За она што е извршено како контрола од страна на Министерството за економија како техничка контрола, ќе ве известиме госпоѓо Бендевска, за да не мислите дека еве, нешто затајуваме. Воопшто не се работи дека се молчи, туку навистина многу се работи. Ако тоа некој не сака да го гледа и со други, било какви зборови да го каже, мислам дека е напразно.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо министер.

Контра реплика има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Како што започнав така и ќе завршам. Немате аргументи во својата одбрана госпоѓо Рафајловска, а инаку синтагмата "нежните плеќи на една дама" беше употребена од говорницата од страна на вашиот колега господинот Веле Митаноски. Јас само ја искористив за да бидам поблиска и попрецизна за што станува збор.

Да се биде министер за економија е одговорна, сериозна задача и бара одговорност и сериозност во пристапот. Молчењето и несправувањето со проблемите нема да не одведе никаде. Токму заради тоа останувам на ставот дека најдобро е не само за вас, туку и за Владата на Република Македонија и за целокупната македонска јавност, да заминете од фотелјата мнистер.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Реплика има господинот Веле Митаноски, повелете.

**Веле Митаноски:** Благодарам потпретседателе.

Точно, јас ја употребив таа синтагма, контекстот беше дека е неџентлменски една дама да се користи како алатка за пресметка со друг и ако било кога и колешката Весна биде ставена во таа позиција, јас ќе застанам во нејзина заштита.

А што се однесува до Рафајловска, Рафајловска навистина покажа машка храброст во искажувањето на своите ставови. Толку околу тоа прашање и ако ми дозволите, јас сум од Охрид, можам понекојпат да бидам и поетски слаб, да покажам слабост особено кон дамите.

По прашањето на десно и лево, сакам да кажам дека во политиката десно и лево не се оган и вода. Инаку, кога би било така, дури и една Меркел ќе ни се налути.

Трета работа, околу читањето на програмите, можеби некој сака да не потцени што чита за наш министер програма на друга партија, меѓутоа, оваа Влада е програмска, оваа Влада е Влада на програмски приоритети. Приоритетите на НСДП во делот што го покрива Рафајловска се прифатени од Владата и се заеднички приоритети и се додека госпоѓа Рафајловска ги спроведува приоритетите на НСДП, прифатена е од Владата, таа ќе ја има нашата поддршка.

Сакам отворено да кажам дека целото држење на госпоѓа Рафајловска по ова прашање е оценето позитивно и во рамките на програмските постулати на НСДП, како што се оперативната партиска програма од една, односно изборната програма од друга страна. Реализацијата на овие два документи ја следат извршните органи на НСДП и по овој случај заклучоците се во прилог на потезите на Рафајловска, особено што имаме потврда дека нејзините потези кореспондираат со очекувањата на јавноста, односно дека јавноста ја имаме на наша страна. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Митаноски.

Контра реплика има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Колега Митаноски, не постои машка и женска храброст, постои само храброст и верувам дека ќе се согласите со мене.

Околу концептот десно и лево нема да говорам, го кажав мојот став околу вашата програма и тој став е непроменет од 26 август минатата година.

Не сакам да злоупотребувам во овој момент, па да ве потсетам на Законот за стечајци и околу вашата не поддршка на нашиот амандман кој се однесуваше токму на стечајците. Значи дозволете, нема да говорам, но очекував доблест од страна на Рафајловска во моментот кога уведела дека од нечија страна се врши манипулација во текот на тендерската постапка, зошто не излезе доблесно пред македонската јавност да се откаже од рамноправно учество во тој скандал, или требаше под притисок на СДСМ и на целокупната јавност околу тоа ...

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседател.

Почитувана госпоѓа министер, почитувани колеги пратеници,

Дозволете и јас да го кажам ставот или моето мислење во однос на темата за која дебатираме, односно интерпелацијата предложена од страна на парламентарната група за госпоѓата министер за економија.

Уште на почетокот ќе нагласам дека интерпелацијата како механизам е присутна во демократските земји, земјите со парламентарна демократија и како таква има единствена цел, цел да ја утврди довербата или немањето доверба кон Владата или кон некој член во Владата. Во ова Собрание во Република Македонија со една таква парламентарна демократија такви акти или такви механизми се иницирани за многу министри и од оваа и од претходните влади. Затоа мислам дека и овој акт нормално има цел, а целта е да ја изрази, рефлектира негативната страна од работењето на министерката за економија.

Сите знаеме дека после 90-тите години во Република Македонија, меѓутоа и во многу други земји во транзиција, почна процесот на така наречена преобразба на јавните претпријатија со државен и општествен капитал во приватен капитал. Овој процес на преобразба или трансформација, за жал кај нас изгледа и понатаму продолжува и тоа што е многу значајно за мене е дека овој процес од 90-тите години до денес го опишувале или овој процес се соочувал со една серија на негативни дејанија. Овде ќе истакнам дека за жал кај нас во овој процес се направиле и најголемите злоупотреби и малверзации кои на некој начин може даги сметаме или да ги третираме како дејства кои се директно и непосредно поврзани со корупција. Ова го докажуваат многу анализи од научен карактер, меѓутоа и од не научен карактер.

Како и да е, имајќи го предвид фактот дека целта или темата на интерпелацијата е непосредно поврзана со ова прашање, беше прашањето на приватизацијата на еден многу значаен економски и стопански субјект кај нас како што е ТЕЦ “Неготино”, овие денови, или да бидам поконкретен после донесувањето на одлука од страна на Владата на крајот на јули за приватизација на овој стопански гигантски субјект во Македонија почнаа да се појавуваат информации за тоа како во текот на основањето на тендерската комисија, меѓутоа и после тоа дека се случува нешто, што да кажам искрено не е добро или не води кон интересот не само на субјектот кој што беше во процедура на приватизација, туку негативно ќе влијае и на странските инвеститори. Се основа Тендерската комисија, се почна процесот на така наречено собирање понуди за приватизација на овој субјект и се случи тоа што се случи, првенствено, за жал, не од страна на министерката за економија, меѓутоа, од други претставници се даде информација или широката јавност беше информирана дека победник на еден таков тендер е Конзорциум со името ХАЧ. Од тука почнаа информациите, односно дезинформациите за тоа каде е седиштето на овој Конзорциум, кој е матичен субјект во овој Конзорциум, од причина што сепак конзорциум како поим не може да се идентификува со тоа што многумина тука го идентификуваат, дека тоа е компанија. За мене има разлика. И понатаму е нејасно, искрено ќе го кажам тоа дека е нејасно каде е седиштето на Компанијата ХАЧ, од каде потекнува оваа Компанија. После ова ставот на Владата беше, нормално имајќи го предвид фактот дека вие како претставник на Владата не се изјаснивте или не стигнавте, не успеавте да се изјасните за еден таков став на Владата, се случи тоа што Компанијата или другиот субјект кој што беше учесник во оваа тендерска процедура или постапка, колку што се сеќавам тоа беше СЕНКАП или не сум баш сигурен, успеаа преку тужба да ја тужи Владата и Основниот суд Скопје-2 да издаде привремена мерка со што на Владата и забрани да го потпише договорот за продажба. Добро е што овој судски орган одлучи на овој начин, од причина што искрено да ви кажам доколку не се случеше оваа привремена мерка, можеби ќе се случеше тоа од претставникот на Владата или можеби од вас ќе се пуштеше договорот за продажба на централата, што значи имајќи го предвид на некој начин вашиот став сум проценил и секогаш сум мислел дека вашиот став е негативен, барем кај мене стигаат такви информации дека сте имале негативен став и во оваа прилика сакам да го поздравам овој став, меѓутоа, сепак сакам да истакнам дека вие како министер, како носител на Министерството за економија за некои прашања не можете и да се оддалечите или да се дистанцирате од вашите надлежности. Врз основа на Законот за Влада вие имате утврдени надлежности во утврдени области, опфаЌајќи ја тука и оваа област или сфера и овие надлежности не може за одредени прашања, како што е прашањето за приватизација, да ги пренесете на некој друг, како што е конкретно случај со заменик премиерот господинот Зоран Ставрески.

Поради ова, почитувана госпоѓа министер, вие на ниту еден начин не можете да се дистанцирате од така наречената политичка одговорност. Повеќе од вистина е дека политичката одговорност како акт подразбира и ваша оставка, меѓутоа, во оваа прилика јас сакам да истакнам дека тие што не ги почитувале правилата, како што беше веќе истакнато од други говорници, кои се во однос на јавните набавки со отворање и затворање на тендер, сигурно дека за нив следат и одговорности од поинаков карактер или природа, опфаќајќи тука и, зошто не, и други санкции од правен карактер.

Има едно друго прашање кое сакам да го истакнам, а кое по малку беше спомнувано, прашањето со така нареченото ЕВН. Сите знаеме дека околу крајот или средината на 2004 година, токму од ова Собрание беше усвоен закон,

донесен закон со кој се направи поделбата на Електростопанство на Македонија на две акционерски друштва и тоа друштво што се занимаваше со производство и дистрибуција на електрична енергија и АД што се занимаваше со дистрибуција, после еден тендер беше приватизирано, имаше продажба на 90 акции на една многу позната компанија со реноме како што е ЕВН. Во тоа време оваа приватизација од многу стручни лица од соодветната област беше опишана како многу успешна приватизација и сите знаеме дека продажната цена на оваа Компанија беше околу 245 милиони евра, со обврска ЕВН во утврден рок да инвестира во својот дел, делот што го откупи, околу 70 милиони евра, од кои колку што се сеќавам 45 милиони беа задолжителни инвестиции. Не знам што се случи, дали инвестирала ЕВН или не, иако некои информации, не многу значајни меѓутоа укажуваат на тоа дека оваа Компанија не ги почитуван одредбите од купопродажниот договор. Како и да е, овие денови се роди идеја за повторен откуп, повторно купување на тоа што е продадено или што го има откупено ЕВН. Тука почитувана госпоѓо министер вашиот став е пасивен и искрено ви кажувам ниту сум прочитал ниту сум слушнал кој е ставот на госпоѓата министер за економија за оваа нова идеја за повторно купување на ЕВН.

Сакам да истаканм доколку трендот на државите во транзиција е приватизација во областа на енергетиката, посебно на делот кој што е во однос на дистрибуцијата, Владата, за жал го кажувам тоа, излегува со една поинаква теза за повторен откуп и повторно инвестирање на буџетските средства во определена област или сфера, за која јас мислам дека многу подобро може да се развие економски преку оваа Компанија ЕВН отколку преку инвестирање од буџетски средства, што значи мојата сугестија или мојот став е дека сепка би било добро во оваа насока вие да се изјасните за тоа кој е вашиот став како министер или на вашето Министерство.

Уште еднаш ќе се навратам на приватизацијата или темата на која дебатираме. Тоа што го кажав претходно дека тендерот со ТЕЦ “Неготино” ќе влијае негативно врз општиот стопански и економски развој, тука длабоко сум убеден и убеден сум дека овие дејанија ќе влијаат негативно и врз стимулацијата на странските инвеститори. Статистичките податоци, посебно оние што јас ги поседувам, изборот е од Меѓународната конференција на Обединетите нации за трговија и развој, говорат дека странските инвестиции во Република Македонија за жал во овој период достигнуваат висина од 120 милиони евра. Доколку се има предвид фактот дека странските инвестиции во споредба со другите држави во транзиција, како што е на пример Хрватска во периодот 2000-2002 година, односно 2004 година, биле отприлика на иста висина, денес доколку се споредат овие странски инвестиции кои се присутни во Македонија со инвестициите на пример во Хрватска ќе дојдеме до констатација дека сепак разликата е многу голема. Ова го велам од причина што доколку во Хрватска денес се смета дека странските директни инвестиции се во висина од две милијарди евра, тоа што го кажав претходно, кај нас овие инвестиции достигнуваат висина од околу 120 милиони евра. Со ова не сакам да кажам дека само вие сте виновна за една ваква ситуација, туку сакам уште еднаш да го истакнам фактот дека прашањето за кое дебатираме сигурно дека ќе влијае во иднина во насока на пораст на овие инвестиции во Македонија, иако јас сум свесен за серија фактори кои во оваа насока влијаат врз стимулацијата на инвестициите.

Има уште едно друго прашање кое сакам да го истакнам, иако претходно беше истакнато од еден мој колега и што е во однос на прашањето на кадрите во вашето Министерство. Вистина е дека до 2006 година во подрачните единици на Министерството за економија имало само две лица Албанци на раководни позиции. За жал, денес според информациите што ги имам ниту една подрачна единица на Министерството за економија не е раководена од Албанец. Можеби држи тоа што вие истакнавте дека во подрачната единица во вашето Министерство бројот на вработените достигна висина од 25% или колку што рековте, сепак сакам да истакнам тоа што го кажавте претходно во текот на систематизацијата на кадрите сте тргнале од начелото професионализација, тоа не држи. не држи од причина што податоците што ние ги поседуваме говорат сосема поунаку, поинакво нешто. Имајќи го предвид фактот дека е време за одмор, јас ќе оставам пет минути време за некоја дополнителна реплика. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Јашари.

Реплика има министерот за економија, повелете.

**Вера Рафајловска:** Прво, господинот праша ХАЧ од каде е, ХАЧ е од Канада. Другата компанија е МОТ Мекдоналдс од Велика Британија, Фајненшел инжинеринг е од Бугарија и Јунит инвест од Холандија. ХАЧ е голема компанија која се занимава и со енергетика, МОТ Мекдоналдс е исто така голема компанија и како одговор посредно да кажам за господинот Макрадули дека овие компании ги приложија своите финансиски ревидирани извештаи за три години, од каде што се извадени податоците за бонитетот на Конзорциумот.

Второто прашање од господинот: одлука судот не донесе за забрана, туку беше покренато од компанијата СЕНКАП да го искористи своето легитимно право, меѓутоа, не беше донесена.

Трета работа, приватизацијата или продажбата на ТЕЦ “Неготино” не се водеше по Законот за јавни набавки, туку по Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија.

Четврто, со поделбата или со првата стапка на либерализација, поделбата по вертикала на поранешно ЕСМ, тоа се три компании АД МЕПСО, значи оператор АД ЕЛЕМ производител

и ЕСМ ЕВН дистрибутер. Продажбата е 225 милиони и тие имаат обврска согласно договорот да инвестираат 90 милиони за три години, со тоа што првата година до април оваа година, значи април 2006 - 2007 година треба да инвестираат 35,5 милиони.

Она што се зборува дека ЕВН треба да се продава, апсолутно не мислам, мој став или Министерството, не е за ставот дека ЕВН треба да се купува обратно, како што е кажано, бидејќи тоа е сериозна компанија во Република Македонија и апсолутно треба да работи доколку цени дека условите и одговараат.

Што се однесува до кадрите, господине стојам на располагање со целокупната документација да ги споредиме податоците и јас ве уверувам дека веројатно други податоци имате, меѓутоа, сепак, за да се убедите, ве поканувам во Министерството за економија да дојдете и да ги расчистиме овие прашања. За сето тоа постои документација, постојат одлуки и слично. Затоа стојам на располагање да разговараме за ова прашање. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо министер.

Бидејќи нема контра реплика, тогаш согласно договореното објавувам пауза до 18,30 часот.

(Пауза од 18,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 18,47 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

На ред за збор е господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе, мислам дека ВМРО-ДПМНЕ има една единствена цел денеска, а тоа е како да ја маргинализира оваа расправа, што се покажа од самиот почеток во желбата истата расправа да се обиде наводно деловнички да ја измести и воопшто нејзината содржина и денеска гледаме дека за случајот за кој што токму нивниот шеф и премиер Никола Груевски и наводно задолжен за економскиот тим Зоран Ставрески, зборуваа речиси една година што денеска одбегнуваат воопшто за него да разговараат. Меѓутоа, тоа ја покажува за жал денешната ситуација во владината коалиција во која што не се знае ни кој е стопан, ни кој се учесници ни што се договараат ни како се договараат и на крајот, какви одлуки се носат.

Но денешната расправа, го потврди сето она што СДСМ, јавноста, а за жал во определениситуации и меѓународните претставници го говореа. Денеска морам да се заблагодарам на сеуште министерката за економија, констатиравме неколку факти. А тоа е дека и самата таа во своите чести реплики и интервенции потврди дека обидот за приватизација, за криминална продажба на државнио тимот, односно ТЕЦ Неготино била криминална, дека самата псотапка ја отсликувале сериозни пропусти во процедурата на која што кумувале повеќе претставници во Владата. И денеска, нема само една, има серија на факти и причини, заради кои што министерката Вера Рафајловска треба да си замине.

Јас сум благодарен на пратеничката група на ДПА што можеби и го даде косntруктивниот предлог министерката Рафајловска сама да си поднесе оставка и да не го трпи евентуалниот срам по изгласувањето на интерпелацијата.

Првата причина госпоѓо Рафајловска е дека токму вие лично, заедно со вашиот претпоставен Зоран Ставрески ја убедувавте во континуитет македонската јавност дека продажбата на ТЕЦ Неготино е потребна и дека продажбата на ТЕЦ Неготино ќе се оствари согласно највисоките стандарди. Јас навистина, не знам дали согласно вашето учество како партија во коалицијата на него му го отстапувате приматот и предноста да пресудува и одлучува за крупните економски прашања, но се сеќавам на серија на обиди за изјави од ваша страна, каде што секогаш кога ќе се дојдеше до прашање поврзано со ТЕЦ Неготино, микрофонот буквално ви го одземаше Зоран Ставрески и се обидуваше тој наводно да поентира. Вие го остававте.

Меѓу другото, дури и тоа да го земеме како ваша слабост, вие неколку пати, за за тоа говореше мојот колега Макрадули, истакнавте и ја убедувавте македонската јавност дека ќе донесете одлука за продажба на ТЕЦ Неготино. Денеска на 4 декември имаме факт дека ТЕЦ Неготино не е продадена.

Значи, првата причина зошто еден минситер во нормална држава си оди е затоа што не ја говори вистината. Тоа е многу сериозен морален, етички и политички прекршок за кој што вие треба да го покажете примерот, а се надевам дека дел од владеачкото мнозинство што сега не е присутно, можеби во ГТЦ шета по продавници, ќе го следи во некои други случаи.

Втората причина, или вториот факт госпоѓо Рафајловска, зошто вие треба да си поднесете оставка, или да се изгласа денес интерпелација за вас е затоа што често пати денеска рековте дека во носењето на одлуката да не го потпишете договорот со ХАЧ, се извинувам, бугарската фамилијарна фирма, вие рековте дека сте се воделе од интересите на државата и не сте сакале да дозволите некој од тоа да профитира и на недомаќински начин да се продаде името на државата.

Госпоѓо Рафајловска, првиот пат кога како член на Комисијата сте донеле одлука прво да го рангирате ХАЧ, вие дефакто, сте донеле одлука да ја отстапите компанијата државниот имот на граѓаните на ХАЧ. Значи, првиот пат вие сте ги прифатиле и лично сте придонеле да се донесе одлука ХАЧ да ја добие оваа термоелектрана.

Во тој случај госпоѓо Рафајловска, вие сте биле соучесник на недомаќинското раскрчмување на имотот и продажбата по криминален пат.

Во вториот случај, кога толку се фалите дека сте придонеле лично да не се потпише договорот, затоа што сте се воделе од интересите на

државата, а не од интересите на нечиј профит, денеска госпоѓо Рафајловска вие признавате дека заштитувате нечиј бизнис и профитерски интереси. Ќе беше доблесно од ваша страна, кога толку пати го повторивте тој факт да излезете и да речете, јас како Вера Рафајловска министер за економија, не го потпишав договорот за продажба на ТЕЦ Негорино на бугарската фамилијарна фирма, затоа што не сакав тој и тој, или таа и таа или таа партија, или таа групација или тоа бизнис лоби на Илинденска б.б. , или на некоја друга зграда на ВМРО-ДПМНЕ да ја добие оваа компанија. Тоа ќе беше чесно од ваша страна. Бидејки ако велите дека сте се грижеле домаќински за имотот на Република Македонија, тоа во моментот ви се само празни фрази и зборови. Дури и тоа да е точно, јас се надевам дека бевте искрени до крај, вие сте во овој момент соучесник на обидот на криминален начин да се продаде компанијата.

Третата причина зошто вие треба денеска да добиете изгласана интерпелација е затоа што се обидувате на многу несериозен начин да докажете дека сте биле само член на Комисијата која што одлучила за доделување на компанијата на ХАЧ. Се извинувам, ама министер за економија, не може да биде само член. Не може да биде дел од тимот. Но дури да е така, госпоѓо Рафајловска, вие имате комплетна одговорност за еден процент помала од она коеја што ја има Зиоран Ставрески, кој што бил претседател на Комисијата и кој што според некои информации, бил и дирекниот инспиратор и учесник за доделувањето на ТЕЦ Неготино на бугарската фамилијарна фирма. Ако ја земеме под претпоставка вашата теза дека вие сте само член, тогаш исто така не заслужувате да бидете министер, бидејки вие сте декор и сте проформа министер, член на тендерска комисија, или пак само сега гледајки ја целата ситуација се обидувате да најдете алиби зошто лично сакате себе си да се амнестирате.

Госпоѓо Рафајловска, во Република Македонија коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ дојде на влас со лажна понуда за подобрување на економијата. И вие водите многу сериозен ресор. Не слушнавме овие 15 месеци, освен, секако, во одреден временски период фалењата дека ТЕЦ Неготино ќе ја добие бугарската фирма ХАЧ, да ве слушнеме и да ја кажете барем буквата од зборот невработеност. Не слушнавме да кажете ниту еден збор од најголемиот и најгорлив проблем на Република Македонија, а тоа е отсуството на странски инвестиции. И тукане можам да сметам дека сте само вие виновни. Се извинувам, ама јас жалам што вие дозволивте како министер за економија да бидете министер под кирија на потпретседателот на Владата Зоран Ставрески. Јас жалам што денеска тој не е тука, бидејки очекував дека барем ќе има, се согласувам со колешката дека нема разлика меѓу машка и женска храброст, а барем очекував да има минимум храброст да се појави и како што се фалеше дека ве гушка и дека многу ве сака, да ја подели одговорноста минимум со вас, бидејки е објективно,одговорноста е поголема кај него. Тој е тој што ја среди целата постапка, тој е тој што ја среди целата процедура, тој е тој кој што претпоставувам и на вас ви вршеше притисок да ја доделите и да гласате, како што првиот пат сте нарпавиле, да ја донесете одлуката да ја доделите ТЕЦ Неготино на ХАЧ. Меѓу другото , госпоѓо министер, велите дека било легитимно, заради наводно, државните интереси, вие да барате дополнителни документи за бугарската фамилијарна фирма и заради тоа во втората фаза на евалуација вие сте одлучиле, повторно ќе повторам, што не можам никако да го сфатам, во име на државните интереси да не ја доделите ТЕЦ Неготино на ХАЧ. Што правевте госпоѓо министерке, вие и Зоран Ставрески првиот пат, кога ги отваравте документите. Што тогаш читавте и гледавте. Како можевте со таков бонитет за кој што говореше воведничарот воопшто да го рангирате ХАЧ како прво пласиран. Или мислевте дека целата работа ќе помине набрзина, ќе се спакува во еден пакет на потези, кои што ќе ги демаскираат, или ќе го дефокусираат вниманието на македонската, но и на светската меѓународно воопшто јавност, кон оваа ситуација. Не, Македонија нема премногу капитални објекти и кога носи одлука за нив, носи одлука и за сега, но и за следните генерации. Се извинувам, ама вие не сте ништо помалку, ништо подобра од мотивот на Зоран Ставрески да ја додели компанијата на бугарска фамилијарна фирма, која што има во минатото и во сегашноста исклучително добри врски, лични, со раководството на ВМРО-ДПМНЕ . Не можете да се амнестирате од фактот дека во носењето на одлукит еимате одговорност и како личност и како партија и како дел од колективниот орган Владата.

СДСМ госпоѓо министерке, даде еден предлог до Јавниот обвинител и до министерката која што сега дели лекции на новинарите, Гордана Јанкуловска, а тоа е по примерот на апсењето на целокупниот Управен одбор на Охис, се изврши апсење и на тендерската комисија која што донесе одлука за продажбата на ТЕЦ на ХАЧ. Па ајде вие поседете три месеци госпоѓо министер, заедно со вашите колеги од тендерската комисија, бидејќи сте донеле колективна одлука во Истражниот затвор Шутка  и после судот ќе ве ослободи, заради немање на докази. Ајде вие поминете го тој дел, како што сега оваа Влада го прави за огромен број на луѓе. Ако сакате навистина некој да поверува дека во оваа држава има функционирање на првото и правната држава. Бидејки сето останато е само празен обид од ваша страна да речете јас за ништо не сум надлежна, јас ништо не направив има некој друг лош, а тоа е поголемиот брат, кој што ги направи сите негативни и потенцијално коруптивни активности. И за тоа се паѓа и се излегува од министерската фотеља. Да не говорам дека во заложбите не само на вашата партија, туку и на Владата влегоа обврските дека ќе го промовирате и Законот за туризмот. Ништо не видовме од тоа. Не видовме како ресорен

министер барем да побарате информамција од Владата зошто во континуитет паѓаат блоковите на РЕК Битола, зошто додека во ТЕЦ Осломеј двапати подолго го прави ремонот една фирма, во континуитет увезува струја по повисока цена и 35 милиони евра се одвојуваат од Буџетот до сега за плаќање на оваа струја по повисока цена. Не слушнавме да се заинтересирате и да го прашате господинот Мизо како може да дозволи еден човек кој што има добиено кривична пријава за злоупотреба и за манипулација на странски инвеститор, ќе биде пратен во странство, наводно за да привелкува странски инвестиции.

Јас навистина се прашувам дали сте вие министер и јас лично го имам одговорот. Не. Бидејки министер од вашиот ресор е Зоран Ставрески. Ама кога во исто време ќе си го кажам тој одговор немам дилеми дека вие понатаму не можете да бидете министер. Никој од СДСМ, ниту од пошироката јавност, не може да го доведе во прашање вашиот личен кредибилитет и вашето искуство во делот на економијата кое што сте го имале во изминатиот период. Ама тоа автоматски не ве прави добар министер. Министерот Трајко Славески е доктор по економски науки и тој е добар професор, ама тоа не го прави добар министер за финансии. Господинот Ивица Боцески е добар за многу работи, ама тоа не го прави добар портпарол. И за тоа ќе говориме утре. Е па, во оваа држава мора да има ред. Ако вие сте се нафатиле да водите ресор за економија, водете го и расчистувајте ги работите до крај. Кажете ни чии интереси од Владата не сакавте да ги штитите до крај, а самите велите дека се криминални. Кажете име и презиме, за да знаеме или да потврдиме, а знаеме кого, да го ставиме на судот на македонската јавност. Бидејки во спротивно вие ќе го понесете и тој товар. Бидејќи само во Република Македонија постои ситуација некој да се обидува од Владата да започне криминална приватизација и само затоа што е фатен додека го прави тоа, да ја повлече одлуката и да очекув анекој да му плеска. Тоа никаде го нема.

Јас сум убеден дека да не беше реакцијата на СДСМ, да не беше реакцијата на медиумите, да не добивте сериозни пораки од Стејд департментот и од американската Амбасада во Македонија, вие ќе го потпишевте договорот. И денеска, можеби, кога повторно ќе разговаравме за вашата интерпелација, вие со Зоран Ставрески гушнати ќе ја сечевте црвената лента во Неготино. Тоа госпоѓо Рафајловска, беше едното сценарио на Владата. Тоа беше доминантното сценарио на Владата. Бидејки поинаку не може никако да се толкува тоа што сите очекувавте да не го направите на самиот почеток, вие да го направите како шпанска серија во втората, ама малку подоцна и уште вие да речете, јас сум чиста. Ама тие другите, се тие кои ги направија проблемите, а притоа, нема да им ги кажеме имињата, за да си останеме сите среќни и задоволни, за да си останеме во коалицијата, за да си останеме на влас, за да можеби, реализираме некоја наша зделка.

Затоа што таа можби беше на ВМРО ДПМНЕ, ама на НСДП ќе биде некоја друга, па ке очекуваме и тие да молчат и да ни ја легализираат и легитимираат, може ќе биде на друго место, можеби кај некој ваш друг министер, не знам, ама обично само во одредени структури на општеството од минатото функционирале работите од типот дај ни бизнис, за да ти дадам бизнис. За жал, водењето на државните интереси со оваа Влада се сведе на евтина продажба, купопродажба и партер економија воделот на приватните и партиски бизнис интереси. И ја поделивте Македонија и македонската економија како Чикаго за време на бандите, еден дел е мој, еден дел е твој. И тоа ќе функционира се до тогаш додека има мир помеѓу вас. Е па не може понатаму да се продолжи, бидејќи ако ние пред странските инвеститори пратиме порака дека во Македонија се е можно, се е легитимно и се е легално, немојте да очекувате да дојдат странски инвеститори. Зошто некој би ставил свој имот под гаранција, или би подигнал евентуално кредит и би учествувал на тендер за да види дека тој кој што најмалку заслужува, истиот ќе го добие. И, кога ќе се отвори целата работа ќе се донесе спротивнат одлука и на крај ќе ја имаме најлошата одлука, никој нема да ја добие ТЕЦ Неготино. Во моментов таа ситуација најмногу одговара на ВМРО ДПМНЕ, или на нивните стрктури од Владата. Македонија ќе има во континуитет загуба во производството на струја, ќе па ѓа РЕК Битола можеби еднаш неделно, ножеби деновите веќе да ги определиме, ТЕЦ Осломеј нема да работи и ќе се набавува струја од секаде, само не од Македонија. И ќе се вадат огромни средства од Буџетот на Република Македонија нормално преку приватните фирми. Е тоа не е економија. Тоа можеби не е ни сива економија, тоа е криминална економија. И во таква ситуација, ако сака барем ВМРО ДПМНЕ да продолжи во својот обид да се испере, треба денес да гласа за вашата интерпелација и да ви го натовари целиот негативен багаж на вас. И ќе рече да, госпоѓата Рафајловска е виновна, ќе најдеме некој друг човек за тоа место. Ако сакаат да ја играат пак спротивната улога дека ВМРО ДПМНЕ не знае што се случува во државата, тие госпоѓо Рафајловска денеска ќе ви ја дадат вашата доверба од страв претпоставувам да не го изговорите она што вие најдобро го знаете. А тоа е, како преговаравте за Хач, зошто одлучивте без недостиг на документи легитимни и валидни да изгласате прв пат за нив, зошто понатаму во меѓу време се предомислувавте неколку месеци за да на крај Владата ја поништи својата одлука и ја остави ТЕЦ Неготино во статус како што беше претходно во државна сопственост. И можеби ќе ни дадете одговор, што бараше вашиот претседател на партијата Тито Петковски вечерта кога Владата ја донсе оваа одлука во 11,00 часот. Нели бевте транспарентна Влада, зошто не ги поканивте новинарите да присуствуваат на таа седница. Не го видов целиот економски тим

нареден позади паното дека сте реформска Влада и да соопшти дека останува ТЕЦ Неготино во државна сопственост и ќе продолжи увозот на струја по високи цени, исто како што очекувам дека ќе излезе целата Влада и ќе рече: му благодариме на искуството на Венецуелскиот претседател како ќе се национализираат приватни компании. И притоа ќе речеме, сакаме во Европската унија и во НАТО. Со такви потези во економијата ниту има животен стандард на граѓани, ниту има прогрес, ниту има инвестиции, ниту има вработувања. Има само пораст во еден дел на корумпирани криминални политичари. Ако тоа не е така, има пораст на неспособни политичари кои што по секоја цена заради благодетите и предноста и привилегиите на власта ќе прифатат се и сешто. Конечно во оваа држава мислам дека некој треба навистина да има образ и некој да ја понесе одговорноста за да сака понатаму луѓето и јавноста да го ценат, верувам како што го ценеле и пред да дојде на министерската функција.

**Бесим Догани:** Реплика има Вера Рафајловска, министер за економија.

**Вера Рафајловска:** Прво, не барам никакво алиби. Второ, да се изборите цело време за одлуката за продажба на ТЕЦ што вие не ја завршивте. Трето, 15 години сте во Македонија и криминални приватизации направивте, 360 илјади невработени и ене ги стечајците онде од страна. Тоа што дали РЕК, или некој не работи, не се извршени ремонти за сите овие години, не обезбедивте нафта, не направивте енергетски биланс и многу други работи. Значи, вие сакате да кажете, се амнестирате за се она што го правевте во Република Македонија и сега ќе ги бараме кривците. Сега ќе ги бараме сите кривци заедно и тогаш сите заедно ќе застанеме на иста маса, а не вака. И постојано ја извртувате вистината. Не се бараше бонитет од компаниите, се бараше дополнителни податоци, ќе се бараше и од СЕНКАП и од сите. Постојано се менуваат информациите во однос на сопственостите. Значи, немојте да извртувате нешто, или нон стоп да зборувате тоа што сакате сами да го слушнете.

**Бесим Догани:** Контра реплика има господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Неколку фарси во една минута. За стечајците госпоѓо министерке добро што ви текна после 15 месеци, за тоа ќе го прашате Смиленски, Љубчо Георгиевски и Никола Груевски. Тие ќе ви ја кажат вистината.

За тоа што направи СДСМ со ТЕЦ Неготино, ќе ги побарате сличните искуства во Шведска и во Финска, а тоа е дека донесената одлука не се реализира само за да не биде направена во време на изборна кампања. Кога вие ќе направите слична одлука, не во кампања, во нормално време, јас прв ќе ја поздравам. Ама не можам да очекувам дека пак вие толку ќе бидете свесни.

И на крајот, госпоѓо министерке, се бара во првото ваше одлучување билансна состојба, состојба на приходите, приливи на финансиски средства, инвестиции, сметки и извори на надворешни финансиски трансфери, заеми, банкарски кредити итн. Ова се во првото одлучување господо министер податоци што вие моравте да ги имате, во таква ситуација, значи вие уште првиот пат сте знаеле кога сте ја донеле одлуката.

**Бесим Догани:** Реплика има господинот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

Господине Ивановски, ние сме тука да зборуваме вечерва за интерпелацијата на министерот за економија Вера Рафајловска. Во ред, ќе зборуваме за нејзината интерпелација како што вие во вашата дискусија тоа го направивте. Но, како економист ќе ве прашам нешто, во овие 17 години бидете искрен и кажете дали да, или не. Можете и од место. Во овие 17 години дали имало година со поголем економски раст на бруто општествениот производ на Република Македонија? Јас ќе ви кажам, во овие 17 години, ако ги споредиме сите влади, ако ги споредиме сите периоди, квартали и години и слично, не сме имале поголем економски раст од 2007 година. Дали е тоа доволно? Не е. Дали тоа ги исцрпува сите ветувања и сите обврски кои што ги имаме спрема граѓаните? Не, но сепак од оваа година спорд бројки и факти, не според впечатоци и кажувања и слично, знаеме дека е тешко апсолутно, затоа што наследивме земја која што во голема мерка е опустошена економски и осиромашена и ограбена господине Ивановски, советник на Бранко Црвенковски. Значи, имаме ситуација во која што екомомијата никогаш процентуално не растела вака како сега. Тоа е заслуга на целата Влада. И на премиерот и на вицепремиерот и на министрите кои што ги водат разните ресори, но вклучувајќи го тука и Министерството за економија. Затоа што Министерството за економија покрај другите ресори, покрај целиот владин тим влијае на состојбите во економијата во Република Македонија. Господине Ивановски, исто така, немојте без примерно да ја обманувате македонската јавност затоа што знаеме, онаа вечер тука присутниот Бучковски и претходниот министер Бесими на кој начин го продадоа Електростопанство на Македонија за 200 и нешто милиони евра ја продадовте цела дистрибуција и сега Република Македонија треба да плаќа пенали, имаме проблеми во енергетиката и сето она што секој ден го слушаме и го гледаме. Господине Ивановски, бидете фер и одговорете, овие година ипол немаше зголемување на цената на струјата за потрошувачите. Вие откако дојдовте вашиот министер за финансии со име и презиме Петар Гошев, вашиот министер за финансии со име и презиме Никола Поповски и многумина други ги зголемуваа цените на струјата во Република Македонија. Оваа Влада и наспроти приватниот монопол кој што ни го оставивте во наследство ја брани и го спречува зголемувањето на цената на струјата. И на крајот, не зборувајте за Хуго Чавез, затоа што вашите поддржувачи и

вашикте апологети ги поддржуваат и Чавез и северно корејците и сите други кои што се противници на слободата.

**Бесим Догани:** Една минута контра реплика има господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Тешко на онаа партија во која што најбогатиот студент на 30 години правник, зборува за економија. Тогаш, имаме сериозни проблеми. бидејќи фактите на вашиот владин Завод за статистика говорат дека 2007 година е година со најголемиот пораст на цени, најголемиот пораст на сиромаштија и најголем пораст на лаги што може да истрпи оваа почва во Република Македонија. И тоа се фактите. За нив не можам да зборувам, за жал во 31 секунда, за нив ќе ми требаат три дена и три ноки, ама за тоа ке имаме шанса. И затоа господине Влатко Ѓорчев, кога СДСМ го продаваше Електростопанство на Македонија во неговата приватизација учествуваа Транс веренс интернешенел, во неговата приватизација на улиците ги имавме вашите благонадежни идни вработени кадри на ВМРО ДПМНЕ во ликот на “глас на светлината” и од тие 225 милиони евра господине Ѓорчев, вие ги враќате долговите на оваа држава и ги плаќате рекламните спотови. Е тогаш парите ви се добредојдени.

**Бесим Догани:** Реплика има господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Сметам дека пратеникот ќе ме следи преку слушалките, господинот Игор Ивановски. Навистина со многу нешта кои ги искажа се согласувам, бидејќи верувам дека се потрудил да говори со факти и аргументи и овие факти ги поддржа со тоа што порано реагираше неговата партија во оваа насока. Велам, имаше неколку прес конференции СДСМ во врска со продажбата на ТЕЦ Неготино. И тој во текот на своето излагање, пратеникот спомна многу имиња. Велам, спомна многу имиња од Владата, или од актуелните министри на оваа Влада кои се инволвирани во купопродажбата на ТЕЦ Неготино. Овој пратеник го сметам како пратеник кој поседува вистински инфорамции и до бри информации и бидејќи ги има овие инфорамции би било добро доколку поседува и некои дополнителни информации кои и за мене, но и за јавноста да ни даде информации во насока на тоа дека Владата порано распиша еден конкурс, или правеше реклами дека за тие кои ќе бидат корумпирани, или ќе се фатат во корупциски дела ќе поделат и награда Оскар, а време е кога во светот се доделуваат овие награди било за најдбори играчи, или за најдобри глумци и за наука итн. И вие господине Ивановски, до колку поседувате информација во оваа година Владата кому ќе го додели тој Оскар, би било добро да ни го кажете тоа, или подобро да кажам, вие бидејќи спомнавте многу имиња, кому ќе му го доделевте Оскарот за оваа година?

**Бесим Догани:** Контра реплика има господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Господине Алити, благодарам за конструктивноста. Ние неколку пати откако го отворивме случајот вртевме често пати на бројот 199, ама таму или никој не се јавуваше или цело време беше зафатено. Неколку пати се обидовме преку институциите на државата да реагираме и да побараме завршница на овој случај, ама тие често пати беа зафатени, или не сакаа да разговараат. Добар е периодот кон крајот на декември се сумираат резултатите од годината и СДСМ треба сериозно да размисли за тоа на кого ќе му го даде Оскарот. Но, верувајте конкуренцијата е огромна и не сакаме да згрешиме. Затоа ќе размислиме уште малку. Но, затоа и ја повикувам министерката Рафајловска да ја искористи оваа интерпелација и со инсајдерските информации кои што таа најдобро ги знае може да ни помогне во одбирањето на тоа кој ќе го добие Оскарот за корупцијата на Владата на Република Македонија. Не се секирајте, ќе заврши на некоја витрина во “Илинденска” без број.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, почитуван министер за економија, колеги пратеници. Ќе се обидам да говорам диреkно по министерката Рафајловска сметајќи дека нејзиното семејство нема да ја сфати лично оваа моја дискусија како што лично го сфати тоа што прв сум потпишан на интерпелацијата по азбучен ред. Сите знаат, бидејќи Македонија е мала, со вашиот син сум исклучително добар пријател долги години, а вашиот сопруг е далечен роднина на мојата мајка. Но, тоа не ги менува работите. Сега ви зборувам пријателски, затоа што очекував дека и вие дел од вашата совест ќе исперете со поинаква дискусија, а не со дискусија како да ја пишувал главниот виновник, мојот фаворит за Оскар, Зоран Ставрески. Значи, мојот фаворит за Оскар е Зоран Ставрески. Тој ја замеша целата оваа работа и не може вашиот потез да биде толкуван како најдомаќинска одлука, туку тој потез беше изнуден потез. Значи, бидејќи другиот мој колега ја напушти салата, го кажа тоа што требаше, фрли една напал бомба од која брзо се гаси и си замина. Другиот ќе му пренесе, што е разликата меѓу претходната Влада и оваа во секторот енергетика? Претходната Влада ја направи најтранспарентната и најуспешната приватизација, а тоа е приватизацијата на ЕСМ Дистрибуција, имаме нов сопственик, тоа е ЕВН. Знам дека сте нервозни затоа што се фатени господине Цветко, живи, или инфлангранти велиме ние правниците. Па останаа 12 часа повеќе во Бугарија да вратат со камата. Тоа се вика пишманлк, значи пишманлк, ќе даваш капар. Браќата од Бугарија дале капар. Е твоите браќа бидејќи не го исполниле договорот, сега пишманлкот го вратија дупло, зборуваат за 4 или 5 милиони евра. Кога ќе се смени власта знаете госпоѓо министерке дека овој случај нема да биде третиран само политички, туку ќе има и кривична одговорност. Јасно е дека вие ќе бидете

третирани како еден од луѓето кои ќе соработуваат верувам со правдата и ќе кажете кои од браќата од Бугарија, од Русија, кои мафијашки групации беа оние кои ви вршеа и вас притисок да го потпишете договорот. Благодарение на вас овој договор не е потпишан, но верував дека ќе имате многу поголема доблест, а не овде да рецитирате нешто што го кажува како папагал Зоран Ставрески и нему сличните кои не разбираат ништо право. Вие треба да си го цените угледот и на Компанијата како една од најдобрите компании, консалтинг компании. И срамота е да не правите разлика меѓу инвестициски договор и договор за купопродажба, па да мешате како Ставрески баби и жаби. Инвестициски договор, модел за продажба што го имаше СДСМ ќе донесеше милијарда долари. А вашиот договор за купопродажба донесе минус 14 милиони долари во август. За тоа говореше претседателката Шекеринска. Тоа е светскиот рекорд, до сега немало таков успех, во еден месец да имаш минус.

Втора работа, за оние кои не знаат, затоа што некои други колеги се обидуваат сега да прават паралела да го задскријат овој криминал, да говорат дека ЕСМ Дистрибуција и продажбата е криминал. Бројките кажуваат нешто друго.

Бидејќи нема друг показател меѓународните експерти користат по броило на домаќинство која е постигнатата цена. При продажбата на Дистрибуцијата во Бугарија се постигнало по броило 230 евра. Во Романија, првиот пат 100, вториот пат 150, а во Чешка 200 евра. Македонија успеа да стигне до 349 евра по броило. Затоа беше изненадување и за вашиот сегашен шеф Груевски продажбата по 200 или по 225 милиони евра.

Пред сведоци има изјавено, во февруари, кога ја пушташе таа плавушата и оној Ромео по скопските крстосници дека ќе го “запали” Бучковски, дека после ќе го “фрли” во Вардар заедно со цела Влада ако ја продадат под 120 милиони евра Дистрибуција. Толку беа калкулациите што ги правеше со неговите стројници кои, тоа зимо, ќе видите, ветуваше во Чешка. Зошто беа во Чешка, ќе погледнете и ќе дојдете до показателите. Па, и овие ако ги следите, бидејќи се обидовте, вие го срушивте тендерот затоа што немаше правен субјективитет. Вие знаете дека конзорциум нема правен субјективитет.

И второ, знаевте нешто, а не го кажавте до крај дека некој ветил од вашите шефови дека за ладната резерва на ТЕ Неготино ќе се земат меѓународните стандарди. А, бидејќи јас се заинатив, не е ова моја област, има овде многу постручни, но бидејќи на еден арогантен одговор на крајот од август, така и почна целата приказна, бараше неколку прашања Макрадули, не доби одговор. Потоа почнавме со заеднички сили една колумна, друга колумна, демократскта јавност и ова е реално најголемата победа на опозицијата во изминативе 16 месеци.

Некој скапо ова ќе го плати. Во секој поглед. Затоа што во овој момент ја водиме дискусијата, а не знаеме колкава е штетата. Штетата ќе се утврди кога Упрвниот суд ќе го реши предметот за овој случај. До сега се калкулира дека има вистински претпрена штета. Тоа го знаат правниците. Вие не сте правник. А, потоа ќе зборуваме за изгубената добивка. Дека физибилити студијата, длабинските анализи, експертите кои биле ангажирани чинат во просек од 500 до 800 илјади евра. Тоа е веќе претрпена штета за СЕНКАП, за Хач и за другите. Изгубената добивка прогнозира дека ќе биде од 3-5-12 некој вели, 15 милиони евра. Не знам кој, врз основа на Одлуката на Управниот суд, понатаму, ако не биде задоволен ќе одлучува?

Немојте да ја залажувате македонската јавност и да фрлате прав во очи да речете ние го поништивме тендерот и нема штета. Лажете. Штета има. Ќе се утврди колкава е штетата. Ние денеска разговараме за политичката штета. До година, можеби 2009 ќе разговараме за кривичната одговорност по промената на власта. Одиме понатаму.

Во овој сектор, во енергетскиот, каде што де факто вие требаше да го водите, се случуваат многу чудни работи. Тој, мојот фаворит за Оскар, секоја негова изјава, како минатата недела овде што лажеше во една полемика со Шекеринска, ја излажа македонската јавност за ТЕ Неготино најмалку седум пати, со своите изјави. Педатно имаше набележано Макрадули, не би ги цитирал. Ќе ги оставиме за старо-новиот јавен обвинител. Си работиме ние. Не треба да имаме свои јавни обвинители во сенка, туку си правиме бела книга, педантно, кој што правел, се полни касата со податоци од Бугарија, од Русија, така што не се секирајте, ние сме исклучително подговени за овој случај затоа што тоа е слаба точка што ќе ве чини на крајот пораз на идните парламентарни избори. Овде 100:0 води опозицијата. Тоа ќе го докаже. На оваа расправа само дел, понатаму нешто повеќе.

Но, кај фаворитот за Оскар, Ставрески, ви го презема ресорот енергетика. Ние, за тоа нема дилеми дека овде сакаме да разговараме со вас и да ви вратиме дел од ингеренциите, ако ја преживеете интерпелацијата. Затоа што вака не може еден секојдневно да влече потези, а друг да биде дежурен виновник. А тоа е госпоѓата Рафајловска.

Значи, Ставрески лажеше и за клириншкиот долг. Како прво, откри дел од сценариото. Значи, ветил тој, дали по налог на Груевски, веројатно, дека Хач ако ја купи компанијата ќе добива годишно 12,4 милиони евра за ладна резерва, бидејќи меѓународните стандарди велат месечно да се чува ладна резерва 1,2 милиони. Тоа сум го научил. Велите точно е, така е. Четири години по 12,5 милиони евра е 50 милиони. Тој требаше да даде 63, со 10-те милиони не знам што ќе правевте. Значи, за џабе. Имајќи во предвид дека ќе беше ќар, затоа што, види богати, отишол Ставрески во Москва или не знам каде, преговарал еден крак од оние четири краци што

треба да одат за гасификација на Македонија да одат за ТЕ Неготино, а ТЕ Неготино ја продаваме на Бугари. Во приватен влог можеби сака и мојот пријател Тачи да донесе во Тетово, кај него на плацот или кај мене да донесе во Скопје, но не сме преговарале за такво нешто.

Значи, станува збор за серија на потези во кои ве инволвираат вас, а вие, според сите информации, според сите информации пружавте отпор се до овој денешен јавен настап. Сите информации говорат, благодарејќи на вашата упорност, некој вели тврдоглавоста можеби на Петковски да ги зајакне своите позиции, успеавте договорот да не биде потпишан. Но, тоа не ве амнестира со ваква изјава. Со денеска, ова што го гледам, затоа што за жал, не успеав да го слушам вашето ексозе, вие станавте соучесник. Вие користите термини и терминологија што ја кажуваше Ставрески на 30 или 31 август како одговор на пратеничките прашања, кога играше мајтап со тоа, демек како можело 4 милиони да биде повеќе од 63 милиони. А, мешаше баби и жаби, затоа што различен модел, различен договор.

Јас, затоа, јавно го прашав и му напишав кога тоа господине Ставрески 62 е поголемо од 68. Ние така тргнавме во истражување.

Прво, беше нелогично, Второстепената владина комисија вели, ние не сме надлежни, бидејќи не е јавна набавка, ова е договор за продажба, а кога нешто продавате, оној кој понудил помалку, да му го продадете на второрангираниот. Па, вие се обидовте тука да правите некоја паралела, демек не се продава зеленчук, не сме на пазар. Но, не успеавте до крај да, во меѓувреме ги дотерате документите на фаворитот на фамилијата односно семејството Груевски.

И сега, што правиме? Сега дојдовме во ситуација каде што се констатира дека станувaше збор за криминална приватизација, каде што има дефинитивно, немаме сега докази, како ќе се ближи крајот на оваа Влада, вие знаете обратно пропорционално оди тоа, од ден на ден се зголемуваат папките и се доаѓа до се повеќе информации. Ќе се дојде до вистината кој ги зема парите, кој ги врати сега, зошто беше Македонија доведена на столбот, сега на срамот кај сите странски инвеститори. Па, после серијата на скандали што се правата, не знам дали случајно ги избравте Австријците или на нив тренирате да покажете дека можете да бидете бетер од Чавез, виза ви странските инвеститори. Гледате и тој толку многу се чаламеше и нему му дојде крајот. Изгуби на референдум, како што ќе загубите вие на следните избори...

(Џагор со дофрлање од место).

Па намерно, и вие намерно ќе изгубите. Ќе биде полесно. Секој ден ќе ви станува пекол. Ќе посакате да си заминете од власта. Полека. Ние не сме почнале, сега се загреваме. Еден по еден доаѓаме. Полека, полека. Се ќе си дојде на свое место. Се ќе си дојде на свое место.

Дојдовме до мојот фаворит за Оскар, Зоран Ставрески.

Преговараше што преговараше, со Русите. Му се брзаше да го затвори клириншкиот долг затоа што фамилијата бугарска требаше да ги земе клучевите од термоелектраната. А вие рековте - пу, пу не важи. Го нема. Последната изјава му беше дека на 7 ноември ќе го потпише договорот. А, се сеќавате на крајот на септември се појави во едно кошулче, полутемница таму, вели, требаше нешто да затскрие, некоја глубост дента, вели - денеска голем успех, 50 милиони евра клириншки долг, 20 милиони повеќе од претходната Влада. Кога нема други аргументи, ќе извади од џеб, ќе фрли нешто, прав во очи, мисли дека завршил.

Еве сега да го прашаме, односно вас да ве прашаме, затоа што претходно од времето на Илија Филиповски и на Стевче Јакимовски и на Фатмир Бесими, секогаш министерот за економија бил одговорен за клириншкиот долг. Што тоа се случи госпоѓо Рафајловска? Од каде испадна овој ол раунд играч, за се го бива, па дури и во НАТО ќе го пратиме, тој да биде во делегацијата. Од каде ова момче за се, знае и за клириншкиот долг што треба да направи. Или веќе нема интерес да преговара за клириншкиот долг, затоа што ТЕ Неготино не е продадена на фамилијата односно на “нашата фамилија-фамилија”. Господинот Тачи ме разбра што сакам да кажам. Тоа е добар знак. Тоа е многу добар знак. Тоа е многу добар знак. За една работа ќе разбере Петковски, за другата Тачи. Близу сме до крајот. Но, да продолжам онаму каде што застанав.

Госпоѓо Рафајловска, се надевам дека на крајот, наместо вас ќе говорел господинот Петковски. Ќе имаме многу поиздржана дискусија и посочување на политичката одговорност на оние кои нанесоа ненадоместлива штета на угледот на Република Македонија во напорите да биде промовирана како атрактивна бизнис дестинација.

Второ, да биде посочен виновникот, кому ќе биде испорачана сметката. Затоа што штетата, реков, Управниот суд ќе ги едуцира судиите, каде и да е, затоа што за тоа не само што се шпекулира, сега имам потврда. За резил. Значи, не може да профункционира Управниот суд, не затоа што немало услови, туку затоа што сеуште трае обуката на оние судии кои се избрани сега. Ќе се едуцираат, веројатно до крајот на мандатот ќе смогнат сили меѓу пет илјади предмети да го земат овој, затоа што имаше овде барање за времена мерка, сега веќе не е актуелна и да го решат. И тогаш веќе ќе разговараме и колкава е штетата, дали ќе биде само 500 илјади евра или ќе биде 15 милиони евра. Затоа што, уште еднаш потврдувам, со носењето на одлуката да се поништи тендерот, не е регулиран делот на надоместување на штета на оние што се чувствуваат дека се повредени нивните права.

Второ, нека биде и последно, очекував со оваа денешна дискусија, уште повеќе што и ДПА навести дека ќе биде конструктивен, поддржувајќи еден оде напорите на опозицијата, не да ви изгласаме вам само интерпелација за да срушиме министер на НСДП. Реално, не е тоа нашата намера. Туку, очекувавме, со вашиот настап ќе

покажете како функционира оваа Влада. Зошто уште од почетокот  НСДП и вие бевте трн во ногата на Груевски, па ги одложуваше преговорите. Наводно, преговара со ДУИ, а всушност се договараше по секоја цена да го истисне Петковски, да го нема секторот економија, затоа што смета дека не сте дел од тимот. Кога тоа не успеа, дефинитивно, за жал, ве третираат како да сте вишок. Ги преземаат, буквално сите активности, посебно во тргувањето со струјата.

Вие многу знаете. Ќе бидете многу од корист. Верувам, кога ќе дојде време ќе раскажете многу приказни за начинот како Македонија оваа година за 180 милиони евра увезе струја. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски.

За реплика се јави господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Не знам од кога, господинот Бучковски кажува дека "моите браќа Бугари" дошле за да купат нешто и да направат. Јас би спомнал дека и "вашите браќа Бугари" со кои соработувавте за продажбата на оружјето и "вашите браќа Срби", господинот Миле Драгиќ, со кого тргувавте  со интенданска опрема се многу, многу можеби поекспонирани отколку што сме самите ние.

Не знам кога 62, рековте се поголеми од 68, но македонскиот народ знае дека никогаш 4 не било поголемо од 62. Колку-толку математиката, барем простата математика ја познава народот македонски.

Добро е што кај нас, за разлика од кај вас господине Бучковски, како што рековте, полека некој ги разбира работите. Една работа ќе разбере Тачи, друга работа Петковски, третата можеби некој од ВМРО-ДПМНЕ, но разликата е што кај вас никако да разберете. Никако да разберете дека ЕСМ не смеевте да ја продадете. Дека требаше да направите една пресметка во која што ќе видите дека од 240 милиони евра, колку што ја продадовте, 225, ете, ме поправија, значи 180 милиони евра ЕСМ имаше побарувања. Која е разликата сега за која што е продадена ЕСМ? Господине Бучковски, бидејќи сте добар математичар можете да кажете.

(Дофрлање од место).

Покрај тоа што е по вокација правник, е и добар математичар.

Покрај сето ова господине Бучковски, спомнувате дека сме разговарале со браќата Руси и Бугари. Зарем не е подобро да направиме еден елаборат и да видиме дека со гасификацијата на ТЕ Неготино Македонија ќе ја избегне енергетската криза? Зошто не го пофалите овој факт и да кажете дека конечно, со една таква инвестиција, со влез на таков капитал, Македонија ќе може да се справи со енергетската криза? Зошто сметате дека сега, проблемите што се јавувале во РЕК Битола дека настанале од вчера за денеска? Зошто во времето кога вие бевте премиер не направивте ремонти? Зошто сега имаме бела саботажа?

Зборуваме за нешто што и сите граѓани го знааат доволно добро за да можеме да ги извртиме тезите. Затоа што, колку што вие го продадовте ТЕ Неготино за 4 милиони евра, толку и ние го продадовме ТЕ Неготино за тие 64 милиони евра. Зборуваме за нешто што не држи. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика има господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Да беше некој друг пратеник, ќе се обидев уште еднаш да објаснам што е разликата меѓу инвестициски договор и договор за купопродажба. Но и самиот пратеник, рече, цитирам "една работа ќе ја разбере Тачи, другата Петковски, трета некои пратеници од ВМРО-ДПМНЕ", јас само ќе продолжам, само Цветко Грозданов ништо нема да разбере. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благоарам и јас.

Реплика има господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Ќе се обидам неколку работи да прокоментирам од она што го посочи колегата Бучковски.

Прво, многу често се спомнува РЕК Битола. Ајде вака, да ги кажеме податоците:

РЕК Битола, 2004 година ремонтиран е само еден блок. РЕК Битола 2005 година е ремонтиран вториот блок, само вториот блок. РЕК Битола 2006 година не е ремонтирано ништо, а знаете каква обврска има државата во врска со ремонтите на РЕК Битола и што значи ремонтот за еден стар систем како што е РЕК Битола.

Покрај тоа, со 135 дена планиран застој во оваа година, господине Бучковски, РЕК Битола по обемот на производство доцни само седум дена од тоа што претставуваше производство, без ниту еден плански ден застој 2006 година, кога немаше ремонт на ништо во РЕК Битола.

Тука треба да си го поставите прашањето кој што работел со РЕК Битола и тука вие, како премиер на Република Македонија, за што сметам дека сте немале контрола врз енергетскиот систем, треба да си го поставите прашањето кој од луѓето околу вас ја имал контролата за така да се работи, односно да не се работи во РЕК Битола?

Друго, зборувате за влошена економска состојба. Господине Бучковски, Извештајот на Европската унија, Извештајот на ММФ, извештаите на Светската банка говорат сосема спротивно. Оваа година Република Македонија ќе доживее раст на БДП, што вашата Влада го сонуваше многу, меѓутоа не го исполни.

За да не должам повеќе, ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Димовски.

Контра реплика има господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван колега Димоски, како прво, во изминатиот период седеше овде каде што е празно местото еден пратеник од опозицијата, едно време беше ваш, па не беше ваш, кој не пропушти пратенички прашања, тоа е Спире Мавроски, да не праша нешто за РЕК Битола. Ако е точно ова што вие го говорите, ќе беа сменети 2004 година најмалку тројца директори, 2005 година уште тројца, 2006 уште двајца. Тоа е лага. Ако сметате дека десет пати повторената лага ќе направи вистина, не бива, како што не може да биде вистина дека сте направиле економски бум. Еве, јас ви тврдам СДСМ да останеше на власт ќе имаше раст како што планиравме 6%, ама нема, нема 6% од вашата Влада.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Господине потпретседател, госпоѓо министер, дами и господа пратеници,

Искрено мислам дека не го искористивме баш најдобро овој ден, можевме многу подобро да го искористиме. После онаа енергија, после онаа политичка волја што ја демонстриравме, мислев дека дефинитивно ќе се откажеме од оваа наша стара навика цел ден да дебатираме за прашања кои можат мног покусо да се решат и многу порационално. Мислам дека не испративме добра порака веднаш после она што се случи исклучително убаво, пријатно, независно што беше тоа договор меѓу четворица лидери на големите политички партии и Парламентот демонстрираше капацитет и мислев ќе продолжиме со тој тренд и дека денес ќе испратиме уште една порака до Брисел, до оние кои ја оценуваат нашата работа и се разбира до граѓаните. Но јас така мислев. Се разбира, овде е плурализам, сосема природно е ние меѓу себе да се натпреваруваме и убедуваме, а апсолутно легитимна е интерпелацијата како инструмент на политичка контрола од Собранието врз извршната власт и тука нема никаква дилема. За мене е сосема нормално, независно што предмет на интерпелацијата беше продажбата на ТЕЦ “Неготино” како можност да се проговори за вкупната работа на министерот за економија и тоа не е грев, министрите секогаш треба да одговараат пред пратениците за својата работа на секоја седница, особено кога се поставуваат пратенички прашања, а кога се отвора тема за интерпелација уште повеќе имаат одговорност да ги информираат и пратениците и јавноста за својата работа. Меѓутоа, мислам дека ова беше денес промашена тема. Промашена тема од две причини. Прво, се случува многу доцна зад една исклучително успешна година за сферата на економијата. Рекоа пред мене неколку колеги, ако се случуваше најпозитивно за време на мандатот на оваа Влада и во текот на оваа година, можеме да говориме дека тоа се случуваше во сферата на економијата. Дали случајно или намерно, госпоѓа Рафајловска е министер за економија. Како се врши функцијата на министер за економијата, овде многу искрено пред вас признав кога се говореше за довербата на Владата и мислам дека многу прашања од тогаш тргнаа во позитивна насока, а ресорот е чувствителен, премиерот излезе на избори и ВМРО-ДПМНЕ најмногу со најмногу ветувања и најмногу заложби од сферата на економијата. И имате посебна одговорност. Тоа го разбирам, тоа премиерот постојано го повторува во секоја прилика и веројатно насира малку повеќе, јас би рекол со двете очи, што се случува таму во тој ресор, малку повеќе да речеме отколку во другите ресори, а би рекол и со право.

Според тоа, мислам дека полека станува автономна министерката за економија во донесувањето на одлуките во водењето на ресорот и тоа е резултат на взаемната поддршка, мислам и начинот и разбирањето за начинот како треба да се води тој ресор. Затоа имате во Владата поделени задолженија меѓу замениците премиери за земјоделство, образование, економија итн, за она што е најчувствително за Македонија, за спроведување на Рамковниот договор, онака како што премиерот и Владата оцениле и се разбира политичките партии кои го имаат парламентарното мнозинство и ја поддржуваат Владата дека најдобро треба да се организира таа Влада. Мислам дека тука малку ќе можеме да најдеме забелешка во начинот на функционирањето на Владата и особено во последно време како се води ресорот економија. Ако беше така како што од овде неколкумина од опозицијата ја обвинуваат министерката, немаше да биде и тема на оваа седница денес, значи покажа автономност со целиот ризик да дојде во прашање нејзиното место како министер за економија, што би рекол нашиот народ покажа снага и енергија дека сака да одлучува и да сноси одговорност за сферата која што ја води, во овој случај Министерството за економија.

Второ, мислам дека заправо ТЕЦ “Неготино”, начинот на менаџирањето на продажбата на ТЕЦ “Неготино”, говори во прилог на ова што досега го говорев. Значи не е добар пример за лошото работење на министерката и на Министерството, напротив, добар пример и затоа мислам дека е промашена тема. Се покажа, независно од се што се случуваше, од чинот на поништувањето на стариот тендер, па како се распиша новиот тендер, како се водеше целокупната постапка, јас мислам дека ќе се согласите дека најважно е како се заврши работата. Не е за Макијавели, но целта ги оправдува средствата. Во овој случај за мене е суштествено дека не дојде до штета на сметка на државата, се водеше голема грижа. Некој ќе рече ќе видиме дали нема да дојде до голема штета, има суд итн, ќе тужат. Одлично се заштити Владата со една клаузула во Договорот дека си зема за право Владата со учесниците на тендерот и договорните страни се согласиле, во секој момент може да го прекинат тендерот. Тоа е спас, практично Владата си обезбедува за себе

аргументи во случај некој да побара утре штета и според тоа мислам дека тоа е и добро направен договор.

Конечно, ако се постигне целта, а јавноста во Република Македонија тоа го оправда дека во овој момент, независно какви биле проекциите порано, за Македонија е апсолутно добро тој капацитет да остане во државна сопственост заради новите констелации на односи и енергетската состојба во регионот, стратегијата итн, говорам за регионот, европските директиви. Значи сепак конечно непродавањето или несклучувањето на договорот за продажба на ТЕЦ "Неготино" е добра работа, па според тоа не постои основ за политичка одговорност, а функцијата на интерпелацијата е таа, да се утврдат аргументи за политичка одговорност.

За конкретниот случај, јас сум убеден дека не постои ниту еден основ министерката Рафајловска да поднесува политичка одговорност. Напротив, имавте можност навистина да видите и во јавноста, односот на јавноста, фит бекот на расположението на граѓаните беше исклучително позитивен. Значи Владата смогна сили да се преиспита.

Јас не говорам дека нема грешки, нема совршени. Или ангели, ангели има само во приказните, но реалниот живот е многу суров, има многу противречности. Според тоа и можеби имало грешки во постапката, може да имало и незнаење и недоследност, но за мене е најсуштествено на крајот Владата да дојде до сознание дека во овој момент за државата е корисно, ако не употребам еуфемизам, помалку штетно да се продаде капацитетот. Ќе покаже времето, ќе покаже сигурно развојот на настаните, но дефинитивно е јасно дека во овој момент постапката, одлуката на Владата е апсолутно исправна и тоа се прифати со огромно мнозинство кај граѓаните на Република Македонија.

Мислам дека ако сакаме целата оваа приказна да биде успешна, можеме да говориме ако имаме јасна стратегија во сферата на енергетиката. Ако долгорочно Македонија има стратегија - еве се обидоа и МАНУ и една, и друга, и трета Влада, но како што гледате, ние не дојдовме до стратегија за развој на енергетскиот сектор во државата. Значи треба да се концентрираме, да не трошиме снаги и енергија во она што едни го почнаа на еден начин, други го довршиле на друг начин.

Конечно, мислам дека мораме да признаеме сите заедно дека ќе треба многу поодговорно да се однесуваме и како опозиција и како парламентарно мнозинство, независно кои во моментов се на власт, ако сакаме да обезбедиме подолгорочна стабилност на енергетскиот сектор во Република Македонија. Апсолутно се согласувам со тоа дека ние меѓу себе заправо ќе си ги бараме сите забелешки за да докажеме дека сме поуспешни како политичка партија. Функцијата на опозицијата е да биде коректив во работењето.

Искрено да ви кажам, сакам да бидам искрен пред вас, да ви кажам дека јас од денешнава седница можам да извлечам политички бенефит за партијата, за пратеничката група, за министерката и се разбира за Владата во целина, затоа што ние овде од различни аспекти и се разбира и се разбира од различни стојалишта и политички интереси поразговаравме многу отворено и многу аргументирано за едно од најчувствителните прашања со кои ќе се соочи Република Македонија во иднина, за енергетиката. Јас тука не гледам ништо лошо но ќе завршам, не ме убедивте, не ми дадовте многу аргументи објективно да размислувам во насока дека ќе треба да има политичка одговорност за една работа која што е квалитетно завршена, која што јавноста ја прифаќа со задоволство, која што укажува дека Владата и министерот се во состојба секој момент да се преиспитува за своите одлуки. Можеби ќе тргнат по некоја друга насока, но дефинитивно одлуката е таа која што се памти. Ако говориме според народната мудрост дека крајот го краси делото, јас мислам дека крајот во врска со целокупната процедура за продажбата на ТЕЦ "Неготино" и порано и сега оди во прилог на тезата дека Владата во овој момент направи навистина многу добар потег со тоа што се откажа од продажбата на ТЕЦ "Неготино".

Мислам дека за некои елементи кои овде беа оспорувани од правен аспект како и на кој начин треба да се дојде навистина до квалитетна постапка за водење на тендер, јас ги следам, бидејќи сум човек кој што од почетокот на повеќепартискиот систем е пратеник во ова Собрание, знам дека сите влади се обидуваа, сите министри се обидуваа да направаат урнек како треба да се води тендерска постапка во случај на продажба на објекти, но како што гледаме немаме успешна транзиција како држава. Една од причините е и таа. Нема да ни трае бескрајно долго транзицијата, еве кај нас 17 години, ако имавме јасна стратегија на самиот почеток. Не обвинувам ниту една влада, јас мислам дека не направивме концентрација на знаење, на ум, па ако сакате и политичка волја. Често пати се калкулираше многу повеќе со политичкиот бенефит, отколку да речеме со економските ефекти што ќе се случат во било која сфера, сега говориме за енергетиката.

Според тоа, сите заедно имаме одговорност за тоа што не направивме стратегија, сите заедно имаме одговорност и што не водиме многу транспарентна постапка во водењето на тендер и на таа основа кога реков пред малку дека извлекувам поука, дека сега веќе имаме сосема јасна цел пред себе, мислам дека имаме и доволно знаење дека можеме, еве имаме и политичка волја, се она што ќе биде во иднина како постапка за водењето и распишувањето на тендерите, ќе бидеме многу поумешни, повешти. Според тоа, во конкретниот случај можеби има слабост, ама јас сум сигурен дека кај министерката нема апсолутно никаква

злоупотреба. Слабости во водењето на постапката. И што е најважно, за нас, за наши услови, кога се гледаме со посебна опсервација и посебен фокус од европските и светските фактори во сферата на криминалот и корупцијата, тука апсолутно крајно одговорно е водена целокупната постапка од министерот за економија.

Очекувам за сите можни слабости да разговараме, ама да не се обвинуваме, да не се дисквалификуваме. Нели рековме, уште и донесовме резолуција, ќе разговараме и малку покултивирано, ќе имаме меѓу себе малку повеќе почит. Без аргументи да се обвинуваме, да се дискредитираме, мислам дека испраќаме лоша порака. Не говорам за политичката комуникација, говорам за елементарната човечка комуникација меѓу нас. Она што беше изречено, навредите, дискредитацијата на името на министерката, апсолутно не беше основано, дури мислам дека повеќе говори за тие луѓе што тоа го говорат и за нас кои се бавиме со политика секогаш основниот судија и најголемиот арбитр секако се граѓаните и тие ќе бидат на следните избори. Рече меѓу нас некој од колегите, ако навистина оваа Влада, оваа власт, овие политички партии што сега влегоа и ја формираа Владата не работат добро, ајде да одиме на предвремени избори па народот нека каже. Можеме и така, нели? Тогаш луѓето ќе кажат. Ама знаете како бегате, како ѓавол од темјан од предвремени избори и не сакате ни да слушнете.

(Реакции од опозицијата)

**Бесим Догани:** Ве молам, немојте да дофрлувате од место колеги.

**Тито Петковски:** Според тоа, да не се надмудруваме меѓу себе. Интерпелацијата е повод да се разговара отворено за сите прашања, меѓутоа, дајте да имаме малку барем доблест наша колегијална, па да кажеме во сферата на политиката не е се дозволено. Не можеме да живееме во уверувањето дека тоа е највалканата работа и дека ние не можеме ништо да придонесеме таа да биде многу покоректна.

Во таа насока сакав да ве замолам да се уважуваме малку повеќе и пообјективно да ги цениме околностите кои во моментот се основ за проценувањето на одговорноста на еден носител на јавна функција.

Да заклучам, јас гледам дека има слабости и во водењето на постапката и на претходната и на оваа Влада, но апсолутно не гледам никаков основ за одговорност на министерот за економија во услови кога единствената светла точка пред мене, неколкумина кажаа, во Извештајот на Европската комисија е посочена токму економијата. Сами да си говориме против себе да си ги намалуваме шансите, да си ја влошуваме позицијата пред луѓето во Брисел, мислам дека не е коректно.

Според тоа, почитувани колеги, очекував искрено во една таква атмосфера вие да ја повлечете интерпелацијата, но еве, се одлучивте по неа да разговарате и мислам дека исходот не заради парламентарното мнозинство, може министерот и некои пратеници ќе гледаат сосема поинаку, ќе го оценуваат, но мислам дека исходот од оваа наша денешна дебата треба да биде дека не треба да ни биде модел натаму како треба да расправаме за прашања кои немаат никакво значење во моментот за македонското доближување кон Брисел. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Петковски.

Реплика има господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин потпретседател,

Сакав да му реплицирам во неколку сегменти на претходниот дискутант. Во неговата дискусија тој се осврна на тоа дали седницата требаше да се одржи денес или не.

Почитуван господин Петковски, ние не ја закажавме седницата да биде денес, седниците ги закажува претседателот на Собрание и затоа не можете и не смеете да не обвинувате нас како опозиција зошто за денес е закажана седницата со интерпелацијата на министерката Рафајловска.

Во вашиот говор кажавте дека полека министерката за економија госпоѓа Рафајловска станува автономна. Знаете колку време помина од именувањето на Владата? После година и пол станува автономна? Тоа е грешка. Таа води ресор кој е многу битен за Република Македонија и таа треба самостојно да одлучува.

И во нејзиното излагање и во вашето кажавте дека Комисијата можеби направила грешка. Се сеќавате дека еден управен одбор беше 30 дена во притвор затоа што донесе одлука, Управниот одбор на ОХИС. Каде е одговорноста на Комисијата за тоа што донела погрешна одлука за да биде во притвор. Ако сакаме да одиме кон Европа и ако сакаме да имаме едно видување на настаните, на правна држава, тогаш требаше и овие луѓе кои донеле таква одлука да бидат во притвор.

На крајот од вашето излагање спомнавте дека Извештајот на Европската комисија е позитивен за Република Македонија во однос на енергијата. Јас би ви цитирал дел од Европскиот извештај за енергијата: “Сигурноста во снабдувањето: во оваа област земјата не е доволно подготвена, резерви на нафта има само за 52 дена во Бирото за стоковни резерви”.

“Нафта, резерви за нафта има само за 52 дена во Бирото за стокови резерви. Државна помош за реструктуирање на индустријата за јаглен во оваа обалст, земјата не е доволно подготвена. Обновлива енергија, подготовките во оваа област се во тек. Енергетска ефикасност, во оваа област не е подготвена. Или севкупно, се на се, земјата не е доволно подготвена”.

Затоа, почитуван господине Петковски, знаеме дека вашата министерка и министерката во Валдата на Република Македонија мораше да биде и поавтономна и по описна. И на крајот на

краиштата да ја понесе одговорноста за сето она што го има направено Комисијата.

**Бесим Догани:** Реплика има пратеникот Блерим Беџети, повелете.

**Блерим Беџети:** Благодарам.

Јас во мојата реплика ќе реплицирам на еден елемент, кој што според мене е многу значаен, имајки предвид дека господинот Петковски во прв ред е и претседател на партијата, претседател на партија која што е партнер во Владата. До колку е така, како што рековте вие, дека целата јавност го оправда актот на непотпишување, ете и јас сум еден од оние кој што го оправда тој акт на непотпишување.

Меѓутоа, секој студент на Правниот факултет студент кој што ја завршил првата година знае дека покрај кривичната одговорност која што се предвидува во текот на вршењето на функцијата, има и политичка одговорност и целата таа ршомонијада која што се случи дали во својство на претседател на партија, каде што сте еден од трите значајни столба на ова парламентарно мнозинство, дали мислите дека вредеше сето тоа, целата таа работа, тендерска комисија, транспарентно рекламирање и транспарентна работа, многу успешен бизнис кој што ќе биде во добивка на целата земја и на крајот, да се оправда тоа од целата јавност и никој, дури без да се истакне тоа првото, мислите дека не треба да сноси политичка одговорност. Јас ве молам, нема да апстрахирам кој може да има и дилеми во конкретниот случај, меѓутоа, мислам дека политичката етика на политичката одговорност од позиција на претседател на партија како столб на владината коалиција треба да сносите врз вашите рамења, дури вие како политичка партија во овој случај да има политичка одговорност, затоа што ова не е приватна работа на само овие три политички партии, или пак, само на вашата партија. Тука се работи за државен капацитет, каде што сите граѓани на Република Македонија гледаат нешто во нивна полза, или пак нешто што е во нивна загуба.

Значи, ве повикувам на елементот на политичка одговорност во овој случај господине претседател Петковски.

**Бесим Догани:** Контра реплика има господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Господин Беџети, ако се случеше да се потпише договорот во вакви околности за какви што разговаравме, бидете сигурни дека госпоѓа Рафајловска ќе сносеше политичка одговорност. НСДП ќе ја повикаше на политичка одговорност. Благодарам.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам господине Петковски.

Реплика има господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Господине Петковски, вашата министерка треба да си замине, бидејќи иако ја води економијата, ресорот економија, на 10.10. 2007 година, верувале или не, изјавила цитирам: сите прашања за ТЕЦ Неготино упатете ги кај Ставрески. Како да е таму некоја личност во Владата, која што туристички се однесува и доаѓа само колку да си земе плата и т.н. Но за нас како ЛДП главен архитект и главен конструктур на целата фела е оној човек кој што поради ова вчера во Брисел, го нарекуваат “мистер тендер”, тоа е господинот Ставрески.

Сакам да ми одговорите, дали сметате дека Владата е во право кога на 3.01.2007 година ни кажува цитирам: државата нема доволно средства да го гради објектот и да инвестира во него. Доброто менаџирање не може да дојде од државата, затоа што се покажа дека таа не е добар менаџер во такви објекти. Го цитирам господинот Ставрески. За да портпаролот после одлуката ни кажува дека е одлучено дека е најцелисходно Термоцентралата да остане во рацете на државата, односно да работи како дел од енергетскиот систем. Значи таква промена може само да се окарактеризира како промена каде што се инфлангрантно фатени во корупциски скандал. Но портпаролот , на крај ни кажува дека нема ништо страшно, тоа е позната практика во сите земји и не би требало да има никакво негативно влијание овој тендер, поништувањето на тендерот врз потенцијалните странски инвеститори, цитирам.

Сакам да ве прашам, дали вие сметате дека ова нема влијание врз потенцијалните странски инвеститори, кога прво ги терате да даваат финансии, да се спремат за тендери, а потоа им велите, видете, бидејки нашата фирма не победи, нема ниту една да ја добие, бидејки не може да ни ги даде парите што треба да ги добиеме и не важи тендерот и џабе сте одвоиле средства и напор и т.н. Ова за мене не е инвест ин Македонија, ова е дом инвест ин Македонија, бидејки вака јас сметам лично дека вие инвеститорите нема да ги донесете и т.н. Сакав да ве запрашам дали вие сметате дека е овој начинот на кој што се носат инвеститори во Република Македонија.

На крајот, изгубив опклада со моите колеги од пратеничката група, мислев дека ќе станете во стилот на мојот колега Ружди Матоши, ќе удрите на говорницата и ќе кажете, до колку коалициските партнери подржат интерпелација за мојата министерка, ќе падне Владата и јас ќе ја напуштам Владата. Меѓутоа, сфативте дека тие ќе ви кажат да, тоа е добра идеа, напуштете ја Владата, ние тоа одвај го чекаме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Жерновски.

Контра реплика има господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Господине Жерновски, политиката е премногу сериозна работа, не е играрија како што вие ја сфаќате, детска забава. Мислам така и демонстриравте политика. Со жестока реторика, со дискредитација и дисквалификација. Конечната цел е само да се понижи политичкиот конкурент.

Второ, бидејки нема многу време, поставивте три прашања. Дали е добра пораката. Мислам не е добра пораката за странските инвеститори, не беше добра ни порано. Кога се започна, а не се заврши постапката.

Трето, зошто се повикувам. Меѓутоа мислам дека штетата е многу помала на начинот на кој што се заврши. Мислам дека имаме сили, имаме волја и сга знаеме како да ја поправиме грешката.

Трето, повикувањето на господинот Ставрески од страна на министерката е природно, бидејки тој беше претседател на тендерската Комисија.

Четврто, мислам дека ставовите може да се менуваат, но дефинитивно е најважна конечната одлука. Може да има грешки пред тоа. Да нема грешки, одлуката е добра.

**Бесим Догани:** Збор има госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван потпретседателе, господа пратеници, јас ќе почнам со една пословица, која често пати ја повторуваме, а тоа е дека: По утрото денот се познава и притоа, не мислам на денешниот ден, туку мислам на стратегијата или отсуството на стратегија на оваа Влада во областа за која цел ден дискутираме, а тоа е енергетиката.

Сакам да кажам дека она што сега ни се случува и со ТЕЦ Неготино и со сите состојби во енергетиката, е всушност, само директна последица, слика и прилика на хаосот кој што владееше во главите на првите луѓе кои ја бранеа политиката на ВМРО-ДПМНЕ , особено во делот на енергетиката.

Само да се потсетиме, ова е Влада во која првите енергетичари до пред 16-17 месеци велеа се даваме, само ништо не смее да се приватизира во енергетиката. Кажаа не за приватизација на дистрибуцијата, кажаа не за приватизација на електраните и како посебно прашање сеуште и по изборите тврдеа дека Термоелектраната Неготино не треба да се приватизира. Не требаше ништо повеќе, само да се помине 5 јули, за да одеднаш преку ноќ се сменат сите нивни политики и ставови, ама сите по ред. Одеднаш, ТЕЦ Неготино можеше да се приватизира, ама и тогаш водеа сметка, но кажаа ќе го приватизираме, ама ќе имаме сепак, мнозинство акции во рацете на државата. Па после велеа ќе се приватизира, ама барем 20% ќе зачува државата. На крајот, ни 5, ни 20, ни 50, 100% се понуди на продажба.

Ваквата ршомонијада е присутна до ден денес. И истите луѓе кои денеска тврдат од ВМРО-ДПМНЕ дека дистрибуцијата не треба да се приватизира, во својата Национална програма за усвојување на европското право, испратена до Европската комисија, кажаа дека Владата до крајот на годината ќе усвои анализа за моделите на приватизацијата на остатокот од енергетскиот систем. Значи пред избори не сакаа ништо да приватизираат. Пред избори сакам само да организирам ново формирани и одеднаш исчезнати невладини организации кои ќе се бунат против приватизацијата. Првата тројка енергетска на ВМРО-ДПМНЕ ќе оди на емисии и ќе вели никако не смее ништо да се приватизира. И одеднаш ќе дојдат изборите и ќе се стави друга лента. И од тој момент натаму за Владата на Груевски сите опции се отворени. И се може да се приватизира. Сличното однесување ќе продолжи и околу тендерот. Се сеќавате дека првиот тендер сметаа дека не може да биде реализиран, само заради тоа што 100% -тни биле акциите. Потоа го повторија истиот, вклучително и со грешка во преводот за англиски. Условите на тендерот, практично и да немаше никакви услови, ниту за вработените, ниту никакви услови во поглед на заштитата на животната средина. Имаше една реченица која сите потенцијални инвеститори знаат дека ништо не значи. А тоа е дека ќе се води сметка инвеститорот треба да гарантира дека стандардите вакви такви ќе се почитуваат. Ништо конкретно. Денеска, ваквата активност продолжува и во хидропотенцијалите. Се сеќавате дека Владата ги понуди и се фалеше дека понуди 200 локации за изградба на хидроелектраните. Пред некој ден имавме прилика да го чуеме господинот Чинговски кој денеска можеби нема многу сојузници, но по 6 месеци гарантирам дека сите негови денеска неприфатливи идеи за министрите ќе станат реалност. Тој излезе во јавноста и вели: нема да инвестираат, туку ние како држава ќе инвестираме во хидроелектраните, па потоа ќе ги продаваме.

Што сакам да кажам? Сакам да кажам дека ршомонијадата има голема цена. Затоа денеска нашата дискусија не е само дискусија за ТЕЦ Неготино. Денеска сакаме да укажеме на тоа дека има големи проблеми во овој сектор. А од неговото функционирање, зависи нашиот животен стандард, зависат сегашните и идни инвестиции, зависи развојот на нашата економија. Затоа мислам дека денеска треба да дадеме одговор на две прашања. Прво е, дали има проблем, а второ е кој е виновникот за овој проблем.

Би сакала прво да говорам за приватизацијата на ТЕЦ Неготино, која беше директен повод за оваа интерпелација. Вие се сеќавате на изјавата на премиерот на Владата дека Владата одлучи дека најдобар понудувач е конзорцијумот предводен од ХАЧ. И кога во прв момент Владата доби некои непосакувани прашања, прашања кои не ги планираше, Зоран Ставрески во духот на својот владин шеф кажа: одлуките на Владата се извршни. Коментирајте што сакате, зборувајте што сакате, одлуките на Владата се извршни. Замислете, каков безобразлук кога ќе се земе предвид што се се случува во овие два месеца. Во тој момент сеуште владееше праксата во Владата да се сликаат колективно. Сеуште успеваат да се соберат и да најдат сила да се насмеат и да кажат имаме зад себе многу добар инвеститор и сеуште цел август, се до средината на септември госпоѓата Вера Рафајловска, министер за економија тврдеше следно. Сега цитирам многу прецизно: нема никакви пречки да се потпише купопродажниот договор за

Термоелектраната Неготино. Ова го потенцирам заради тоа што тие денеови имав прилика сосема случајно и со неа директно да разговарам. И добронамерно и сугерирав дека треба да биде внимателна и дека работите очигледно не се такви какви што изгледаат на прв поглед. Не знаев дали ги имаат сите информации, меѓутоа сметав дека оној кој одлучува треба да знае. Единствената причина за доцнење која ресорниот министер ја кажа беше годишните одмори. Значи, годишните одмори во изјава за медиуми, госпоѓата министер за економија вели дека била причината. Нема никаков проблем со документите. Кога стигна првиот изненадувачки удар од страна на Стејд департментот, се поставија првите незгоди прашања од Европската банка за обнова и развој, господинот вице премиер имаше само еден единствен одговор: го драфтираме одговорот. Господинот Зоран Ставрески 4 месеци го драфтира одговорот и не ни кажува ништо. Затоа денеска на оваа седница не е тој. Иако како претседател на тендерската Комисија, која според негови зборови, претпоставувам дека работела добро, можеше да дојде овде и да понуди некои одговори. Неговото отсуство се говори. Затоа на 1 октомври откако веќе излегоа на површина сите податоци, Владата тврди и сега исто така, цитирам: Владата има верифицирани документи дека конзорцијумот е составен од овие 4 компании. Верифицирани документи. Е па ајде да видиме зошто денеска не можеме да ги добиеме овие верифицирани документи. Знаете зошто? Затоа што на 20 септември госпоѓата министер за економија најпосле се одлучи да ги бара документите, а непосредно пред тоа излезе овој документ кој го падна тендерот. И денеска можете да кажувате што сакате, дека министерката не потпишала, заради тоа што била принципиелна и подржана од својот партиски шеф. Ова е виситнската причина зошто тендерот не заврши успешно. Затоа што некој друг, а не вие исто така можеше да добие документ од тендерската докуметација кој на две места потврдува дека структурата на конзорцијумот, ако е конзорцијум во прашање, мора да биде позната и за тој конзорцијум мора да има документи. Тоа е госпоѓо министер вашата одговорност како член на тендерската комисија, што дозволивте една компанија да го помине вашиот филтер и притоа, да не ги има основните документи за да биде квалификувана. Знаете како, ако вие госпоѓо министер не сте знаеле, има кој знаел. Уште на 15 октомври господинот Чинговски вели: конзорциумите затоа и се создаваат. Еден дава пари, друг дава свој референции, трет дава управување, а четврт го знае пазарот. Ете госпоѓо министер одговор на сите ваши дилеми овие месеци. Едниот член на конзорцијумот имал пари со непознато потекло, едниот конзорциум имал врски, т.е. фамилија и едниот имал пари кој што можел да ги даде и малку порано за време на изборите. Ете таа е виситната позади конзорцијумот кој што вие сметавде дека е легитимен и легален.

Веќе зборував дека истата компанија која што вие дозволивте да биде прворангирана и за која Владата даде зелено светло и ден денеска ќе имаше потпишан договор, да не беше јавноста и опозицијата и медиумите. Наместо годишен обрт од 400 милиони евра услов во вашиот тендер, во 2003 година имала 500 илјади евра обрт. Сепак сте ги пуштиле. Тоа е компанија за оние кој што немале прилика да читаат многу на темата, во која што се вработени три лица: мајка, татко и син. Непозната бугарска компанија, со уште пинепознато потекло на средства со огромен износ, наеднаш како подарок за завршени услуги, претпоставувам, добива најголем можен капацитет енергетски во Македонија во последните години.

Во обид, министерката за економија да излезе од оваа тешка состојба, во денешнава интерпелација тврдеше дека капацитетот на второ пласираната компанија, според анализите на енергетските експерти од тендерската Комисија, е невозможен да се реализира во постојниот енергетски систем.

Значи, според вашите зборови всушност бугарсиот квази Хач бил единствениот кој што можел да се квалификува, а овие другите СЕНКАП не биле квалификувани. Зошто госпоѓо министер ги пуштивте да влезат во втора фаза, ако не ги задоволувале условите од тендерот. И како е возможно компанија која добила зелено светло од страна на Европска банка, од страна на Рајфајзен банка да има црвено светло од страна на нашата тендерска комисија со познати екперти. Зошто не сметавте дека ѕвони за узбуна госпоѓо министер, кога сопствениците или менаџментот на Хач изјави дека немаат поим за никаква нивна инвестиција во Македонија. Зарем тоа не ви беше доволен знак дека нешто треба вие да сторите, а не опозицијата. Зошто не реагиравте тогаш кога канадската амбасада во Белград коментираше дека ако има канадска инвестиција, тие би знаеле за неа. Зарем тоа не ви беше добар индикатор? Зошто госпоѓо министер сите одлуки на Владата ги носевте по полноќ. Зошто во владините ходници мораше да бидат присутни и партиските шефови за да постигнете не експертски, не стручен политички став, туку да постигнете коалиционен компромис. Она што овде беше спомнато, сакам и јас да го истакнам прашањето на гасоводот. Според првите информации во Владата инвеститорот не само што ќе плател милион, не само што ќе инвестирал во нова постројка каква што нема никаде во светот тој сопственик, туку ќе изградел дури и гасовод кој ќе го користат сите градови на патот на дадената трансверзала. После месец дена, не поминаа 30 дена кога вашиот комисиски шеф господинот Ставрески отиде до Русија, се врати од Русија и кажа дека државата успеала да исфинансира, да обезбеди финансирање на тој гасовод преку расчистување на рускиот долг, или тоа беше исто така дел од пакетот, дека бугарите ќе ветат гасовод, а потоа Македонија од своите вратени пари од долговите ќе го исфинансира гасоводот. И на крајот, зошто ако се било чисто, зошто

госпоѓо министер кога одлучивте дека прво рангираниот не ги задоволува вашите услови, зошто не се примени основното правило кај тендерите, да ја понудите на вториот? Тука верувајте можеби тоа не беше ваша вина, можеби луѓето од Владата кои го преговарале на големо уште минатата година овој дил, знаеле дека не можат да поминат, освен вака со поништен тендер. Ако желбата на Владата беше да се продаде ТЕЦ Неготино, затоа што вие велевте дека немате пари да се гради нова постројка, зошто тоа не им се овозможи на второ рангираните или, ако имаат сите документи, тогаш ќе ја добие Хач и тогаш ТЕЦ Неготино не и е потребна на Македонија. Ама ако ги нема сите документи нашиот бугарски пријател, тогаш наеднаш без ТЕЦ Неготино Владата не може да живее. Каде е тука економската логика, каде е тука почитување на правото и каде е тука прин ципот за кој сите вие многу сакате да говорите, а малку да го применувате, а тоа е дека Владата ќе се однесува кон сите исто. Јас претпоставувам дека и потпретседателот ќе се однесува со сите исто и ќе ги замоли нестрпливите пратеници да бидат малку повнимателни.

**Бесим Догани:** Ве молам, господине Мисовски, седнете на своето место.

**Радмила Шеќеринска.** Јас знам дека пратеничката група на НСДП треба да преговара со ДПА, ако може пратениците да ја напуштат седницата за да не гласаат против нивниот министер, ама бидете поспокојни, на пауза можете да преговарате.

Ајде да видиме што ни се случува. . .

**Бесим Догани:** Господине Мисовски немојте да дофрлувате од место, дозволете и на госпоѓа Шеќеринска да зборува.

**Радмила Шеќеринска:** Политичките маргиналци кои до денеска не говореле, слободно можат да одат на избори, нема да поминат во месна заедница.

**Бесим Догани:** Ве молам, госпоѓо Шеќеринска, не фрлајте бензин на огнот.

**Радмила Шеќеринска:** Се согласувам.

Јас би се вратила на темата, ако дозволат.

**Бесим Догани:** Колеги, дали може да не зборувате вие, туку госпоѓа Шеќеринска да зборува.

**Радмила Шеќеринска:** Господа пратеници цел ден сте отсутни од салава. Доколку немате трпение отворено е.

Пред само неколку месеци Владата преку своите истурени играчи ни тврдеше дека во следните три, четири години 2010, 2011 година Македонија ќе станела нето извозник на електрична енергија. Претпоставувам дека вицепремиерот кој ја кажа таа спасоносна формула, не знаел дека енергетиката не е иста со правењето спотови. И дека ако каже ударничка мисла од типот: Утре вие сите треба да се чувствувате подобро, на никој граѓанин нема да му биде полесен животот. Исто е и во енергетиката, ако кажете за три, четири години ние ќе бидеме нето извозник на електрична енергија, треб нешто да изградите, а не да кажете и после да заборавите. Господинот вице премиер не знае дека само за една термоелектрана во најдобар случај потребни се 3, 4, 5 години изградба, за хидроелектраните шест или седум. Ајде да видиме што ќе се случува во Македонја во 2010, или 2011 година, Што ќе се случува со сегашниот тренд во кој Македонија се помалку произведува, а се повеке извезува. Првите луѓе на Владата тврдеа дека ќе ја зголемат улогата на Осломеј. Осломеј, господа пратеници, практично и не работи. Тврдеа дека, или се надеваа на добра хидрологија. Замислете, се надевала Владата на добра хидрологија. Е па, поради таа лажна надеж на Владата македонските езера се исушени. И нема електрична енергија од нив само поради лошата политика на Владата во Секторот енергетика.

Госпоѓата Дулиќ, вака треба да се крие со книгата кога поминува покрај неа господинот Тито Петковски. Верувам дека не и е згодно да го гледа во очи. Меѓутоа, нека не се крие со книгата да не ја видат граѓаните дека единственото што прави е само се смее.

**Бесим Догани:** Госпоѓо Шеќеринска имате уште дополнителни две минути. Повелете.

Господа пратеници од лева, десна страна и од средна страна, ве молам, допуштете и да зборува уште две минути. Само две минути трпение.

**Радмила Шеќеринска:** Господине потпретседател, ова е добра стратегија.

**Бесим Догани:** Дами и господа пратеници, ако не можете да се стрпите две минути, тогаш јас ќе побарам пауза до утре сабајле.

Повелете госпоѓо Шеќеринска, дополнителни две минути.

**Радмила Шеќеринска:** Како резултат на ваквата работа на Владата, јас нема да се сложам со тезата дека договорот не е потпишан и заради тоа нема штета. Има огромна штета, госпоѓо минситер и господа пратеници. Доволно е само да погледнете што се случи во оваа година и да видите дека во Македонија наместо да работи РЕК Битола и РЕК Осломеј така како што треба, ние имаме потреба да го дуплираме производството во ТЕЦ Неготино кое произведува електрична енергија по шест пати поскапа струја. Само заради тоа што овој тендер ви зема непотребно година ипол, се прогласи за неуспешен, очигледно е дека Владата нема да оди на уште еден тендер и очигледно е дека таму нема да има инвестиција од дополнителни 500 мегавати само заради тоа Македонија ќе увезува дополнителни милиони евра струја. Само со годишно производство на таа електрана која заради вашите бизнис и криминални интереси не се гради Македонија ќе губи 300 милиони евра годишно по денешни цени, а камо ли следната година и понатаму.

Госпоѓата министер денеска се ни кажа и мислам дека не мора многу да коментираме. Ако си го поставам главното прашање, кој е виновник,

немам дилеми. Се работи за ВМРО-овски проект. Не е ова проект на госпоѓата министер. Се работи за ВМРО-овски врски, се работи за ВМРО-овска фамилија, и се работи за ВМРО-вски интереси. Се гледа дека денеска ниту еден припадник на парламентрното мнозинство освен НСДП, не застана во одбрана на министерката. Денеска министерката за економија ги имаше следните три реченици: Јас сум само еден од многуте членови на тендерската комисија. Тендерската комисија има претседател и не одлучив јас, одлучи Владата. Со тоа госпоѓата Рафајловска ни кажа дека одговорноста треба да ја бараме на вистинското место во Владата.

И последната реченица, Владата беше фатена во криминал 100 : 0. На крајот на утакмицата сака да каже дека го предава мечот. Господа пратеници оваа Влада го изгуби мечот и го изгуби тестот и на чесност и на криминалот. Госпоѓата Вера Рафајловска треба да ја понесе одговорноста затоа што беше соучесник.

**Бесим Догани:** Реплика има министерката за економија.

**Вера Рафајловска:** Многу убаво зборувате госпоѓа Шеќеринска меѓутоа, добро е и да работите, бидејќи само со политика не се живее, туку треба и со работа. Едно кажавте за потпишување на договорот, меѓутоа, не докажавте што ви кажав во кој случај ќе го потпишам. Значи, тоа го премолчивте.

Втора работа, ако толку сакавте да се градат енергетски објекти, имавте толку многу години, па требаше да ги изградите, дури и ТЕЦ да го изградите.

Трета работа, ако мислевте за енергетскиот сектор ќе донесевте стратегија за енергетика, па не ја донесовте. Ние сега работиме. И јас како минситер за економија кога дојдов на чело на тој ресор се зачудив како Влада и како држава дека немаме стратегија за енергетски развој. И оваа стратегија ја работиме до 2030 година. Значи, немојте да ги извртувате вистините. Дајте сите заедно таму каде што треба да се заложиме и да работиме. Ако се обвинуваме ништо нема да направиме.

Тоа што се однесува до хидрологијата, кажавме дека се објавени тендерите за малите хидроцентрали. Меѓутоа, немојте се она што не се направи за сите овие години да го префрлате сега за овие 15 месеци. Ве молам, немојте, не е тоа така. И колку да сакате да го докажете, не е така.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо министер.

Контра реплика има госпоѓа Радмила Шеќеринска.

**Радмила Шеќеринска:** Блгодарам.

Госпоѓо министер од социјалистички флоскули не се живее. И се согласувам треба да се работи. Јас во мојот мандат имам резултат. Вашиот резултат, за жал ќе бидат година и половина потрошено време за да се сработи ништо. Во тие четири години кои толку лесно ги критикувате не спомнувате дека само производството на РЕК Битола беше поголемо од вкупното производство во сите термоелектрани денес. Кој е за тоа виновен? Опозицијата или вие? Не спомнувате дека хидроелектраните кои што беа понудени на тендер од јуни кога се одлучи кој ќе ги добие концесиите до ден денес не можат да добијат договор за концесија за вода. Па кој е виновен? Опозицијата? Или тоа е вашата популарна бизнис клима која очигледно е зимска, се е смрзнато и се стои.

**Бесим Догани:** Реплика има господинот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Почитуван колега, и вас ке ве обвинат дека госпоѓа Радмила ви е слаба страна, како мене некој што ме обвинуваше надвор од салата, но тоа го ставам на тие што обвинуваат. Јас сакам да се сконцентрирам на она што беше денешнава дебата и да бидам искрен да и одговорам на госпоѓа Радмила, дека јас сум еден од тие кој дебатата ја следеше преку малите екрани и апсолутно не чувствувам хендикеп за тоа. Би сакал на крајот на оваа дебата да расчистиме една дилема, бидејќи госпоѓа Шеќеринска е потпишана како последна на оваа инерпелација, а генерално, односно главно интерпелацијата се темели на продажбата, условно на ТЕЦ Неготино. Ако добро се сеќаваме и затоа сакам да расчистиме овде на крајот, ако може една дилема, ако се најдеме на исто. Ако добро се сеќаваме додека траеше тендерот тој настан стана најцрн, или најматен, како сакате. И за тоа е свесна и македонската јавност. Откако министерката госпоѓа Вера Рафајловска не го потпиша тендерот, тој настан стана најбел, докажан од 11 уредници на највлијателни медиуми во Република Македонија. Исто така, тоа е факт. Еве, затоа и вас сакам на крајот да ве прашам, дали не мислите, не сакам цврсто да застанам во одбрана на министерката. Госпоѓа Вера Рафајловска со тој чин не застана во одбрана на инересите на Република Македонија. Впрочем тоа така беше оценето и од македонската јавност. Јас тоа така го гледам. И затоа мислам дека можеби беше подобро денеска да ја немавме оваа дебата. Значи, уште еднаш сосема одговорно, објективно, не субјективно прашувам, дали со тој чин госпоѓа Вера Рафајловска не застана во одбрана на интересите на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Пред да и дадам контра реплика на госпоѓа Шекеринска, да ви одговорам на вашето процедурално прашање во почетокот на зборот. Вашето процедурално, така почнавте, за моите слаби страни. Јас можеби сам сум слабичок, ама немам слаби страни. Слаба страна ми е што се обидувам кон сите пратеници да бидам ист колку што е можно во ова Собрание и да го почиктувам деловникот максимално.

Контра реплика госпоѓа Радмила Шеќеринска.

**Радмила Шеќеринска:** Така течеше нашиот разговор со министерката Рафајловска пред неколку месеци. Кога јас ја прашав дали е 100% сигурна дека договорот е кристален? Таа ми кажа:

да, и затоа ќе го потпишам. Госпоѓата министер не го потпиша договорот не заради интересите на граѓаните. Ако беше загрижена за нив, ќе го дигнеше совјот глас против договорот во јуни, јули и август. Не го потпиша договорот тогаш кога стана јасно дека некој ако го потпише ќе оди во затвор. Госпоѓата Вера Рафајловска помеѓу својата слобода и интересите на Владата, го избра првото. И јас за тоа и честитам. Ама да не ја мешаме честа со стравот. Госпоѓата Вера Рафајловска беше сериозно предупредена дека таа ќе ја носи одговорноста.

**Бесим Догани:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на гласање ве известувам дека интерпелацијата се смета за прифатена ако за неа гласале мнозинство од вкупниот број пратеници.

Преминуваме на гласање. Интерпелација за работата на министерот за економија госпоѓа Вера Рафајловска ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

**Бесим Догани:** Не може господине Бучковски да се повтори гласањето.

Идниот пат, наместо да довикувате од место, гласајте.

Гласаа 67 пратеници. Од нив 26 гласаа за, воздржани нема, против гласаа 41 пратеник.

Констатирам дека Собранието не ја прифати интерпелацијата за работа на министерот за економија госпоѓа Вера Рафајловска.

Ја заклучувам Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Утре, во 11,00 часот продолжуваме со 65-та седница. Ви благодарам.

(Седницата со работа заврши во 20,49 часот)